Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас ГОМАГАС Скопје со државна сопственост,
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror GOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 03-583011
02 11 2026 год. viti.
Скопје-Shkup



ПЛАН ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЕГЗИСТЕНЦИЈА

Гасна интерконекција помеѓу Северна Македонија и Грција

ЗЕМЈА:
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Датум:
Април 2026

ИЗРАБОТЕНО ОД:
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИ И РЕВИДИРАНИ ВЕРЗИИ

Верзија	Датум	Изработил	Провер ил	Одобри л	Опис
A	25 Февруари 2026	СЕВЕРНА МАКЕДОНИ ЈА	Номагас		Нацрт верзија на План за обновување на условите за егзистенција
B	25 Април 2026	СЕВЕРНА МАКЕДОНИ ЈА	Номагас ЕБОР		Ревидирана верзија на Планот за обновување на условите за егзистенција
C	23 Јуни 2026	СЕВЕРНА МАКЕДОНИ ЈА			Конечна верзија на Планот за обновување на условите за егзистенција
D					План за обновување на условите за егзистенција за консултација

СОДРЖИНА

Извршно резиме ..... **Error! Bookmark not defined.**

1. Вовед ..... **Error! Bookmark not defined.**

2. Опис на проектот ..... **Error! Bookmark not defined.**

2.1 Преглед на проектот 4

2.2 Локација на проектот 5

2.3 Технички карактеристики 7

2.4 Проценка на алтернативите на Проектот за избегнување или минимизирање на влијанијата од недоброволното преселување 10

2.4.1 Избегнување и минимизирање на влијанијата од преселувањето 10

2.4.2 Алтернатива "Без интервенција" 11

2.4.3 Избрана алтернатива 12

2.5 Преостанати влијанија од откупот на земјиштето 14

2.6 Права за земјиштето и потреби од земјиштето за проектот 14

2.7 Корисници на закупот врз основа на договори со кои управува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) 19

3. Правна и стратешка рамка ..... **Error! Bookmark not defined.**

3.1 Применливи закони и прописи на Република Северна Македонија 24

3.1.1 Права на сопственост врз земјиштето и класификација на земјиштето во Северна Македонија 24

3.1.2 Преглед на клучните закони и прописи 25

3.1.3 Постапка за стекнување на земјиште и други средства 27

3.1.4 Надоместок поврзан со стекнување на земјиште и други средства 30

3.1.5 Помош за ранливи лица 31

3.1.6 Ограничувања во користењето на земјиштето во текот на оперативната фаза 31

3.2 Барања на ЕБОР 32

3.3 Барања на ЕИБ 33

3.4 ГАП анализа 33

4. Методологија за изработка на Планот за обновување на условите за егзистенција ..... **Error! Bookmark not defined.**

4.1 Преглед 44

4.2 Постапка на откупот на земјиште 44
4.3 Собирање податоци за Планот за обновување на условите за егзистенција 44
4.4 Анализа на податоци за Планот за обновување на условите за егзистенција 50
4.5 Утврдени ограничувања 54
5. Социоекономска основа ..... **Error! Bookmark not defined.**
5.1 Преглед 55
5.2 Социо-економска анализа – кабинетско истражување 55
5.3 Наоди од социо-економското истражување на засегнатите сопственици на земјиште 60
5.3.1 Социо-економско истражување – Демографски профил на испитаниците 60
5.3.2 Родови улоги и донесување одлуки во домаќинството 64
5.3.3 Сопственост и користење на земјиштето 66
5.3.4 Средства за егзистенција и извори на приходи 68
5.3.5 Услови за живеење во домаќинствата и пристап до основни услуги 75
5.3.6 Резиме на наодите од истражувањето на сопствениците на земјиште во однос на нивните перцепции, очекувања и приоритети 77
5.4 Матрица за класификација на ранливоста 80
5.4.1 Критериуми за класификација на ранливоста 81
5.4.2 Распределба на домаќинствата според ранливоста (проценета класификација) 81
5.4.3 Структура на ранливоста 83
5.5 Користење на земјиштето врз основа на истражувањето спроведено при теренската посета на проектната локација 83
5.6 Користење на земјиштето врз основа на наодите од клучните информативни интервјуа (KIIs) и фокус-групните дискусии (FGDs) 98
5.7 Влијанија од проектот и претпочитани мерки за обнова 103
6. Подобност и права на надомест ..... **Error! Bookmark not defined.**
6.1 Преглед 107
6.2 Критериум за подобност 107
6.3 Краен датум 111
6.4 Права на надомест 112
6.5 Матрица на правата на надомест 114

7. Мерки за обновување на условите за егзистенција ..... **Error! Bookmark not defined.**

7.1 Преглед 119

7.2 Програми за обновување на условите за егзистенција 121

8. Вклучување на засегнатите страни и механизам за поплаки .... **Error! Bookmark not defined.**

8.1 Анализа на засегнатите страни 124

8.2 Планирано ангажирање на засегнатите страни 124

8.3 Објавување на информации 126

8.4 Механизам за поплаки 127

9. Аранжмани за спроведување, временска рамка и буџет ..... **Error! Bookmark not defined.**

9.1 Преглед 131

9.2 Улоги и одговорности 131

9.3 Временска рамка за спроведување 132

9.4 Управување со промени 134

9.5 Следење, евалуација и завршување 134

10. Прилози ..... **Error! Bookmark not defined.**

Прилог 1 139

Прилог 2 139

Прилог 3 139

Прилог 4 139

Прилог 5 139

Извршно резиме

Овој План за обновување на условите за егзистенција е изготвен за проектот Гасна интерконекција помеѓу Северна Македонија и Грција, во согласност со Политиката за животна средина и социјални аспекти на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и Барањата за изведба од 2019 година, особено БИ5 – Стекнување на земјиште, ограничувања во користењето на земјиштето и присилно раселување.

За реализација на Проектот е потребно привремено и трајно стекнување на земјиште за изградба на гасоводот, надземните постројки, блок станици, пристапните патишта и придружната инфраструктура. Овој План ги утврдува принципите, критериумите за подобност, правата на засегнатите лица, мерките за обновување на условите за егзистенција, механизмите за поднесување и решавање на претставки, институционалните одговорности, рамката за мониторинг и буџетот кои се потребни за да се обезбеди дека засегнатите лица ќе бидат обесштетени по трошок на замена и дека нивните услови за егзистенција ќе бидат обновени најмалку на нивото пред започнувањето на Проектот.

Планот се применува на земјиште во приватна сопственост, државна сопственост и комбинирана (државна и приватна) сопственост, кое е предмет на привремено зафаќање, воспоставување на службеност (право на службеност) или трајно стекнување (трајна експропријација). Посебно внимание е посветено на ранливите домаќинства, жените, постарите лица и земјоделците чии приходи и економска состојба се засегнати од Проектот.

1. Вовед

Целта на овој План за обновување на условите за егзистенција е да обезбеди лицата засегнати од Проектот (да не бидат ставени во понеповолна положба како резултат на спроведувањето на Проектот и нивните услови за егзистенција да бидат обновени во согласност со Политиката за животна средина и социјални аспекти и Барањата за изведба од 2019 година на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), особено БИ5, кое се однесува на стекнување на земјиште, ограничувања во користењето на земјиштето и присилно раселување. Планот ги утврдува мерките за ублажување на економското раселување кое произлегува од стекнувањето на земјиште.

Белниго Консалтинг („Давател на услуги") е ангажиран од ТСГ Индустри Сервис ДООЕЛ Скопје („Компанијата") да изготви План за обновување на условите за егзистенција, во согласност со условите, барањата и стандардите на ЕБОР, за Проектот гасна интерконекција помеѓу Северна Македонија и Грција („Проектот") на територијата на Република Северна Македонија.

Гасоводот ќе се протега од границата помеѓу Северна Македонија и Грција, во близина на селото Идомени и градот Гевгелија, до постоечката блок станица БС8, лоцирана во близина на градот Неготино. Вкупната должина на гасоводот на територијата на Република Северна Македонија ќе изнесува приближно 66,7 км.

Вкупната површина опфатена со Проектот изнесува приближно 174 хектари, при што најголемиот дел (околу 75 %) се наоѓа на земјиште во државна сопственост. Влијанијата од стекнувањето на земјиште ќе бидат трајни или привремени. Повеќе информации за потребите на Проектот во однос на земјиштето се дадени во Поглавје 2.6 – Права врз земјиштето и потреби за земјиштето за Проектот. Проектот може во согласност со законските прописи, да побара од Владата на Република Северна Македонија (ВРСМ) да го прогласи земјиштето за земјиште од јавен интерес и да ја иницира постапката за експропријација во име на Проектот. Преселувањето се однесува и на физичко раселување (преместување или губење на живеалиште) и економско раселување (губење на имот и/или губење на пристап до имот, што резултира со губење на извори на приходи или други средства за егзистенција), кои произлегуваат од стекнувањето на земјиште или ограничувањата во користењето на земјиштето поврзани со Проектот. Во контекст на овој План за обновување на условите за егзистенција посебно внимание е посветено на економското раселување и на обврската да се обноват или каде што е можно, да се подобрат условите за егзистенција и животниот стандард на засегнатите лица, во согласност со Барањето за изведба 5 (БИ 5) на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Преселувањето се смета за неволно кога засегнатите поединци или заедници немаат законско право да го одбијат стекнувањето на земјиште или ограничувањата во неговото користење поврзани со Проектот. Оваа ситуација може да настане кога земјиштето се стекнува преку задолжителни законски постапки или преку спогодбено договарање при што страната што го стекнува земјиштето,

доколку преговорите не успеат, може во крајна линија да пристапи кон законска експропријација.

Како дел од постапката на изработка на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти во 2022 година беше изработена Рамка за политиката за стекнување на земјиште и преселување. Рамката за преселување ги утврдува основните принципи и пристапот за управување со стекнувањето на земјиште, преселувањето и обновувањето на условите за егзистенција во ситуации кога поради фазата на развој на Проектот, се уште не може прецизно да се утврдат обемот, размерот или временската рамка на стекнувањето на земјиште или ограничувањата во неговото користење.

Во декември 2025 година, по обезбедувањето подетални информации за Проектот, беше започната изработката на овој План за обновување на условите за егзистенцијата. Целта на планот е да ја документира постапката на стекнување на земјиште и преселување, како и да ја покаже посветеноста на Носителот на проектот за соодветно управување со влијанијата врз лицата кои се засегнати од Проектот, во согласност со важечкото национално законодавство и Добрата меѓународна индустриска практика во областа на неволното преселување. Овој план ги опфаќа приватните парцели засегнати од Проектот, како и парцелите во државна сопственост.

Овој План за обновување на условите за егзистенцијата е насочен кон справување со влијанијата поврзани со економското раселување што произлегува од реализацијата на Проектот. Проектот не предвидува физичко преселување, а најголемиот дел од постапките за експропријација веќе се спроведени. Преместувањето ќе се избегнува секогаш кога тоа е изводливо. Во случаи кога избегнувањето не е можно, соодветни мерки за домаќинствата кои би биле физички раселени ќе бидат вклучени во релевантните плански документи за преселување во согласност со применливите стандарди.

Примарната цел на овој План е да ги обнови, а каде што е можно и да ги подобри, условите за егзистенција и животниот стандард на лицата засегнати од Проектот до нивото пред реализацијата на Проектот, како и кога тоа е изводливо, да ги подобри нивните социоекономски услови. За потребите на овој план, лица засегнати од Проектот се лица или правни субјекти кои трпат економско раселување, односно ќе претрпат целосно или делумно губење на извори на приходи, активности за обезбедување егзистенција, имот или пристап до имот, како директна последица од реализацијата на Проектот.

Во согласност со методологијата опишана во Поглавје 4 и врз основа на информациите достапни во моментот на изготвување на овој документ, планот се применува на следните категории лица засегнати од Проектот:

- приватни сопственици на земјишни парцели кои се предмет на економско раселување

- закупци со признаени права (утврдени преку писмени или усни договори со сопствениците на земјиштето) кои користат приватни земјишни парцели засегнати од Проектот;
- неформални корисници на приватни земјишни парцели засегнати од Проектот
- концесионери на државни земјишни парцели засегнати од Проектот
- неформални корисници на државни земјишни парцели засегнати од Проектот

Овој План е документ што подлежи на континуирано ажурирање и ќе се разгледува и ажурира по потреба во текот на развојот и имплементацијата на Проектот.

Структурата на Планот е следна:

- Правна и политичка рамка, вклучително и применливите стандарди
- Опфат и идентификација на лицата засегнати од Проектот
- Почетна состојба на условите за егзистенција
- Мерки за обновување на условите за егзистенција и рамка за правата;
- Организација на спроведувањето, следење и известување

2. Опис на Проектот

Проектот опфаќа изградба на прекугранично интерконективен гасовод за природен гас помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција

Гасоводот ќе поминува низ земјоделско земјиште, пасишта, како и низ одредени парцели во приватна и државна сопственост. Во текот на изградбата се очекуваат привремени влијанија, додека трајните влијанија главно ќе се однесуваат на ограничувањата што произлегуваат од воспоставувањето на службеност (право на службеност).

2.1 Преглед на Проектот

Гасниот интерконектор Северна Македонија – Грција е прекугранично преносен гасовод за природен гас што го реализира Владата на Република Северна Македонија како дел од националната стратегија за развој на Националниот систем за гасификација.

Целта на Проектот е изградба на нова интерконекција за природен гас помеѓу Северна Македонија и Грција, со што ќе се подобри сигурноста на снабдувањето, ќе се диверзифицираат правците за увоз на природен гас и ќе се олесни интеграцијата на земјата во регионалните и европските енергетски пазари.

Северна Македонија располага со ограничени домашни енергетски ресурси и во голема мера зависи од увоз на енергија, при што се проценува дека зависноста од

увоз изнесува приближно 67 %. Националниот енергетски биланс во моментов е доминиран од нафтени деривати и цврсти горива, додека природниот гас има релативно мало учество во вкупната финална потрошувачка на енергија.

Согласно Националната стратегија за енергетика (2020–2025), се очекува улогата на природниот гас да се зголеми на среден рок, како што земјата постепено ќе ја намалува употребата на лигнит и ќе го зголемува уделот на обновливите извори на енергија, особено енергијата од ветер и сончевата енергија. Се очекува природниот гас да има улога на транзициско гориво кое ќе го поддржува процесот на декарбонизација на енергетскиот сектор до 2050 година, вклучително и обезбедување флексибилни производствени капацитети за балансирање на променливото производство од обновливи извори на енергија, како и снабдување со енергија на индустриските и комерцијалните потрошувачи.

Постоечкиот систем за пренос на природен гас во Северна Македонија главно се состои од една увозна рута од Бугарија и приближно 98 км преносен гасовод кој обезбедува снабдување со природен гас за Скопје. Иако проширувањето на националната преносна и дистрибутивна мрежа е во тек, земјата во моментов зависи од еден единствен коридор за снабдување.

Предложениот интерконектор ќе го поврзе македонскиот систем за пренос на природен гас со грчката гасна мрежа, овозможувајќи пристап до дополнителни извори и правци за снабдување со природен гас, вклучително и регионалните преносни системи и инфраструктурата за увоз на течен природен гас. Проектот ќе претставува составен дел од Националниот систем за гасификација.


2.2 Локација на Проектот

Гасоводот ќе се протега од границата помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција, во близина на селото Идомени и градот Гевгелија, до постоечката Блок станица БС 8, лоцирана во близина на градот Неготино.

Вкупната должина на гасоводот на територијата на Северна Македонија ќе изнесува приближно 66,7 км. Трасата на гасоводот е избрана така што ги следи технички изводливите коридори, при што каде што е можно, се избегнуваат еколошки и социјално чувствителните подрачја.

Проектот е лоциран во југоисточниот дел на Северна Македонија и поминува низ територијата на следните четири општини:

- Гевгелија
- Богданци
- Демир Капија
- Неготино



Слика 2-1 Локација на македонскиот дел од гасниот интерконектор Грција – Северна Македонија. Приближно 67 км долгата траса на гасоводот се протега од границата помеѓу Грција и Северна Македонија, во близина на Гевгелија, до постоечката Блок станица БС 7 во близина на Неготино, при што поминува низ општините Гевгелија, Богданци, Демир Капија и Неготино. На сликата исто така се прикажани и главните населени места, транспортната инфраструктура и административните граници кои се релевантни за подрачјето на проектот и Планот за обновување на условите за егзистенција.

Трасата генерално го следи коридорот на Вардарската долина и поминува низ претежно земјоделски предели, карактеризирани со обработливо земјиште, лозови насади, овоштарници, пасишта и рурални населени места. Коридорот на Проектот се вкрстува со повеќе катастарски општини и земјоделски површини каде што е потребно стекнување на земјиште и привремено зафаќање на земјиште за потребите на изградбата и функционирањето на гасоводот.

Табела 2-1 Клучни карактеристики на локацијата на проектот

Картографски елемент	Опис
Траса на Проектот	Приближна траса на македонскиот дел од гасниот интерконектор Грција – Северна Македонија, која се протега од границата помеѓу Грција и Северна Македонија, во близина на Гевгелија, до блок станицата БС-7 во близина на Неготино.
Општински граници	Општини низ кои поминува коридорот на Проектот, вклучително и Гевгелија, Богданци, Демир Капија и Неготино.
Засегнати катастарски општини	Катастарски општини лоцирани во рамките на коридорот за стекнување на земјиште и изградба, каде што се идентификувани влијанија поврзани со Проектот врз земјиштето и условите за егзистенција.

Населени места	Главни населени места лоцирани во или во непосредна близина на коридорот на Проектот, вклучително и Гевгелија, Богданци, Стојаково, Миравци, Демир Капија, Неготино и други засегнати заедници.
Транспортна инфраструктура	Главна транспортна инфраструктура во подрачјето на Проектот, вклучително и автопатот А1/Е75, регионалната патна мрежа и меѓународниот железнички коридор.
Хидрологија	Реката Вардар и нејзините притоки го карактеризираат пределот на Проектот и влијаат врз локалните земјоделски активности и начините на користење на земјиштето.
Меѓународна граница	Државна граница помеѓу Северна Македонија и Грција, која ја означува јужната влезна точка на интерконекторот.
Земјоделски површини	Претежно земјоделско земјиште, кое опфаќа обработливи површини, лозови насади, овоштарници, пасишта и други продуктивни рурални начини на користење на земјиштето релевантни за проценката на условите за егзистенција.
Подрачје на влијание на Планот за обновување на егзистенцијата	Географско подрачје опфатено со планирањето на обновувањето на егзистенцијата, кое ги вклучува подрачјата за стекнување на земјиште, привремените зони за изградба, пристапните патишта и соседните подрачја каде што може да се појават влијанија врз условите за егзистенција.

2.3 Технички карактеристики

Проектот опфаќа изградба и функционирање на високопритисочен преносен гасовод за природен гас со номинален дијаметар DN700 (28 инчи). Гасоводот ќе биде поставен на минимална длабочина од приблизно 1 м по целата должина на трасата, освен на местата на вкрстувања и други локации каде што согласно инженерските и безбедносните барања може да биде потребно поголемо длабинско поставување.

Покрај гасоводот ќе биде инсталирана заштитна цевка за оптички кабел, кој ќе овозможи комуникација, следење и оперативна контрола на системот.

Главните технички карактеристики на гасоводот се

- Дијаметар на гасоводот: DN700 (28")
- Должина на гасоводот: приблизно 66.7 км
- Начин на поставување: подземно
- Материјал на гасоводот: челик со висока цврстина
- Комуникациска инфраструктура: заштитна цевка за оптички кабел

Компоненти на Проектот

Проектот ќе ги вклучува следните главни компоненти:

- Подземен преносен гасовод за природен гас
- Заштитна цевка за оптички кабел инсталирана долж трасата на гасоводот
- Чистачки станици (приемна и отпремна чистачка станица)
- Редукциска станица за намалување на притисокот

- Блок-станици
- Систем за катодна заштита

Надземните инсталации ќе бидат ограничени на оперативни објекти потребни за безбедно и сигурно функционирање на гасоводот.

Главните надземни објекти и нивните приближни стационажи се прикажани во Табела 2-2.

Објектите ќе бидат проектирани во согласност со применливото национално законодавство и релевантните европски и меѓународни стандарди за инфраструктура за пренос на природен гас.


Општ опис на трасата

Гасоводот ќе започнува од границата со Грција, во близина на селото Идомени и градот Гевгелија. Крајната точка ќе биде на постоечката блок станица (Блок станица БС 8) во близина на градот Неготино – види ја картата на трасата во Табела 2-2.

Проектот опфаќа подземен гасовод, чистачки станици (отпремна и приемна чистачка станица), редукциска станица за намалување на притисокот, блок станици и единици за катодна заштита, како што е прикажано во табелата подолу.

Табела 2-2 Подземни и надземни објекти на Проектот

Опис	Должина или стационажа
Гасовод DN700 (28"), заштитна цевка за оптички кабел	Должина: 66.7km
Чистачка станица (приемна/отпремна)	6+735km
Чистачка станица (приемна)	66+055km
Редукциска станица за намалување на притисокот	66+275km
Блок Станица I1	6+860km
Блок станица I2	28+730km
Блок станица I3	51+160km
Блок станица I4/ I5	66+440km
Единица за катодна заштита 1	6+860km
Единица за катодна заштита 2	27+830km
Единица за катодна заштита 3	51+060km



Слика 2-2 Мапа на трасата на гасоводот

По целата должина на трасата, гасоводот се вкрстува со надземна и подземна инфраструктура, како и со водни тела, што е прикажано во Табела 2-3 подолу:

Табела 2-3 Преглед на вкрстувањата на гасоводот долж трасата

#	Тип на вкрстување	Количина
1	Железница	1
2	Патишта	
	Локални патишта	7
	Регионални патишта	4
	Автопат	4
	Неасфалтирани патишта	141
3	Водни тела	
	Реки	18
	Канали	26
4	Подземна инфраструктура	
	Нафтовод	6
	Телекомуникациски кабли	12
	Водоводни цевки	42
	Канализациски цевки	2
	Цевки за наводнување	5
	Подземни енергетски кабли	2
5	Далекуводи	
	0.4kV	2
	10kV	10
	35kV	6
	110kV	6
	4000kV	7

2.4 Проценка на алтернативите на Проектот за избегнување или минимизирање на влијанијата од недоброволното преселување

Целта на ова потпоглавје е да се покаже усогласеноста со хиерархијата на мерки за ублажување на влијанијата на ЕБОР, според која проектите треба најпрво да ги избегнат влијанијата, а кога избегнувањето не е можно, да ги минимизираат и ублажат влијанијата од Проектот, како и да докажат дека влијанијата поврзани со преселувањето не биле случајни, туку биле внимателно разгледани во текот на развојот на Проектот.

2.4.1 Избегнување и минимизирање на влијанијата од преселување

Во процесот на проектирање на Проектот се даде приоритет на избегнување и минимизирање на влијанијата поврзани со стекнување на земјиште и преселување, секогаш кога тоа било технички и економски изводливо. Избегнувањето на физичко раселување претставуваше еден од основните критериуми применети при изборот на трасата и локацијата на гасоводот и придружните објекти.

Во текот на процесот на избор на траса и инженерското проектирање, беа применети и дополнителни принципи. Тие вклучуваа максимално користење на

земјиште во државна сопственост, каде што тоа било можно; минимизирање на потребата од стекнување на земјиште во приватна сопственост и земјиште што го користат закупци; избегнување на еколошки и социјално чувствителни рецептори. Посебно внимание беше посветено на намалување на потенцијалните влијанија врз повеќегодишни земјоделски насади, подрачја чувствителни од аспект на биодиверзитетот, станбени зони и населени места, како и локации со значење за културното наследство.

Анализа на алтернативите на Проектот беше спроведена во рамките на Студијата за изводливост изготвена од НОМАГАС во јануари 2019 година, со цел да се утврди технички изводлива, еколошки и социјално прифатлива траса на гасоводот. Проценката на алтернативите опфати повеќе можни опции за трасата и ги оцени според низа критериуми, вклучувајќи ја техничката изводливост; безбедносните барања; еколошките ограничувања; социјалната чувствителност и импликациите од експропријацијата на земјиштето.

Резултатите од оваа проценка придонесоа за изборот на преферираната траса на гасоводот и локацијата на придружните објекти. Сепак одредени технички, безбедносни, регулаторни и еколошки ограничувања ја ограничија можноста за дополнително избегнување на потребата од стекнување на земјиште.

Целокупната релевантна документација, придружните податоци и деталната анализа на алтернативите се презентирани во рамките на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти и соодветната проектна документација.

2.4.2 Алтернатива „Без интервенција“ („Do Nothing“)

Како што е опишано погоре, Гасниот интерконектор Грција – Северна Македонија ќе го поврзе националниот систем за пренос на природен гас на Северна Македонија со грчката гасна мрежа, овозможувајќи диверзификација на изворите за снабдување со природен гас и подобрување на сигурноста на енергетското снабдување. Исто така, се очекува Проектот да го поддржи економскиот развој и да придонесе кон подобрување на квалитетот на воздухот преку зголемена достапност на природниот гас.

Со алтернативата „Без интервенција“ се претпоставува дека предложениот Проект нема да се реализира. Во ова сценарио:

- Диверзификацијата на изворите за снабдување со природен гас и севкупната сигурност на снабдувањето во националниот гасен систем ќе останат ограничени.
- Националните стратешки цели во енергетскиот сектор и планираните инвестиции ќе бидат негативно засегнати.

- Спроведувањето на Економскиот и инвестицискиот план на ЕУ за Западен Балкан ќе биде ограничено.
- Нема да се реализираат можностите за регионален и национален економски развој поврзани со зголемената достапност на природен гас.
- Потенцијалните подобрувања на квалитетот на воздухот преку замена на позагадувачки горива и идниот развој на комбинирани постројки за производство на топлинска и електрична енергија (CHP) ќе бидат намалени.
- Нема да се создадат можности за вработување во текот на изградбата или функционирањето на Проектот.
- Нема да се појават еколошки или социјални влијанија поврзани со Проектот, вклучително и влијанија поврзани со стекнување на земјиште.

Иако со алтернативата „Без интервенција" би се избегнале еколошките и социјалните влијанија поврзани со Проектот, таа истовремено би ја спречила реализацијата на значајни стратешки, економски и еколошки придобивки. Имајќи предвид дека очекуваните влијанија од Проектот се ограничени и можат ефикасно да се ублажат, алтернативата „Без интервенција" не се смета за остварлива опција.

2.4.3 Избрана алтернатива

Трасата на гасоводот беше избрана врз основа на сеопфатна проценка на алтернативите спроведена во фазата на изработка на Студијата за изводливост. Почетниот избор на траса се фокусираше на идентификација на потенцијални макрокоридори, при што клучните критериуми вклучуваа минимизирање на должината на гасоводот и усогласување со постојните инфраструктурни коридори, каде што тоа било изводливо.

Во фазата на детално проектирање за македонскиот дел од трасата, дополнително беа анализирани алтернативни траси со цел оптимизација на трасата на гасоводот, истовремено земајќи ги предвид еколошките, социјалните и културните ограничувања, како и обезбедувањето техничка изводливост и безбедност. Процесот на проектирање вклучуваше тесна координација помеѓу НОМАГАС, тимот за изработка на студијата за животна средина и социјални аспекти и инженерскиот проектантски тим, со цел навремено интегрирање на мерките за ублажување на еколошките и социјалните влијанија, како и примена на добри меѓународни практики за изградба.

При изборот на трасата приоритет беше даден на минимизирање на влијанијата врз населените места, инфраструктурата и корисниците на земјиштето. Станбените и урбаните подрачја беа избегнувани каде што било можно, со цел да се елиминира потребата од физичко раселување. На пример, значителни делови од гасоводот се наоѓаат на растојание од неколку стотици метри од урбаните подрачја на Гевгелија, Богданци, Демир Капија и Неготино. Дополнително, при изборот на трасата беше даден приоритет на користење на земјиште во државна сопственост наместо земјиште во приватна сопственост до најголема можна мера (види Табела).

Табела 2-2 Земјишни парцели засегнати со трајно и привремено стекнување на земјиште

Сопственост	Број на парцели засегнати со трајна експропријација				Број на парцели засегнати со привремено стекнување на земјиште/времена експропријација			
	Бр на парцели	% per parcel по парцела	Површина m2	% по површина	Број на парцели	% по парцела	Површина m2	% по површина
Приватна сопственост	394	40	88,873	17	841	44	225,634	18
Државна сопственост	582	58	370,548	73	1,048	54	938,491	76
Сосопственост државна/приватна	11	1	14,145	3	17	1	34,059	3
Компании	18	1	37,621	7	26	1	31,124	3
Вкупно	**1005**	**100**	**511,187**	**100**	**1,932**	**100**	**1,229,308**	**100**

Детална распределба по катастарска општина, вклучително и податоци за привремено и трајно стекнување на земјиште во m² и проценти (%), беше обезбедена од страна на носителот на Проектот и е прикажана во **Прилог 1.**

Беа преземени дополнителни напори за минимизирање на влијанијата врз рекреативното подрачје во близина на Демир Капија, вклучително и кампот Акватика и соседните рибници лоцирани на стационажа Km 52+490. Со цел да се избегнат потенцијалните влијанија врз кампот и соседните рибници кај Рибник Акватика, проектното решение вклучува примена на метод на подземно преминување без ископување на отворен ров, при што гасоводот ќе биде поставен под реката и под подрачјето на рибникот. Оваа мерка е посебно избрана за да се минимизира нарушувањето на постоечките начини на користење на земјиштето, водните ресурси и поврзаните економски активности. Дополнителни мерки за ублажување специфични за локацијата ќе бидат спроведени во текот на изградбата, согласно потребите, со цел да се обезбеди непречено функционирање на рибникот и придружните објекти.

Во текот на фазата на проектирање беа воведени и неколку измени на трасата, како одговор на барањата за урбанистичко планирање преку системот е-Урбанизам, како и препораките од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти и Министерството за животна средина и просторно планирање

Табела 2-3 Измени на трасата во текот на проектирањето

Стационажа	Причина за измена	Influence	Comment Коментар
4.5-5.0km	Преклопување со урбанистички планови	Социјално	Куќи во близина на Рудина
12.5 - 14.0km	Преклопување со урбанистички планови	Социјално	Куќи во с. Прдејци
15.0 17.0km	Избегнување на археолошки локалитет	Социјално, културно	Археолошки локалитет на стационажа 15+500
27.0 - 29.5km	Избегнување на археолошки локалитет	Социјално, културно	Археолошки локалитет на стационажа 28+000
33.5 - 42.0km	Преклопување со урбанистички планови	Социјално, биодиверзитет	Значајно подрачје за птици Демир Капија
50.0 - 52.5km	Вкрстување со река; избегнување на постоечка	Социјално, биодиверзитет	Рекреативни и велосипедски патеки, рибници и кампот Акватика

	инфраструктура		
55.0 - 60.0km	Избегнување на археолошки локалитет	Социјално, културно	Куќи во с. Пржде во и археолошки локалитет
64.0 - 67.4km	Преклопување со урбанистички планови	Социјално	Приватна инвестиција

2.5 Преостанати влијанија од откупот на земјиште

И покрај примената на мерки за избегнување и сведување на минимум на влијанијата во текот на постапката на проектирање и избор на траса, одредени влијанија поврзани со стекнување на земјиште и привремено користење на земјиштето беа неизбежни поради линеарната природа на гасоводот, како и поради поврзаните безбедносни и инженерски барања. Изградбата на подземниот високопритисочен преносен гасовод за природен гас бараше воспоставување на трајно право на премин; привремени работни подрачја за изградба долж коридорот на гасоводот; земјиште за надземни инсталации и придружни објекти.

Како резултат на тоа, за Проектот беше потребно стекнување на парцели во приватна сопственост и привремено користење на земјоделско земјиште за време на градежните активности, при што беа засегнати сопствениците на земјиште и корисниците на земјиштето во рамките на подрачјето на влијание на Проектот.

Во моментот на подготовка на овој План за обновување на егзистенцијата, процесот на стекнување на земјиште е во голема мера завршен или се наоѓа во завршна фаза. Целта на планот е согласно тоа да ги процени влијанијата што произлегуваат од стекнувањето на земјиште; да потврди дали надоместокот е обезбеден во согласност со применливото национално законодавство; да ги идентификува дополнителните мерки потребни за обновување или подобрување на условите за егзистенција на засегнатите лица, каде што е потребно, согласно барањата на ЕБОР БИ5.


2.6 Права за земјиштето и потреби од земјиште за проектот

За Проектот се неопходни различни видови права врз земјиштето, во зависност од инфраструктурната компонента. Земјиштето потребно за надземни инсталации, вклучително и блок станици и придружни оперативни објекти, генерално е предмет на трајно стекнување, поради оперативните, безбедносните барања и барањата поврзани со пристапот. Овие површини остануваат под контрола на Проектот во текот на целиот период на неговото функционирање и повеќе не се достапни за претходните начини на користење на земјиштето.

Спротивно на тоа, коридорот на подземниот гасовод вообичаено се обезбедува преку воспоставување на трајна службеност (право на службеност). Согласно овој аранжман, сопственоста останува кај засегнатиот сопственик на земјиштето, додека се воведуваат ограничувања за одредени активности како што се изградба на трајни објекти; длабоки ископи; садење дрвја. По завршувањето на санацијата и враќањето на земјиштето во првобитна состојба, земјоделските активности генерално може да

продолжат во рамките на подрачјето на службеноста согласно наведените ограничувања.

Дополнително, за време на изградбата е потребно привремено зафаќање на земјиште за работен појас, пристап на механизација и опрема, складирање на материјали и други активности поврзани со изградбата. Се очекува овие површини да бидат обновени и вратени во претходната состојба по завршувањето на градежните активности. Слика 2-3 прикажува шематски приказ на различните права врз земјиштето и барањата за земјиште поврзани со Проектот.



Слика 2-3 Права за земјиштето во врска со проектот и барања за земјиштето

Табела 2-4 Идентификувани потреби за земјиште – траса на интерконекторот

Категорија	Број на парцели	Површина (m²)	% од вкупна површина
Вкупна површина на проектот	1.128	1.740.495	100

Парцели во државна сопственост	566	1.306.895	75,09
Приватни парцели	531	367.399	21,11
Парцели со комбинирана сопственост (државна/приватна)	9	48.204	2,77
Парцели без утврдена сопственост	22	17.997	1,03
Статус на стекнување на приватно земјиште (заклучно со 01.12.2025)			
Вкупно приватни парцели	531	367.399	100
Целосно откупени парцели	499	297.506	80,98
Парцели во постапка на експропријација	32	69.893	19,02
Останати приватни сопственици/ косопственици	41	неприменливо	неприменливо
Државно земјиште под закуп (Министерство за земјоделство, шумарство и водосотпанство)			
Претходно закупени парцели	99	179.215	100
Статус	Сите договори за закуп се официјално раскинати	—	—

Табела 2-5 Карактеристики на проектот и резиме на влијанијата врз откупот/експропријацијата и користењето на земјиштето.

Карактеристики	Опис / забелешка	Вид на договор за земјиште	Ограничувања во користењето на земјиштето	Трајно или привремено влијание врз користењето на земјиштето
Гасовод	Подземен гасовод за пренос на природен гас под висок притисок со дијаметар DN700 (28 инчи), со приближна должина од 66,7 км, поставен под земја по целата должина на трасата.	Експропријација (приватно земјиште), административен пренос [1] (државно земјиште), право на службеност каде што е применливо	Оперативни и безбедносни заштитни зони; ограничувања за градба на трајни објекти во рамките на коридорот	Трајно влијание врз користењето на земјиштето во рамките на утврдениот коридор на гасоводот и безбедносните зони
Заштитна цевка за оптички кабел	Подземна инсталација (цевка) за комуникација и следење, поставена покрај гасоводот за потребите на оперативната контрола.	Опфатено во рамките на договорите/аранжманите за службеност или експропријација	Нема посебни површински ограничувања надвор од безбедносната зона на гасоводот	Трајна инсталација без дополнително површинско влијание врз земјиштето
Сопственичка структура на гасниот коридор	1.128 катастарски парцели: 566 во државна сопственост, 531 во приватна сопственост, 9 со мешана сопственост и 22 парцели без утврдено право на сопственост.	Експропријација или право на службеност	Ограничувања за користење дефинирани со договорите за право на службеност и безбедносните барања	Трајни или делумни ограничувања во зависност од статусот на парцелата
Статус на откуп (експропријација) на приватно земјиште	499 од вкупно 531 приватна парцела се целосно откупени (експроприирани); 32 парцели се во тек на решавање; преостануваат уште 41 засегнат сопственик/сосопственик.	Постапката за експропријација е во тек за преостанатите парцели	Парцели во тек на решавање кои подлежат на постапки за откуп (експропријација) и обештетување	Траен пренос на сопственоста на земјиштето по завршување на откупот (експропријацијата)
Парцели со мешана сопственост	9 парцели[2] со комбиниран државен и приватен интерес – мешана сопственост.	Договори за делба или постапки за решавање на катастарски состојби[3]	Права на користење дефинирани со договори	Трајно уредување на користењето на земјиштето
Земјиште во државна сопственост	566 парцели	Административен пренос (доделување) за потребите на проектот	Оперативни ограничувања во рамките на безбедносната зона на гасоводот	Трајно зафаќање на земјиште за потребите на функционирањето на проектот
Парцели без регистрирано право на сопственост	22 парцели	Правно регулирање на имотно-правниот статус пред почетокот	Користењето подлежи на катастарска потврда (верификација)	Решавањето е во тек

[1] Согласно член 9 од Законот за експропријација, се врши целосна експропријација, што значи дека сопственоста се одзема и се утврдува право на сопственост на Република Македонија. Согласно членовите 10 и 11 од Законот за експропријација, се врши делумна експропријација, односно се заснова право на службеност на определено време. Засновањето на правото на службеност на определено време го ограничува правото на сопственост.

[2] Една катастарска парцела може да има повеќе приватни сопственици, а може да биде и делумно во приватна и делумно во државна сопственост. „Катастарска парцела" е основна катастарска единица која претставува дел од земјиште со површина не помала од 1 m², дефиниран со граници, лоциран во една катастарска општина и кој припаѓа на конкретен носител (или носители) на правото на сопственост.

[3] Дел од овие парцели се во сопственост на државата, додека други се во сопственост на приватни сопственици. Бидејќи нема физичка делба, не се знае кој дел од парцелата кому му припаѓа, но имотниот лист содржи информации за тоа кој колкав идеален дел (сосопственички удел) поседува.

	на користењето на замјиштето за потребите на проектот		
99 парцели претходно земени под закуп од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (договорите се раскинати) (појаснето во следното поглавје 2.8.1).	Завршено раскинување на договорите за закуп	Нема преостанати договорни ограничувања	Земјиште расположливо за потребите на проектот
Чистачки станици (отпремна/приемна), станица за намалување на притисокот, изолационен блок станици, систем за катодна заштита.	Експропријација или распределба (доделување) на мали оперативни парцели	Оперативни безбедносни зони околу објектите	Трајно користење на земјиштето за оперативна инфраструктура
Безбедносни и оперативни заштитни зони на гасоводот; право на службеност (експропријација/право на поминување) каде што е применливо.	Договори за право на службеност или регулаторни ограничувања	Забрана за градба на трајни објекти во рамките на безбедносните зони; дозволено е ограничено користење на земјиштето (на пр. земјоделство, онаму каде што е компатибилно)	Трајни ограничувања во рамките на утврдените зони
Работен појас и пристапни рути	Договори за привремено зафаќање (закуп) на земјиште	Обврски за рекултивација (враќање во првобитна состојба) на земјиштето по завршување на градбата	

ге парцели каде што запишаниот сопственик е починат, преселен или на друг начин недостапен, а согласно член 29-а од Законот за експропријација, органот за н застапник одреден од страна на Адвокатската комора на Република Северна Македонија. Привремениот застапник ги штити правата и интересите на законските ите правила за наследување како и на сопствениците чие живеалиште или престојувалиште е непознато, се до донесувањето на решението за експропријација. ик се на товар на НЈМАГАС АД Скопје. До денес, по оваа постапка се обработени 35 катастарски парцели. Во вакви случаи моментално не се вршат исплати на ентификувани примателн кои ги исполнуваат условите; сепак, буџетските средства за експропријација се обезбедуваат на годишно ниво во рамките на , Скопје. По идентификувањето на законските наследници или повторното воспоставување контакт со преселените или отсутните сопственици, постапките за ријација продолжуваат и соодветно се вршат доспеаните исплати. Согласно член 18 од Законот за експропријација, правото на барање надоместок за застарува.

2.7 Корисници на закупот врз основа на договори со кои управува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Проектот поминува низ земјоделско земјиште во државна сопственост кое Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) го дава под закуп на физички и правни лица за земјоделско производство и други економски активности. Корисниците на закуп и концесионерите чии права на користење на земјиштето, земјоделското производство, остварувањето приходи или пристапот до ресурси за егзистенција може да бидат засегнати од Проектот се сметаат за Лица засегнати од проектот согласно овој План за обновување на условите за егзистенција.

За потребите на овој план, термините „концесионер", „корисник на закуп" и „закупец" се однесуваат на иста категорија Лица засегнати од проектот, односно физички или правни лица кои имаат права на користење на земјоделско земјиште во државна сопственост врз основа на договори со кои управува МЗШВ. Иако МЗШВ и поврзаните административни постапки вообичаено го користат терминот „концесионер", правниот однос се воспоставува преку договори за закуп. Согласно тоа, термините се користат наизменично во рамките на овој план.

Информациите добиени од МЗШВ утврдија договори за закуп на 99 катастарски парцели лоцирани во коридорот на Проектот, со вкупна површина од приближно 2.568.167 м². По верификацијата на засегнатите површини и разгледувањето на правниот статус на поединечните договори, утврдено е дека формални постапки за престанок на закупот биле потребни за 69 катастарски парцели. За преостанатите парцели или закупената површина не се преклопувала со делот засегнат од Проектот или договорот за закуп веќе бил истечен или на друг начин престанал да биде важечки.

Согласно Законот за земјоделското земјиште, се применуваат различни правни постапки во зависност од природата и времетраењето на влијанието на Проектот. За земјиштето што трајно е потребно за коридорот на гасоводот и придружните објекти, договорите за закуп се раскинуваат за засегнатиот дел од парцелата. За земјиштето што привремено е потребно во текот на изградбата, се воспоставува право на стварна службеност, додека договорот за закуп останува во сила.

Правната основа за овие постапки е утврдена во членовите 35 и 13-а од Законот за земјоделско земјиште. Членот 35 предвидува делумен престанок на договорите за закуп кога земјоделско земјиште во државна сопственост трајно се пренаменува за инфраструктура или објекти од јавен интерес, додека членот 13-а предвидува воспоставување права на службеност врз земјоделско земјиште во државна сопственост. Договорите за закуп склучени меѓу МЗШВ и корисниците на закупот изречно предвидуваат дека закупот може да престане да важи за земјиштето кое трајно го губи својот земјоделски статус поради изградба на инфраструктура или објекти од јавен интерес.

За засегнатите парцели, надлежните органи донесуваат Решенија за делумен престанок на договорот за закуп и/или Решенија за воспоставување право на службеност, согласно применливоста. Со овие решенија се определува засегнатата површина и се утврдува надоместокот што им следува на корисниците на закуп.

Кога договорите за закуп делумно се раскинуваат, средствата за надомест се уплаќаат од страна на НОМАГАС АД Скопје на сметка на МЗШВ, кое потоа го пренесува надоместокот на засегнатите корисници на закуп. Кога се воспоставува право на службеност, надоместокот го исплаќа директно НОМАГАС АД Скопје на корисникот на закуп. Во случаи на привремена службеност, договорот за закуп останува во сила и се применуваат само привремени ограничувања на користењето на земјиштето за време на периодот на изградба.

Табела 2-6 Приказ на државно земјоделско земјиште под закуп засегнато од проектот

Категорија: утврдена	Број / Површина	% од вкупна површина на парцелата
Вкупен број на парцели под концесија	99	–
Вкупна површина на концесиско земјиште (во државна сопственост)	2,568,167 m²	100%
Вкупна засегната површина (привремена + трајна)	179,215 m²	6.98%
Трајно засегната површина	54,159 m²	2.11%
Привремено засегната површина	125,056 m²	4.87%
Категорија: утврдена	**Број / површина**	**% од вкупна површина на парцелата**
Вкупен број на концесиски парцели.	69	–
Вкупна површина на концесиско земјиште (во државна сопственост)	2,066,246 m²	100%
Вкупна засегната површина (привремена + трајна)	148,066 m²	7.16%
Трајно засегната површина	44,757 m²	2.16%
Привремено засегната површина	103,309 m²	4.99%

Засегнатата површина претставува релативно мал дел од вкупната површина на земјиштето дадено под закуп. Во повеќето случаи, корисниците на закуп го задржуваат пристапот и правото на користење на незасегнатите делови од нивните закупени парцели. Корисниците на закуп биле информирани во текот на спроведувањето на постапките за престанок на закупот и воспоставување службеност, а до денес не се идентификувани значајни пречки во однос на продолжувањето на користењето на преостанатите незасегнати делови од закупеното земјиште.

За да се поддржи проценката на потенцијалните влијанија врз условите за егзистенција, Проектот ги разгледа достапните информации за корисниците на закуп кои користат земјоделско земјиште во државна сопственост засегнато од Проектот. Со разгледувањето беа идентификувани различни земјоделски активности, вклучително и лозарство, производство на житни култури, одгледување пченица, маслинови насади, производство на кајсии и објекти за аквакултура. Во

еден случај, иако договорот за закуп се уште е во сила, теренската проверка потврди дека насадот е напуштен и дека не се врши активно земјоделско производство.

Табела 2-7 Преглед на корисници на закуп (концесионери) на државно земјоделско земјиште

Концесионери	Катастарска парцела	Тип на култура (доколку е познато)
Концесионер 1	КП 1890/5; КП 1890/10; КП 1890/11; КП 1890/6; КП 1890/12 КО Тремник КП 878/1; СР 1031/1 КО Прджево КП 465/1; КП 431/1; КП 464/1; КП 460; КП 461; КП 457; КП 459; КП 456; КП 431/3; КП 448; КП 445/1; КП 444; КП 440; КП 462; КП 454; КП 455; КП 452; КП 453 КП 449 КО Дуброво	Иако постои закуп, насадот е напуштен, а земјиштето не се обработува
Концесионер 2	КП 471/3 КО Дуброво	Лозов насад
Концесионер 3	КП 1205/2 КО Демир Капија	Лозов насад
Концесионер 4	КП 1357 КО Демир Капија	Рибник
Концесионер 5	КП 439/2 КО Дрен	Лозов насад
Концесионер 6	КП 362 КО Чифлик	Лозов насад
Концесионер 7	КП 1887 КО Тремник	Лозов насад
Концесионер 8	КП 854 КО Тремник	Лозов насад
Концесионер 9	КП 854 КО Тремник	Лозов насад
Концесионер 10	КП 1274 КО Демир Капија	Лозов насад
Концесионер 11	КП 1254/1; КП 2158/10 КО Прдејци	Лозов насад
Концесионер 12	КП 2163/1 КО Прдејци	Лозов насад
Концесионер 13	КП 1559/12; КП 1559/19 КП 1559/23 КО Негорци	Поле со житни култури
Концесионер 14	КП 3661/2; КП 3661/4; КП 3682/35; 3682/37 КО Богородица	Лозов насад
Концесионер 15	КП 2057 КО Прдејци	Насад со пченица
Концесионер 16	КП 636/8; КП 638/1 КО Прдејци	Лозов насад
Концесионер 17	КП 3659 КО Богородица	Насад со маслинки
Концесионер 18	КП 1570/2; КП 1570/3 КО Богородица	Лозов насад
Концесионер 19	КП 866; КП 926 КО Петрово	Лозов насад
Концесионер 20	КП 867; КП 927 КО Петрово	Лозов насад
Концесионер 21	КП 900; КП 896; КП 874/2; КП 880; КП 1097; КП 1075; КП 1074; КП 1072; КП 1118; КП 1126; КП 1125; КП 1124; КП 1135; КП 1139/1 КО Тремник	Лозов насад /кајсии

Проценката на земјоделските култури, насадите и загубите во земјоделското производство е извршена согласно Методологијата за процена на средствата во земјоделството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/11). Методологијата применува стандардизирани пристапи за утврдување на вредноста на земјоделските средства и загубите во производството, користејќи официјални податоци за пазарните цени, просечните приноси на земјоделските култури и

пресметки на трошоците за земјоделско производство. Влезните параметри ги опфаќаа официјалните објави за цените на земјоделските производи на зелените пазари, пазарите на големо и сточните пазари, статистичките податоци за приносите на земјоделските култури и насади по општини, како и пресметките на трошоците за производство изготвени од Институтот за агроекономика при Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Засегнатите корисници на закуп биле информирани за активностите на Проектот и градежните работи преку комбинација од писмени известувања, директна комуникација од страна на Носителот на Проектот и активности за ангажирање и информирање спроведени од страна на Изведувачот пред започнувањето на работите.

Табела 2-8 Известување за засегнати корисници на закуп

Начин на известување	Број на корисници на закуп
Писмено известување	1
Телефонско известување од страна на предлагачот на проектот	5
Известување од Изведувач	15
Вкупно	21

Засегнатите корисници на закуп имаат право да ги оспорат одлуките поврзани со престанокот на закупот, воспоставувањето право на службеност или исплатата на надоместокот пред надлежните судски органи. Доколку во пропишаниот рок не биде поднесен правен лек, одлуките стануваат конечни и правно обврзувачки.

Покрај законски утврдените административни и судски правни лекови, сите засегнати корисници на закуп имаат пристап до Механизмот за поплаки на Проектот. Механизмот обезбедува достапна и транспарентна постапка за поднесување на поплаки и забелешки, барање појаснувања и решавање на поплаки поврзани со Проектот. Пристапот до Механизмот за поплаки на Проектот не го ограничува правото на засегнатите лица да бараат правна заштита преку административни или судски постапки во која било фаза од постапката.

Проценката спроведена за потребите на овој план укажува дека мнозинството од засегнатите корисници на закуп се занимаваат со комерцијално земјоделско производство, при што лозарството претставува доминантен начин на користење на земјиштето. Процентот на закупеното земјиште што е засегнато од Проектот е релативно ограничен, а поголемиот дел од влијанијата се од привремен карактер. Надоместокот обезбеден согласно националната законска рамка ги опфаќа загубите поврзани со престанокот на закупот, привремените ограничувања на користењето на земјиштето, загубите на земјоделски култури и засегнатиот земјоделски имот. Дополнително корисниците на закуп генерално го задржуваат пристапот до незасегнатите делови од нивните закупени парцели и може да продолжат со земјоделските активности во рамките на подрачјата опфатени со

службеност по завршувањето на изградбата и враќањето на земјиштето во првобитна состојба.

Врз основа на достапните информации во текот на подготовката на овој план, не се идентификувани значајни преостанати влијанија врз условите за егзистенција за кои би биле потребни посебни мерки за обновување на условите за егзистенција надвор од надоместокот и обврските за мониторинг опишани во овој План. Сепак, засегнатите корисници на закуп и понатаму имаат право на пристап до мерките за обновување на условите за егзистенција, процесите за ангажирање на засегнатите страни и механизмите за поднесување поплаки воспоставени согласно овој план, доколку во текот на изградбата, враќањето на земјиштето во првобитна состојба или работењето на Проектот се појават непредвидени влијанија врз нивните услови за егзистенција.

3. Правна и стратешка рамка

Овој план е усогласен со:

- Законот за експропријација на Република Северна Македонија [3]
- Законот за сопственост и други стварни права
- Политиката за животна средина и социјални аспекти на ЕБОР (2019)[5]
- Барањето за животна средина и социјални аспекти 5 (октомври 2024)

Извршена е гап анализа (анализа на усогласеноста и разликите) помеѓу националното законодавство и Барањето за животна средина и социјални аспекти 5, за да се обезбеди дека, во случаи кога постојат разлики меѓу македонското законодавство и Барањето за животна средина и социјални аспекти 5, ќе се применува повисокиот стандард.

3.1 Применливи закони и прописи на Република Северна Македонија

3.1.1 Права на сопственост врз земјиштето и класификација на земјиштето во Северна Македонија

Во Северна Македонија, земјиштето може да биде во сопственост на државата (Република Северна Македонија (РСМ)), општините или Градот Скопје, како и на правни и физички лица. Подвидови на правото на сопственост се сосопственоста и заедничката сопственост. Други права поврзани со користењето и располагањето со земјиштето вклучуваат право на службеност, право на долгорочен закуп, заложно право и право на реален товар[5].

Земјиштето се класифицира на: i) плодно земјиште, ii) неплодно земјиште и iii) земјиште под вода [6] Секоја од овие категории дополнително се класифицира според „катастарска култура", во однос на начинот и можностите за користење на земјиштето за производствени цели.

Плодно земјиште се однесува на ниви, оризови полиња, градини, овоштарници, лозја, ливади, пасишта, шуми, трски и мочуришта.

Неплодно земјиште опфаќа природно неплодно земјиште (на пример, карпи, каменести предели и сл.) и вештачки неплодно земјиште, кое се однесува на „градежно земјиште" за кое е донесена урбанистичко-планска или просторно-планска документација или е усвоен проект за инфраструктура [7]. Градежното земјиште се дели на изградено и неизградено земјиште. Изграденото земјиште

[5] Закон за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/01, 31/08, 92/08, 139/09 и 35/10), член 170.

[6] член 76.

[7] Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), член 2.

опфаќа земјиште под објекти, дворови, патишта, железнички пруги и други објекти на линиска инфраструктура, гробишта, верски објекти и друго.

Земјиште под води опфаќа земјиште под тековни води (потоци и реки), како и под стоечки води (природни и вештачки езера и мочуришта).

3.1.2 Преглед на клучните закони и прописи

Законодавството на РСМ опфаќа голем број правни акти со кои се регулираат користењето на земјиштето, стекнувањето земјиште/преносот на правата на сопственост, ограничувањата во користењето на земјиштето и поврзаните надоместоци за засегнатите страни. Клучните применливи закони и прописи се накратко разгледани во табелата подолу

Табела 3-1 Клучни закони и прописи во Северна Македонија за експропријација/откуп на земјиште и физичко и економско раселување

Правни акти	Клучни прашања поврзани со откупот на земјиштето и раселувањето
Устав на Република Северна Македонија	Уставот ја гарантира правната заштита на сопственичките права, заштитата на земјиштето и природните ресурси од страна на државата, како и родовата еднаквост во контекст на сопственичките права.
Закон за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/01, 31/08, 92/08, 139/09 и 35/10)	Законот го уредува правото на сопственост и другите стварни права (правото на службеност, правото на реален товар и сл.).
Закон за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18, 124/19, 71/20 и 155/24)	Законот го уредува воспоставувањето и одржувањето на катастарот на недвижности (запишување на сопственоста и другите права на недвижности, податоци за недвижностите и други права и факти чие запишување е предвидено со закон). Тој ги утврдува и принципите на катастарската класификација на земјиштето според „катастарска култура". Законот содржи и одредби за управување со геодетските работи, премерот на недвижностите што се врши за потребите на катастарот на недвижности, проценета на недвижностите, надзорот над геодетските работи што ги вршат овластени геодети и геодетски друштва, како и за статусот, организацијата, функционирањето и овластувањата на Агенцијата за катастар на недвижности.
Правилник за начинот на катастарска класификација и утврдување и запишување на промената на катастарската култура и класа на земјиштето („Службен весник на РМ" бр. 144/13, 95/15, 149/17, 128/15 и 95/15)	Правилникот ги утврдува методите за катастарска класификација на земјиштето и одредбите за промена на катастарската култура, како и за промена на катастарската класа на земјиштето (само за земјоделско земјиште).
Закон за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07, 17/08, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 181/19, 161/19, 80/20, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24)	Законот го уредува користењето, располагањето, заштитата и пренаменета на земјоделското земјиште (односно промената на катастарската култура и катастарската класа на земјиштето).
Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 90/20, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25)	Законот ги уредува правата и обврските поврзани со градежното земјиште (земјиште наменето за изградба на станбени, индустриски, комерцијални или инфраструктурни објекти, согласно документацијата за просторно и урбанистичко планирање или проектната документација за инфраструктура). Законот подетално ја уредува структурата на оваа категорија земјиште, Условите за користење на таквото земјиште, одредбите за уредување на земјиштето, како и други прашања поврзани со оваа категорија на земјиште.

Правни акти	Клучни прашања поврзани со откупот на земјиштето и раселувањето
Закон за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21, 111/23, 208/24 и 258/25)	Законот ја регулира постапката за стекнување (што се нарекува „експропријација“) на земјиште и имот (на пр. објекти) за проекти кои се од јавен интерес, како и поврзаните права за недвижен имот. Тој ги прецизира целите за кои земјиштето/имотот може да биде експроприран или ограничен во употребата. Проекти од јавен интерес се оние кои се опфатени со различни плански документи и кои се сметаат за стратешки и од јавен интерес за земјата. Законот предвидува листа на проекти од јавен интерес, а проектите за изградба на гасоводи/нафтоводи спаѓаат во оваа категорија. Законот ги утврдува постапките за целосна експропријација (трајно стекнување), воспоставување на право на службеност (нецелосна експропријација) и привремено заземање (закуп) на земјиште/имот. Тој исто така пропишува дека надоместокот за стекнатото земјиште и имот треба да се обезбеди или во форма на заменски имот или во пари. Паричниот надоместок не може да биде понизок од пазарната вредност на засегнатите имоти. Пазарната вредност на експроприраниот недвижен имот ја утврдува овластен проценувач на имот во согласност со Законот за проценка. Доколку како надоместок за експроприраниот недвижен имот се нуди друг недвижен имот, неговата вредност треба да биде приближна на вредноста на експроприраниот имот
Закон за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13, 123/13 со подоцнежни измени, 89/20, 215/21, 154/23 и 220/23)	Законот бара обезбедување на паричен надоместок на формално-правните сопственици на земјиште и имот (или на оние чии права се признаени според националните закони) за штети или загуби настанати како резултат на пристапот до земјиштето или спречувањето на пристапот до земјиштето и/или имотот од страна на инвеститори/изведувачи (или други лица). Надоместокот се обезбедува откако штетите и/или загубите веќе настанале.
Закон за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15, 30/16, 71/20 и 86/25)	Законот ги регулира областите, условите и начинот на вршење на проценка, предметите на проценка; постапките за полагање стручен испит, издавање или одземање на лиценца за проценка, доделување на задачи за проценка и надоместок на трошоците за извршена проценка, надлежноста, организацијата и работењето на Комората на проценувачи на РСМ како и други прашања поврзани со проценката
Методологија за процена на пазарната вредност на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/12, 17/13, 21/13 и 142/14)	Уредбата ја дефинира постапката за проценка на земјоделско земјиште кога постои потреба од утврдување на пазарната вредност на засегнатото земјиште и имот во рамките на постапката за експропријација
Закон за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 149/12, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15 и 64/18)	Законот ја регулира постапката за вештачење, како и областите, условите и начинот на вршење на вештачењето. Тој ги содржи квалификациите на субјектите кои вршат вакви вештачења, одредбите за надоместок на трошоците (награда за работа) и друго.
Закон за управни спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/06, 150/10 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 150/24 и 220/24)	Законот ги пропишува постапките за обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица пред судот по пат на управни спорови
Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 51/10, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 148/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18)	Законот содржи одредби за социјална парична помош и услуги за ранливите категории граѓани под различни околности
Закон за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” 32/2020, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25)	Законот ги утврдува целите на ваквото планирање, кои меѓу другото вклучуваат обезбедување организирано и рационално користење на просторот, како и подобрување на условите за живеење и работа на граѓаните
Закон за градење (“Службен весник на Република Македонија” 130/09, 124/10,	Законот воведе општи барања за градежните работи, вклучувајќи ги потребните студии и истражувања и подготвителните работи на

Правни акти	Клучни прашања поврзани со откупот на земјиштето и раселувањето
18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/ 13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/ 16, 35/18, 64/18, and 168/18, and "Official Gazette of the RNM 244/19, 18/20, 89/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 115/23, 72/24, 224/24, 225/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25)	градилиштето, потребната проектна документација за добивање одобрение за градење, правата и обврските на учесниците во изградбата, како и други важни прашања поврзани со градежните работи
Правилник за техничките услови и норми за безбеден транспорт на течни и гасовити јаглеводороди преку магистрални нафтоводи и гасоводи и нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Службен весник бр. 26/1985)	Уредбата ги утврдува зоните на ограничено користење на земјиштето долж оперативните гасоводи

3.1.3 Постапка за стекнување земјиште и други средства

Постапката за стекнување земјиште за проекти од јавен интерес е регулирана со Законот за експропријација. Законот ги разликува следните видови постапки за стекнување земјиште кои се применуваат за инфраструктурни проекти од јавен интерес на национално ниво:

- **Целосна експропријација** се применува кога државата (РСМ) ги стекнува правата на сопственост врз земјиштето и имотот на дотогашните сопственици, односно кога станува збор за трајно стекнување на земјиште (член 9);
- **Нецелосна експропријација** (член 10) се применува кога правото на сопственост или други имотни права врз земјиштето на дотогашните сопственици се ограничуваат за определен временски период или трајно. Нецелосната експропријација, меѓу другото, опфаќа:
    1. **Воспоставување право на службеност** со цел да се обезбеди изградба на објект од јавен интерес или функционирање на изграден објект (член 10);
    2. **Привремено заземање на земјиште** на локациите/трасите на Проектот за спроведување геолошки, геотехнички, хидролошки и други потребни испитувања и истражувања (член 15)
    3. **Привремено заземање на земјиште** кое се наоѓа во непосредна близина на локациите/трасите на Проектот (член 17), заради исполнување на специфични потреби поврзани со изградбата (поставување градежна механизација, привремено складирање на конструкции и материјали и сл.). Земјиштето во непосредна близина на градилиштата може привремено да се заземе за период до две години.

Постапката за стекнување земјиште ги опфаќа следните чекори, кои се подетално образложени во продолжение

1. Подготовка на Предлогот за експропријација,
2. Попис и процена на земјиштето и имотот

3. Известување на засегнатите сопственици и покана за усна расправа
4. Донесување Решение за експропријација, вклучително и судска жалба/жалби (доколку е потребно);
5. Усна расправа во врска со Решението за експропријација
6. Исплата на надоместокот

Подготовката на Предлогот за експропријација се заснова на информации од различни студии, вклучително и на пример Студија за експропријација/геодетски елаборат, кој содржи список на сите засегнати катастарски парцели, регистрирани објекти (односно градби) и нивните сопственици/носители на права, како што се евидентирани во катастарот на недвижности. Предлогот за експропријација се поднесува до „Органот за експропријација", односно до општинската канцеларија на Одделението за имотно-правни работи при Министерството за финансии[8] или до Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Предлогот се поткрепува со следните документи (член 26 од Законот за експропријација)::

(i) извод од актот за просторно планирање или одобрениот проект за изградба на инфраструктурата;
(ii) геодетски елаборат со податоци за недвижностите што се предмет на експропријација;
(iii) понуда за надоместок во висина на пазарната вредност на засегнатиот имот, утврдена од овластен проценител согласно Законот за процена;
(iv) имотен лист за недвижноста што е предмет на експропријација;
(v) доказ дека се обезбедени средства за надоместокот за недвижноста што е предмет на експропријација и
(vi) други податоци поврзани со недвижноста и сопственикот.

Откако општинските органи ќе го прифатат Предлогот за експропријација, од подносителот се бара да уплати средства во висина на проценетата вредност на недвижноста што е предмет на експропријација на депозитна сметка.

Пописот на земјиштето и имотот и проценката ги спроведуваат овластени проценители од Бирото за процена и вештачење. Со пописот се обезбедуваат основни информации за засегнатите земјишни парцели (односно вкупната површина и површината што се стекнува, намената на земјиштето и категоријата на земјиштето), како и за целиот имот што се наоѓа на нив (објекти, земјоделски култури, дрвја, овоштарници, деловни субјекти и сл.). Пописот го опфаќа имотот што е евидентиран во катастарот на недвижности, како и имотот што не е евидентиран. Со проценката се утврдува пазарната вредност на имотот, а овие информации треба да бидат составен дел од Предлогот за експропријација. Повеќе детали за Процесот на процена на земјиштето се дадени во Прилог 2.

[8] Министерството за финансии е надлежно за спроведување на постапките за стекнување земјиште од страна на Република Македонија (за проекти од јавен интерес.

Известување на засегнатите сопственици и покана за расправа: во рок од пет дена од приемот на Предлогот за експропријација, Органот за експропријација ги доставува поединечните предлози за експропријација до засегнатите сопственици/носители на права врз имотот. На тој начин, сопствениците/носителите на права се информираат за износот на надоместокот и поединечно се поканuваат на расправа (односно индивидуална средба). Средбата треба да се одржи во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за експропријација од страна на сопствениците/носителите на права врз имотот. На средбата присуствува и иницијаторот на експропријацијата (односно Номагас). За време на средбата може да се постигне **спогодба за надоместокот**[9] Иницијаторот на експропријацијата стекнува сопственост врз експроприраниот имот во рок од осум дена од денот на постигнување на спогодбата.

Меѓутоа, доколку не се постигне спогодба, а целокупната документација е уредна, Органот за експропријација донесува **Решение за експропријација** во рок од 30 дена од приемот на Предлогот за експропријација од иницијаторот. Носителот на правото на сопственост може да поднесе жалба против ова Решение до Управниот суд [10] во рок од 15 дена од приемот на Решението. Доколку не биде поднесена жалба, Решението за експропријација станува правосилно.

Кога Решението за експропријација ќе стане правосилно, Органот за експропријација мора да одржи **втора расправа во врска со Решението за експропријација** во рок од осум дена, со цел повторно да се разгледа и утврди висината на надоместокот за секој засегнат сопственик. Доколку се постигне спогодба, постапката за експропријација се завршува. Доколку не се постигне спогодба во однос на висината на надоместокот, Органот за експропријација го доставува предметот до судот, кој одлучува за висината на надоместокот. Судот може да наложи изработка на посебна проценка на имотот, која ќе му биде предложена на сопственикот/носителот на правото врз имотот.

Исплата на надоместок: иницијаторот на експропријацијата (односно Номагас) е должен да го исплати надоместокот или да обезбеди заменски имот во рок од 30 дена: а) од потпишувањето на спогодбата за надоместокот, б) од правосилноста на судската одлука во однос на надоместокот, или в) од правосилноста на Решението за експропријација. Во случај на доцнење со исплатата, ќе се применуваат каматни стапки. Исплатите на физички и правни лица се вршат исклучиво преку банкарски сметки. Надоместокот за сите експроприрани имоти, како и трошоците на постапката, ги сноси страната која ја иницира постапката за експропријација.

---

[9] Оваа спогодба за исплата на надоместокот се евидентира во Записникот од расправата и ги содржи износот на надоместокот, рокот за исплата и сите податоци потребни за исполнување на обврските на иницијаторот на експропријацијата и поранешниот сопственик/носител на правото врз имотот. Спогодбата се смета за склучена кога двете страни ќе го потпишат Записникот. Спогодбата претставува основ за запишување на правото на сопственост на иницијаторот на експропријацијата и има својство на извршна исправа.

[10] Засегнатиот сопственик, исто така, може да избере да поднесе тужба до надлежниот управен суд (вклучително и второстепена жалба до Вишиот управен суд). Законот за експропријација утврдува рокови во кои управните судови треба да одлучат по жалбите и предвидува санкции во случај на непочитување на овие рокови.

3.1.4 Надоместок поврзан со стекнување земјиште и други средства

Согласно одредбите од Законот за експропријација, во случај на **целосна експропријација** (чл. 37–44), лицата кои имаат формално-правни права врз имотите имаат право на надоместок според нивната пазарна вредност; ова го вклучува земјиштето, објектите и сите други недвижни имоти. Сопственикот на имотот што е предмет на експропријација има право на надоместок за сите растенија/земјоделски култури, засеани површини, шуми на земјиштето и овоштарници, под услов тие да не се вклучени во пазарната вредност на земјиштето.

Законот исто така овозможува надоместок за изгубената добивка/приход на засегнатите формални економски активности како резултат на дислокацијата; како и за економска дислокација (губење на имот или пристап до имот што доведува до губење на извори на приходи или средства за егзистенција) како резултат на стекнување земјиште поврзано со проектот или ограничување на пристапот до природните ресурси.

Надоместокот не може да биде понизок од пазарната вредност на засегнатите имоти и се проценува врз основа на неодамнешните пазарни трансакции во соседните подрачја. Пазарната вредност на експроприраната недвижност ја утврдува овластен проценител на недвижен имот согласно Законот за процена. Надоместокот може да биде обезбеден во форма на заменски имот или во паричен износ.

Кога како надоместок за експроприраниот имот се нуди друг недвижен имот, неговата вредност треба да биде приближно еднаква на вредноста на експроприраниот имот. Националното законодавство овозможува надоместок за изгубената добивка/приход од засегнатите деловни активности, кога таквата состојба е предизвикана од постапката за експропријација.

Сопственикот на имотот што е предмет на експропријација нема право на надоместок за инвестициите направени по доставувањето на Предлогот за експропријација до сопственикот (чл. 40). Доколку преостанатиот (незасегнат) дел од засегнатата земјишна парцела стане непристапен, неупотреблив за обработување или економски неисплатлив за сопственикот (т.н. изолирана земјишна парцела или земјиште без познат сопственик), сопственикот може да побара целата парцела да биде експроприрана и целосно обесштетена. Ова барање може да се поднесе пред да се постигне спогодба и Решението за експропријација да стане правосилно.

Надоместокот за воспоставување право на службеност го опфаќа надоместокот за намалената пазарна вредност на засегнатото земјиште/имот, како и за штетата настаната поради воспоставувањето на правото на службеност. Надоместокот се

утврдува за секој случај одделно од страна на овластен проценител на недвижен имот, согласно Законот за процена (чл. 45).

Надоместокот за привремено заземање на земјиште се утврдува согласно пазарната закупнина за сличен имот и за соодветниот период на закуп. Доколку на сопственикот на имотот му биде предизвикана каква било штета поради ограничувањето на неговото право на сопственост врз земјиштето, сопственикот има право на надоместок. Надоместокот на штетата во вакви случаи се утврдува за секој случај одделно од страна на овластен стручен проценител.

3.1.5 Помош за ранливи лица

Законодавството на Северна Македонија не предвидува посебни мерки поврзани со ранливите групи во текот на постапката за стекнување земјиште. Општинските центри за социјална работа можат да обезбедат одредена помош согласно Законот за социјална заштита. Овој закон овозможува обезбедување парични права и услуги од социјална заштита за ранливите жители. Еден од важните аспекти на паричните права од социјална заштита предвидени со законот е правото на еднократна парична помош кога лицето ќе се најде во состојба на ненадејна и привремена потреба, вклучително и обезбедување сместување во случај на губење на станбениот имот.

Помошта од органите за социјална заштита може да се користи за задоволување на потребите на лицата со попреченост, еднородителските домаќинства, домаќинствата со ниски приходи и сл. Националното законодавство опфаќа збир на закони врз основа на кои на засегнатите лица може да им се обезбеди помош за подобрување на нивниот животен стандард (пристап до здравствена заштита, образование, лична документација, социјално домување и сл.). Овие закони може да послужат како основа за развивање идни мерки за обновување на условите за егзистенција, особено за ранливите групи.

Правна помош може да им се обезбеди на ранливите лица согласно Законот за бесплатна правна помош [11] преку адвокати ангажирани од Министерството за правда и избрани здруженија на граѓани..

3.1.6 Ограничувања во користењето на земјиштето во текот на оперативната фаза

Правилникот за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јаглеводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт („Службен весник“ бр. 26/1985) ги утврдува следните ограничувачки (заштитни) зони долж нафтоводите и гасоводите во функција, во кои се применуваат различни ограничувања во однос на користењето на земјиштето:

[11] Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09, 185/11, 27/14),

- Ограничувачка зона 1 – земјишен коридор од 5 m од двете страни на оската на цевководот, каде што е забрането одгледување растенија со корен подлабок од 1 m, како и орање на земјиштето на длабочина поголема од 0,5 m (член 8);
- Ограничувачка зона 2 – земјишен коридор од 30 m од двете страни на оската на цевководот, каде што е забранета изградба на станбени објекти (член 9)[12];
- Ограничувачка зона 3 – земјишен коридор од 200 m од двете страни на оската на цевководот, во кој треба да се почитуваат ограничувањата во однос на густината на населеност (член 10).

3.2 Барања на ЕБОР

ЕБОР бара овој Проект да биде усогласен со Политиката за животна средина и социјални аспекти на ЕБОР (2019) и со збир на специфични Барања за изведба кои ги опфаќаат клучните прашања од областа на животната средина и социјалните аспекти. Планот ги зема предвид барањата на следните Барања за изведба на ЕБОР:

- БИ1: Проценка и управување со ризиците и влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти;
- БИ5 Откуп на земјиште, принудно раселување и економско дислоцирање; и
- БИ10: Објавување информации и вклучување на засегнатите страни.

БИ 1 на ЕБОР бара проценка на социјалните ризици и влијанија, вклучително и оние поврзани со откупот на земјиште, како и развивање и спроведување на соодветни мерки за ублажување.

Клучните барања на БИ5 на ЕБОР се:

- да се избегне или кога тоа не е можно, да се минимизира принудното раселување преку разгледување алтернативни решенија за проектирање на Проектот;
- да се ублажат негативните социјални и економски влијанија од откупот на земјиште или ограничувањата во користењето и пристапот на засегнатите лица до имотите и земјиштето преку: (i) обезбедување надомест за загубата на имот според трошокот за замена; и (ii) обезбедување дека активностите за раселување се спроведуваат со соодветно објавување на информации, консултации и информирано учество на засегнатите лица;

[12] Како исклучок од оваа одредба, станбени објекти може да се градат во зона потесна од 30 m доколку нивната изградба била предвидена со урбанистичкиот план пред проектирањето на цевководот и доколку се применуваат посебни мерки за заштита. Притоа, најмалото растојание помеѓу станбениот објект и цевководот може да изнесува: а) 10 m за цевковод со дијаметар од 125 mm; б) 15 m за цевковод со дијаметар од 125 mm до 300 mm; в) 20 m за цевковод со дијаметар од 300 mm до 500 mm; и г) 30 m за цевководи со дијаметар поголем од 500 mm (член 9 од Правилникот).

- да се обноват или каде што е можно, да се подобрат условите за егзистенција и животниот стандард на раселените лица до нивоата што ги имале пред раселувањето и
- да се подобрат условите за живеење на физички раселените лица преку обезбедување соодветно домување, вклучително и сигурност на поседувањето на локациите за раселување.

БИ5 се применува кога раселувањето се смета за принудно, односно кога засегнатите поединци или заедници немаат право да одбијат откуп на земјиштето што резултира со нивно раселување. ЕБОР го толкува принудното раселување како појава што опфаќа и физичко раселување (преселување или губење на домот) и економско раселување (губење на имот или пристап до имот што доведува до губење на извори на приходи или средства за егзистенција) како резултат на откупот на земјиште поврзан со Проектот или ограничувањето на користењето на земјиштето/пристапот до природните ресурси.

Клучните барања на БИ10, кои се однесуваат на вклучувањето на засегнатите страни во контекст на откупот на земјиште/раселувањето, се следните:

- на засегнатите лица да им се даде можност да учествуваат во утврдувањето на условите за подобност, преговорите за пакетите за надомест, помошта при раселување, соодветноста на предложените локации за раселување и предложениот временски распоред;
- да продолжат консултациите за време на спроведувањето, следењето и евалуацијата на исплатата на надоместоците и раселувањето, со цел да се постигнат резултати што се во согласност со целите на БИ5; и
- да се обезбеди дека поплаките од засегнатите заедници и другите засегнати страни се разгледуваат и соодветно се управува со нив.

3.3 Барања на ЕИБ

ЕИБ бара од своите клиенти да ги почитуваат нејзините Стандарди за животна средина и социјални аспекти (2018). Овој план ги зема предвид барањата на следните Стандарди на ЕИБ:

- Стандард 1: Проценка и управување со влијанијата и ризиците врз животната средина и социјалните аспекти;
- Стандард 6: Принудно раселување;
- Стандард 7: Права и интереси на ранливите групи; и
- Стандард 10: Вклучување на засегнатите страни.

Клучните барања на ЕИБ се слични на оние на ЕБОР.

3.4 Гап анализа

Во ова поглавје се разгледува националното законодавство со кое се регулира откупот на земјиште за јавни потреби (законодавството за експропријација) и

прашањата поврзани со обновувањето на условите за егзистенција, во однос на релевантните барања на ЕБОР и ЕИБ. Деталната анализа, како и предложените мерки за надминување на идентификуваните празнини, се дадени во Табела 3-2.

Табела 3-2 Гап анализа во однос на раселувањето: Законодавство на С.Македонија наспрти барањата на ЕБОР и ЕИБ за откуп на земјиштето

Предмет	Барања на ЕБОР и ЕИБ	Барања согласно законодавството на Северна Македонија	Недостатоци / Коментари	Предложени активности за надминување на недостатоците
Избегнување или минимизирање на раселувањето	Инвеститорот ќе ги разгледа изводливите алтернативни решенија и локации за Проектот со цел да се избегне или доколку тоа не е можно, да се минимизира физичкото и/или еко-номското раселување.	Законот за просторно и урбанистичко планирање утврдува дека целта на таквото планирање е подобрување на условите за живеење и работа на граѓаните. Уставот на Република Северна Македонија гарантира правна заштита на сопственоста, додека одземањето на правото на сопственост и раселувањето претставуваат исклучок и се дозволени во случаи на јавен интерес утврден со закон. Националното законодавство ја утврдува потребата од разгледување на алтернативи, вклучително и алтернативни локации, во рамките на постапката за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС). Предложените индустриски објекти треба да бидат лоцирани на начин со кој ќе се избегнат или минимизираат влијанијата врз „вредното земјиште" (на пример, повеќегодишни земјоделски површини и шуми), како и да се користи земјиште во државна сопственост со цел да се минимизира откупот на земјиште од приватни сопственици/закупци.	**Усогласеност** Проектот ќе предизвика економско раселување, бидејќи обработливото земјиште, пасиштата и лозјата се клучните категории на земјиште што се откупуваат за потребите на Проектот. При утврдувањето на трасите на цевководите, беа направени напори да се минимизира потребата од откуп на земјиште од приватни сопственици/ закупци, како и да се избегне влијание врз станбените подрачја/населените места, овоштарниците и лозјата и шумите.	Нема
Избегнување на присилно иселување	Инвеститорот нема да врши присилно иселување [13]. Користењето на правото на експропријација, одземање на имот или други слични овластувања од страна на Инвеститорот не се смета за присилно иселување доколку е во согласност со националното законодавство и одредбите од ова Барање за изведба и се спроведува на начин што е во согласност со основните принципи на соодветна постапка (на пример, навремено известување, обезбедување реална можност за	Законот за експропријација не ги користи термините „недоброволно раселување" или „присилно иселување", туку го користи терминот „експропријација", кој се заснова на правото на Владата на одземање на имот во јавен интерес. Органот надлежен за експропријација е должен да закаже и спроведе расправа (индивидуална средба) во врска со Предлогот за експропријација. Расправата може да завршн со склучување спогодба. Присилната експропријација се применува како последна мерка, откако преговарачкиот процес не	**Усогласеност** Не се очекува присилно иселување во рамките на Проектот.	Согласно член 47 од Законот за експропријација, доколку сопствениците не се согласат со понуденият надоместок, надлежниот орган за експропријација ќе го достави предметот до надлежниот суд за утврдување на висината на надоместокот. Во судската постапка, согласно член 245 од Законот за

[13] Согласно Барањето за изведба БИ5 на ЕБОР, присилното иселување се однесува на дејствија и/или пропусти кои вклучуваат присилно или трајно или привремено недоброволно раселување на поединци, групи и заедници од домовите и/или земјиштето и ресурсите на заедничка сопственост што ги користат или од кои зависат, со што се елиминира или ограничува можноста на поединецот, групата или заедницата да живее или работи во одредено живеалиште, дом или локација, без обезбедување и пристап до соодветни форми на правна или друга заштита.

	поднесување поплаки и жалби и избегнување употреба на непотребна, несразмерна или прекумерна сила).	успеал. Лицето со правен интерес има соодветни форми на правна и друга заштита доколку не се постигне спогодба.		парничната постапка, судот може да наложи и ново вештачење (проценка од страна на вештак). Доколку сопствениците не се согласат со експропријацијата, согласно член 33 од Законот за експропријација и член 30 од Уставот на Република Северна Македонија, правото на сопственост може да биде одземено или ограничено кога тоа се однесува на јавен интерес утврден со закон. Изградбата на интерконекторскиот гасовод, согласно член 6 од Законот за експропријација, претставува јавен интерес од значење за државата. Согласно член 18 од Законот за експропријација и член 30 од Уставот на Република Северна Македонија, во случај на експропријација на правото на сопственост или во случај на ограничување на правото на сопственост, се гарантира правичен надоместок, кој не може да биде понизок од пазарната вредност.
Спогодбено решавање	Инвеститорот ќе настојува да ги стекне правата врз земјиштето преку спогодбено решавање, дури и кога има законски средства за пристап до земјиштето без согласност на продавачот. Спогодбеното решавање придонесува за избегнување или минимизирање на експропријацијата, како и на административните или судските одложувања поврзани со формалната експропријација и колку што е можно, за намалување на влијанијата врз засегнатите лица поврзани со формалната експропријација. Спогодбеното решавање вообичаено може да се постигне преку обезбедување правичен и соодветен	Правата на сопственост врз земјиштето или правата на користење на земјиштето може да се стекнат или ограничат преку спогодбено решавање со сопствениците на имотот/носителите на права. Спогодбеното решавање е предвидено со Законот за експропријација, а последната фаза во која може да се склучи спогодба е по донесувањето на конечното Решение за експропријација. Засегнатите сопственици на имотот поединечно се покануваат да разговараат за предлогот за надомест за имотот, при што однапред им се доставува Предлогот за експропријација, вклучително и предложениот износ на надоместот. Органите надлежни за експропријација се должни да ги	**Усогласеност**	Нема

	надомест на засегнатите лица или заедници.	олеснат преговорите и да го поттикнат склучувањето спогодба за надомест. Преговорите за надомест за земјиштето се засноваат на резултатите од проценката на имотот и на цените на земјиштето утврдени со одлуки на советите на општините на чие подрачје се наоѓа земјиштето што е предмет на откуп.		
Разгледување на потребите на ранливите групи	Инвеститорот ќе ги идентификува, процени и ќе преземе соодветни мерки за влијанијата врз ранливите групи, а особено: - во рамките на социо-економските истражувања ќе спроведе анализа за утврдување на релевантните фактори на ранливост во контекст на подрачјето на Проектот; - ќе ги идентификува ранливите групи врз основа на резултатите од оваа анализа на ранливоста; - ќе спроведе посебни консултации со ранливите групи и - ќе планира мерки за помош приспособени на различните потреби на ранливите групи.	Постојат закони од областа на социјалната заштита (на пример, Законот за социјална заштита (2009)) кои предвидуваат финансиска помош/државни надоместоци за различни категории социјално ранливи лица. Националното законодавство не предвидува конкретно разгледување на потребите на ранливите групи или обезбедување посебна поддршка за нив во текот на постапката за откуп на земјиште.	**Неусогласеност** Не постојат конкретни одредби за земање предвид на ранливите групи и за преземање посебни мерки за поддршка во рамките на процесот на стекнување земјиште.	Планот за обнова на условите за егзистенција ја зема предвид ранливоста: 1. Врз основа на факторите на ранливост релевантни за подрачјето на Проектот, беа идентификувани засегнатите групи/лица кои се сметаат за ранливи во контекст на активностите на Проектот; 2. Беа развиени конкретни мерки за поддршка на засегнатите ранливи групи, кои се вклучени во Плановите за обнова на условите за егзистенција.
Разгледување на родовите аспекти	Родовите аспекти ќе се земат предвид во текот на целокупниот процес на основните истражувања, оценката на влијанијата, спроведувањето на мерките за ублажување и следењето. Носителот на Прсектот ќе обезбеди значајно учество на жените и мажите во сите консултации поврзани со откупот на земјиштето и раселувањето.	Северна Македонија има донесено сет на закони со кои се уредуваат економските и имотно-правните односи и домувањето, како и правата на сопственост и другите права на мажите и жените подеднакво, без оглед на полот (на пример, Уставот, Законот за семејството, Законот за еднакви можности и други релевантни прописи). Националното законодавство не предвидува конкретно разгледување на родовите прашања во текот на постапката за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) или во процесите на откуп на земјиште.	**Неусогласеност** Не постојат конкретни одредби за земање предвид на родовите аспекти на влијанијата врз животната средина и општеството, вклучително и влијанијата што произлегуваат од стекнувањето земјиште.	Секцијата за родови прашања во рамки на специфичните планови е подготвена: - користејќи ги резултатите од специфични социо-економски истражувања засновани на податоци расчленети според пол; - родовите аспекти се земени предвид при разгледување на влијанијата поврзани со откупот на земјиште; - правото на надомест и неговата исплата ги земаат предвид родовите аспекти.
Социо-економски истражувања, попис, попис на засегнати	Инвеститорот ќе спроведе социо-економски истражувања со цел да ги опише основните услови и состојбата на лицата засегнати од проектот. Во рамките на овие истражувања ќе се применува комбинација	Националното законодавство не бара спроведување на социо-економско истражување како дел од процесот на откуп на земјиште.	**Делумна усогласеност** • методологиите за проценка не се целосно усогласени, а не се бара спроведување на специфични социо-економски	- Да се објави краен датум како дел од целокупниот распоред на социо-економското истражување (кој ќе биде достапен и за неформалните корисници);

средства и краен датум	од квантитативни и квалитативни методи. Инвеститорот ќе спроведе попис на лицата засегнати од проектот и попис на засегнатите средства, вклучително и земјиште, објекти, земјоделски култури, комунална инфраструктура и природни ресурси. Инвеститорот ќе утврди краен датум за утврдување на подобноста за надомест (датумот по кој средствата не подлежат на надомест). Крајниот датум се утврдува согласно закон или со датумот на завршување на пописот или инвентаризацијата, зависно од тоа кој датум е подоцнежен.	Законодавството на Северна Македонија бара подготовка на документација за експропријација (Геодетски елаборат и Предлог за експропријација), која претставува попис на засегнатите имоти и содржи основни информации за регистрираните сопственици на овие имоти (односно имиња, адреси и матични броеви), со цел тие да бидат идентификувани и обесштетени. Овие документи не ги опфаќаат неформалните корисници. Денот на доставување на Предлозите за експропријација до лицата засегнати од проектот се смета за краен датум.	истражувања; • од корисниците на земјиштето кои немаат право на сопственост или друго признаено право не се бара да бидат известени за крајниот датум.	- Да се развијат и применат методологии за социо-економското истражување и пописот, согласно барањата на ЕБОР; - Да се спроведат специфични социо-економски истражувања и пописи со цел да се обезбедат информации за Плановите за раселување и егзистенција. - Крајниот датум, опишан во Поглавје 6.3, за сопствениците на земјиште е периодот во кој сопствениците беа поканети на консултативни состаноци од страна на НОМАГАС, во рамките на подготовките за изградба, во јуни 2025 година. - За неформалните корисници, периодот се смета од јуни 2025 година, кога беа спроведени консултации пред започнувањето на изградбата со општините и локалните заедници, до јуни 2026 година (една година).
Проценка на вредноста на засегнатото земјиште и имот	Загубата на земјиште, имот и средства ќе се проценува со примена на методот на трошок за замена. Трошокот за замена се дефинира како метод на проценка со кој се утврдува надомест доволен за замена на средствата, вклучително и неопходните трансакциски трошоци поврзани со замената на средствата.	Законот за експропријација предвидува дека надоместот за експропријаниот имот (земјоделско, пасишно и шумско земјиште; градежно земјиште; станбени и деловни објекти) не смее да биде помал од пазарната вредност на имотот. Пазарната вредност ја утврдува овластен и лиценциран проценител – Бирото за судски вештачења – со примена на методи утврдени со Законот за процена (врз основа на европските стандарди за процена).	**Делумна усогласеност** Предвидена е проценка на засегнатото земјиште и имотите, но методите за проценка утврдени со националното законодавство (врз основа на пазарната вредност) не се усогласени со барањето на кредиторите за примена на методологија заснована на трошокот за замена. Дополнително Банката бара проценка на економските загуби на формалните и неформалните корисници на земјиштето, како и на изгубената добивка за деловните субјекти.	- Методологијата за проценка на трошоците за надомест се применува согласно националното законодавство; методологијата предвидува проценка како на имотот и средствата, така и на економските загуби/изгубената добивка за деловните субјекти. - Бирото за судски вештачења и други овластени проценители за проценка на економските и деловните загуби поврзани со Проектот се ангажирани.
Класификација на подобноста	Раселените лица може да се класифицираат како лица кои (i) кои имаат формални законски права врз земјиштето; (ii) во моментот на спроведување на пописот немаат формални законски права врз земјиштето, но имаат право на	Законот за експропријација не прави разлика меѓу категориите на раселени лица. Законот ги идентификува сопствениците на недвижности (лица кои имаат формални законски права врз земјиштето) и носителите на други стварни права врз недвижности кои	**Делумна усогласеност** Националното законодавство не ги признава лицата кои немаат правно признато или правно признаено право или побарување на	-Засегнатите лица кои немаат формални законски права врз парцелите земјиште што се предмет на откуп се земаат предвид. -Овие лица континуирано ќе се

	земјиштето кое е признаено или може да биде признаено согласно националното законодавство или (iii) немаат признато законско право или право на земјиштето што го користат.	се предмет на експропријација. Законот не ги признава лицата кои немаат законски признаено право или побарување врз земјиштето или средствата што ги користат или ги заземаат. Само лицата кои имаат формални законски права се информираат за процесот на откуп на земјиште (експропријација) и имаат право на жалба; за другите категории засегнати лица не постои обврска да бидат информирани или консултирани.	земјиштето или имотот што го поседуваат или користат, додека БИ5 на ЕБОР и ESS6 на ЕИБ ги опфаќаат и формалните и неформалните сопственици и корисници на земјиште/ имот.	идентификуваат во периодот од јуни 2025 до јуни 2026 година, а нивните загуби поврзани со откупот на земјиштето се и ќе бидат проценувани, со цел да се обезбедат и спроведат соодветни надоместоци/ решенија.
Надомест и бенефиции за лицата засегнати од проектот	Инвеститорот ќе им понуди на сите раселени лица и заедници надомест за загубата на имот и средства во висина на целосниот трошок за замена, како и друга помош за обновување, а доколку е можно и подобрување, на нивниот животен стандард и/или условите за егзистенција до нивото пред раселувањето. Надоместот во форма на земјиште за земјиште се претпочита во економии засновани на земјиште. Паричниот надомест е прифатлив доколку обезбедувањето земјиште за замена не е изводливо и доколку загубата на земјиштето не ја загрозува егзистенцијата на лицата засегнати од проектот. Инвеститорот треба да им обезбеди надомест на економски раселените лица за загубата на имотот или пристапот до имотот (или да обезбеди алтернативен пристап) пред нивното раселување. Надоместот за загуба на земјоделски култури ќе им се обезбеди на сопствениците на земјиштето, закупците/корисниците со право на дел од приносот и неформалните корисници, без оглед на тоа дали се регистрирани или не.	Законот за експропријација содржи одредби за надомест на земјиште, земјоделски култури и други средства, вклучително и бесправно изградени објекти, како и за економските загуби на засегнатите домаќинства. Само формалните корисници на земјиштето (сопствениците на земјиште и закупците) имаат право на надомест за загуба на земјоделски култури. Надоместот се обезбедува според пазарната вредност или може да биде во форма на земјиште/имот за замена. Согласно Законот за експропријација и Законот за градење, на Градежниот изведувач може да му биде издадено одобрение за пристап и изведување работи на експроприраното земјиште пред исплатата на надоместот на лицата засегнати од проектот. Законодавството не содржи одредби за подобрување или обновување на животниот стандард и условите за егзистенција на лицата засегнати од откупот на земјиштето.	**Делумна усогласеност** Постојат одредени разлики помеѓу националното законодавство и барањата на ЕБОР, како што се: - надоместокот треба да се обезбедува според целосниот трошок за замена на земјиштето и другите средства, наместо да се пресметува според пазарната вредност, како што е предвидено со закон; - даноците и трошоците за регистрација на земјиштето треба да бидат вклучени во пресметката на надоместокот (што не е предвидено со закон); - во националната правна рамка не е предвидена помош за подобрување или обновување на животниот стандард и условите за егзистенција.	• Соодветните мерки за надомест, во согласност со Барањето за изведба БИ5 на ЕБОР и Еколошкиот и социјален стандард ESS6 на ЕИБ, се идентификувани и презентирани во Планот за обновување на условите за егзистенција. • Алтернативните опции за надомест и алтернативните опции за пристап се разгледуваат и дискутираат со засегнатите лица. - ќе се обезбеди паричен надомест - надоместот за средствата што треба да му бидат предадени на Проектот пред започнувањето на изградбата ќе биде договорен и исплатен пред предавањето на средствата и започнувањето на градежните работи на локацијата; - ќе се обезбеди надомест за загуба на земјоделски култури на корисниците на земјиштето, независно од нивниот статус во однос на правото на користење/ поседување на земјиштето; -надоместот за земјиштето/ средствата лоцирани во заштитните (бафер) зони ќе биде обезбеден пред завршувањето на градежните работи.

				• Да се обезбеди поддршка на сите релевантни институции одговорни за постапката за експропријација, со цел постапката за експропријација да биде завршена пред започнувањето на градежните работи. • Бенефициите или дополнителните пакети за надомест ќе се договараат по започнувањето на изградбата и ќе се применуваат во предвидениот рок.
Загуба на објекти и услуги од значење за заедницата, комуналната инфраструктура и јавните содржини	Загубата на објекти и услуги од значење за заедницата, комуналната инфраструктура или јавните содржини, како и загубата на пристапот до нив, ќе се надомести со нивна замена.	Националното законодавство бара Градежниот изведувач да ги зачува и обнови објектите од значење за заедницата кои се засегнати како резултат на градежните работи.	**Усогласеност** Забелешка: Спроведувањето на барањата може да претставува предизвик, поради што се предлагаат соодветни мерки.	• Изведбата на градежниот изведувач се следи во однос на влијанијата врз земјиштето и имотот, а градежниот изведувач ги отстранува/надоместува сите настанати штети во согласност со одредбите на Рамката за откуп на земјиште и Планот за раселување и егзистенција.
Вклучување на засегнатите страни	Инвеститорот ќе спроведува значајни и континуирани консултации со засегнатите лица и заедници во текот на планирањето и спроведувањето на раселувањето, во согласност со барањата на PR10 на ЕБОР / ESS10 на ЕИБ. Консултациите ќе бидат поддржани со објавување и достапност на документацијата поврзана со раселувањето. Од најраните фази на Проектот и во текот на сите активности, Инвеститорот ќе обезбеди вклучување на засегнатите мажи и жени, заедниците домаќини и ранливите групи.	Во рамките на постапката за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) ќе се спроведуваат јавни расправи за планираните активности. Согласно националното законодавство, процесот на откуп на земјиште е проследен со соодветни активности за информирање и вклучување на засегнатите страни, кои ги спроведуваат надлежните државни органи. Лицата засегнати од проектот треба поединечно да бидат известени за планираниот откуп на земјиште (експропријација) и поканети на „расправи"/ индивидуални состаноци со Инвеститорот. Не постојат барања за објавување и достапност на другата документација поврзана со откупот на земјиште/раселувањето. Не постои барање за идентификување и	**Делумна усогласеност** Недостатоците вклучуваат отсуство на барања за: -одржување консултации со лицата засегнати од проектот во сите фази на планирањето и спроведувањето на раселувањето; -изработка и објавување на документацијата за планирање на раселувањето; -посебно насочено вклучување и ангажирање на ранливите лица/групи. Забелешка: Консултациите/јавните расправи спроведени во рамките на ОВЖС и Дополнителната ОВЖС за Интерконекторот, како и ОВЖС за Свети Николе–Велес, до	• Во тек се консултации со сите засегнати лица, во согласност со барањата на Барањата за изведба БИ5 и БИ10 на ЕБОР и Еколошките и социјалните стандарди ESS6, ESS7 и ESS10 на ЕИБ, во текот на подготовката и спроведувањето на Плановите за раселување и егзистенција. • Планот за вклучување на засегнатите страни на Проектот е ажуриран и се спроведува преку континуирано вклучување на засегнатите групи на засегнати страни, вклучително и ранливите групи и лицата засегнати од

		специфично вклучување на ранливите лица/групи.	одреден степен ги опфатија прашањата поврзани со откупот на земјиште.	проектот, во процесот на подготовка, спроведување и следење на планот за обновување на условите за егзистенција. • Спроведување на планот: Во рамките на подготовката на плановите се одржуваат консултации со лицата засегнати од проектот, при што им се презентираат мапи и техничка документација. По нивното финализирање, плановите, како и нивните нетехнички резимеа, ќе бидат објавени и ставени на располагање на јавноста.
Механизам за поплаки	Треба да се воспостави бесплатен, независен и широко објавен механизам за поплаки, кој ќе опфаќа и формални и неформални канали, во согласност со релевантните барања на PR10/ESS10, и да им биде достапен на лицата засегнати од проектот. Механизмот треба да се воспостави што е можно порано во процесот на откуп на земјиште и раселување, а најдоцна пред спроведувањето на пописот, со цел да се разгледаат конкретните прашања и загрижености во врска со надоместот, раселувањето или мерките за обновување на условите за егзистенција, покренати од засегнатите лица/другите засегнати страни.	Приговорите поврзани со експропријацијата на земјиштето може да се поднесат во текот на постапката за експропријација, по одобрувањето на проектната документација за инфраструктурата. Поплаките на засегнатите страни поврзани со експропријацијата на земјиштето во рамките на конкретен проект (на пример, во случај на несогласување со самата експропријација или со предложениот надомест) се поднесуваат преку Министерството за финансии (преку неговиот Сектор за имотно-правни работи) до Управниот суд. Потоа се постапува согласно одлуките на судот. Засегнатите страни може да поднесат тужба/жалба до надлежниот Управен суд заради заштита на нивните права.	**Неусогласеност** Не постои барање за воспоставување механизам за поплаки специфичен за Проектот, наменет за лицата/ деловните субјекти засегнати од откупот на земјиште и раселувањето.	-Специфичен механизам за поплаки на Проектот за надворешни засегнати страни, согласно Барањето за изведба БИ10 на ЕБОР (вклучително и систематско следење и евалуација на поплаките), е воспоставен и континуирано се спроведува. -Општиот механизам за поплаки од надворешни засегнати страни опфаќа специфични активности за прибирање и решавање на прашањата и проблемите во врска со мерките за надомест, преселување или обновување на условите за егзистенција, покренати од страна на раселените лица.
Планирање и спроведување на откупот на земјиште и раселувањето План и рамка за раселување и обновување на условите за егзистенција	Инвеститорот ќе подготви План за раселување и/или обновување на условите за егзистенција, сразмерно на ризиците и влијанијата поврзани со Проектот и ќе биде одговорен за спроведувањето на овој план. Доколку во фазата на развој на Проектот не е можно да се подготви целосен План за раселување/обновување на условите за егзистенција, како прв чекор ќе се	Согласно член 26 од Законот за експропријација, Геодетскиот елаборат (Елаборат за експропријација) и/или Предлогот за експропријација, изготвени како основа за експропријација на земјиштето/имотот за потребите на Проектот, треба да ги содржат следните информации: број на катастарска парцела, имиња на носителите на правото на сопственост, вид и класа на земјиштето,	**Неусогласеност** Не постои специфично барање за изработка на план или рамка за раселување/ обновување на егзистенцијата, со која би се опфатило физичкото и/или економското раселување поврзано со планираните активности.	Проектот не предизвикува физичко раселување, но резултира со економско раселување. Од таа причина, изработен е План за раселување и обновување на условите за егзистенција • Планот е подготвен врз основа на принципите и барањата утврдени во

	подготви Рамка за раселување/обновување на условите за егзистенција.	вкупна површина и површина што се експроприра.		Рамката за раселување и откуп на земјиште на Проектот, усогласена со ЕБОР и се спроведува; Планот се темели на податоците од спроведеното социо-економско истражување, консултациите со лицата засегнати од проектот и пописот.
Организациск и капацитет и заложба	Инвеститорот ќе назначи конкретни лица, вклучително и претставник/претставници на раководството, со јасно дефинирани одговорности и овластувања за планирање и спроведување на активностите поврзани со откупот на земјиште и раселувањето. Инвеститорот ќе обезбеди соодветна поддршка, како и потребни човечки и финансиски ресурси, со цел ефикасно и континуирано исполнување на обврските поврзани со откупот на земјиште и раселувањето.	-	**Неусогласеност** Не постои специфично барање за воспоставување посебна организациска структура, ангажирање соодветен кадар и обезбедување ресурси за справување со влијанијата поврзани со откупот на земјиште, кои произлегуваат од планираните активности.	НОМАГАС има воспоставено Одделение за животна средина и социјални аспекти со посебно определени капацитети за поддршка на Проектот за интерконектор преку Единицата за имплементација на проектот.
Следење и евалуација	Инвеститорот ќе воспостави постапки за следење и евалуација на спроведувањето на Планот за раселување. Следењето ќе вклучува учество на клучните засегнати страни, вклучително и засегнатите заедници. За проекти со значителни влијанија поврзани со раселувањето, Инвеститорот може да одлучи да ангажира компетентни стручни лица за раселување со цел да го следат спроведувањето на Плановите за раселување, да предлагаат корективни мерки и да изготвуваат периодични интерни извештаи за следење. За ваквите проекти, Финансиерите може да побараат: (i) периодични надворешни проверки на усогласеноста и/или (ii) надворешна ревизија на завршувањето на процесот, спроведена од независни експерти.	Националното законодавство не предвидува посебни постапки за следење и евалуација на процесот на експропријација на земјиштето.	**Неусогласеност** Не постојат специфични одредби за внатрешно и надворешно следење на спроведувањето на мерките поврзани со откупот на земјиште и соодветниот надомест, како и за оценување на нивната ефикасност.	- одредбите за мониторинг и евалуација се вклучени во Проектниот План за обновување на егзистенцијата; - спроведувањето на планот во текот на реализацијата на Проектот се следи и ќе се оценува преку процедури за внатрешен мониторинг и евалуација; ангажирани се надворешни консултанти за прашања поврзани со земјиштето; -на кредиторите ќе им бидат доставувани извештаи за мониторинг на спроведувањето на планот; - на ЕБОР и ЕИБ ќе им биде обезбедена поддршка доколку одлучат да нарачаат надворешни ревизии за завршување на процесот на раселување.

4. Методологија за изработка на Планот за обновување на условите за егзистенција

4.1 Преглед

Методологијата за Планот за обновување на условите за егзистенција се заснова на барањата на ЕБОР и на добрата меѓународна практика. Таа следи пристап заснован на податоци и партиципативен пристап со цел да се идентификуваат влијанијата, да се проценат ранливостите и да се дефинираат соодветни мерки за обновување на условите за егзистенција. Методологијата опфаќа собирање на социоекономски податоци, проценка на влијанијата, вклучување на засегнатите страни, утврдување на правата и надоместоците и следење на резултатите, со цел да се обезбеди поддршка на засегнатите лица и обновување или подобрување на нивните услови за егзистенција. Дополнителни детали ќе бидат разработени во следните поглавја.

4.2 Постапка на откупот на земјиште

Откупот на земјиштето треба да се спроведува на правичен и транспарентен начин, во согласност со барањата на ЕБОР и националното законодавство. Процесот има за цел да ги сведе на минимум влијанијата, да обезбеди надоместок според трошокот за замена и да гарантира дека засегнатите лица се соодветно информирани и консултирани.

Клучни елементи:

- Земјиштето ќе се откупува само кога тоа е неопходно
- Засегнатите лица ќе добијат правичен надомест пред стапувањето во владение на земјиштето
- Ќе се спроведуваат консултации со засегнатите страни
- Ќе биде воспоставен механизам за поднесување и решавање поплаки
- Ќе бидат соодветно третирани влијанијата врз условите за егзистенција.

4.3 Собирање податоци за Планот за обновување на условите за егзистенција

Во ова поглавје е опишана применетата методологија за собирање на основни социоекономски податоци за лицата засегнати од Проектот, како поддршка на Планот за обновување на условите за егзистенција за Проектот за гасна интерконекција Северна Македонија – Грција.

Беше применет комбиниран методолошки пристап, кој опфати структурирано социоекономско истражување на домаќинствата и квалитативно вклучување на засегнатите страни. Беа спроведени вкупно единаесет (11) активности за вклучување на засегнатите страни, вклучително и фокус-групни дискусии и интервјуа со клучни информатори. Овие квалитативни методи беа користени како дополнување на истражувањето на домаќинствата преку триангулација на наодите,

верификација на квантитативните податоци и прибирање дополнителни контекстуални информации. Фокус-групните дискусии обезбедија согледувања на ниво на заедницата во однос на приоритетите и перцепираните влијанија, додека интервјуата со клучни информатори овозможија подлабоки согледувања од релевантните засегнати страни и придонесоа кон вклучување на потенцијално засегнатите и тешко достапните групи

Социоекономското истражување беше спроведено со примена на структурирана и адаптивна методологија усогласена со Барањето за изведба 5 на ЕБОР. Поради ограниченото учество во почетните консултации на ниво на заедницата (опишани подетално подолу), пристапот беше приспособен за да вклучи интервјуа спроведени по телефон, со што се подобри стапката на одговори и се обезбеди поширок опфат, особено на лицата засегнати од Проектот во работоспособна возраст.

Прашалникот што беше користен за собирање на податоците е даден во Прилог 3. Тој се состои од 59 структурирани прашања кои ги опфаќаат демографските карактеристики, сопственоста и користењето на земјиштето, изворите на приходи, земјоделското производство, индикаторите за ранливост и перцепираните влијанија од Проектот. Собирањето и анализата на податоците беа спроведени преку дигиталната платформа Smart Survey, со примена на проверки за валидација и контроли на конзистентноста, со цел да се обезбеди квалитет на податоците.

Беше применет слоевит метод на избор на примерок , земајќи ја предвид напредната фаза на откупот на земјиштето преку експропријација согласно националното законодавство, како и потребата да им се даде приоритет на лицата засегнати од Проектот кај кои потенцијално се очекуваат поголеми влијанија врз условите за егзистенција. Целниот опфат на истражувањето беше утврден на минимум 20% од сите приватни лица засегнати од Проектот. Со цел да се обезбеди соодветна застапеност на потенцијално ранливите домаќинства, во истражувањето беа вклучени сите (100%) сопственици на земјиште кај кои засегнатото земјиште претставува повеќе од 30% од нивниот вкупен земјишен посед. Кај сопствениците на земјиште кај кои засегнатото земјиште претставува помалку од 30% од нивниот вкупен земјишен посед, беше избран репрезентативен примерок од најмалку 20% од подрачјата каде што постапките за експропријација беа завршени. Со оваа стратификација се обезбеди сеопфатен опфат на лицата засегнати од проектот кои се соочуваат со потенцијално значајни влијанија поврзани со земјиштето, истовремено одржувајќи репрезентативна застапеност на лица засегнати од Проектот кои се соочуваат со помалку значајни влијанија. Вкупно беа контактирани 163 лица засегнати од Проектот, вклучително сите лица засегнати од Проектот од категоријата со поголемо влијание и репрезентативен примерок од лица засегнати од Проектот од категоријата со помало влијание.

Прагот од 30% беше применет како индикатор за степенот на влијание, имајќи предвид дека поголемото губење на земјиште е поверојатно да резултира со значително нарушување на условите за егзистенција и зголемена ранливост,

поради што е потребен целосен опфат за да се обезбедат соодветни информации за дефинирање на мерките за обновување на условите за егзистенција. За сопствениците на земјиште засегнати под овој праг, репрезентативниот пристап на земање примерок беше оценет како доволен за утврдување на основните услови и поддршка на пропорционални мерки за ублажување, во согласност со принципот на пропорционалност согласно барањата на финансиерите.

Вкупно беа воспоставени 163 контакти, со цел да се реализираат 120 целосно пополнети прашалници. Применетиот пристап обезбеди соодветен опфат на засегнатите страни и создавање на робустна основна база на социоекономски податоци за потребите на подготовката на планот.

Истражувањето исто така опфати информации за формалните и неформалните корисници на земјиштето, закупците, ранливите групи и други потенцијално засегнати лица долж коридорот на интерконекторот и поврзаните пристапни патишта.

Ограничувања и обезбедување на квалитетот на податоците

При собирањето на податоците беа утврдени одредени ограничувања, вклучително и ограничено учество во почетните консултации на ниво на заедницата и делумно потпирање на интервјуа спроведени по телефон. Овие ограничувања беа адресирани преку методолошко приспособување и не влијаат материјално врз целокупната сигурност и веродостојност на базата на податоци. Неодговарање беше евидентирано кај ограничен број од контактираните лица а овој недостаток беше ублажен преку повторни обиди за воспоставување контакт и триангулација со квалитативните податоци собрани преку фокус-групните дискусии и интервјуата со клучни информатори.

Квалитетот на податоците беше обезбеден преку користење на стандардизиран прашалник, дигитално внесување на податоците преку платформата Smart Survey, вградени правила за валидација и систематски проверки на конзистентноста во текот на обработката на податоците. Комбинацијата на квантитативни и квалитативни методи овозможи триангулација и вкрстена проверка на наодите, со што се зајакнаа сигурноста и целосноста на основната база на податоци, во согласност со барањата на БИ5 и БИ10.

4.3.1 Извор на податоци и рамка за земање примерок

Инвеститорот, Номагас, ја обезбеди базата на податоци со контактите на лицата засегнати од Проектот. Базата содржеше 163 контакти и ги вклучуваше следните информации:

- Име и презиме на сопственикот на земјиштето
- Катастарска општина
- Број на катастарска парцела

- Телефонски број

Лицата засегнати од проектот беа лоцирани во следните катастарски општини: Богородица, Габрово, Демир Капија, Дрен, Негорци, Неготино, Петрово, Прдејци, Прждево, Стојаково, Тремник и Чифлик.

Имајќи ја предвид релативно ограничената големина на листата на контакти (163 лица засегнати од проектот), наместо статистичко земање примерок беше применет пописен пристап. Беа контактирани сите доставени лица, со цел да се постигне што поширок опфат на засегнатото население.

Целниот број за истражувањето беше 120 завршени интервјуа, што претставува значителен дел од вкупно идентификуваните лица засегнати од проектот и обезбедува соодветна застапеност за анализа на влијанијата врз условите за егзистенција.

4.3.2 Дизајн и методологија на истражувањето

Беше применет комбиниран методолошки пристап, кој опфати:

- Интервјуа во живо спроведени за време на теренски посети
- Телефонски интервјуа

Теренските активности беа спроведени во периодот од 20 јануари 2026 година до 13 февруари 2026 година.

Методологијата беше структурирана со цел да обезбеди

- инклузивно учество на економски активните и ранливите групи
- доброволно и информирано учество
- точно дигитално евидентирање на одговорите
- усогласеност со принципите на ЕБОР за вклучување на засегнатите страни

Почетен пристап – Метод на состаноци со заедницата

Почетната стратегија вклучуваше организирање состаноци со лицата засегнати од проектот во просториите на локалните заедници. Постапката ги опфаќаше следните чекори:

1. Телефонски контакт со лицата засегнати од проектот пред теренските посети
2. Презентирање на Проектот и објаснување на целта на истражувањето
3. Договарање конкретен датум и време за присуство на состанокот во просториите на локалната заедница;
4. Спроведување интервјуа лице-в-лице со присутните лица.

Теренските посети беа спроведени во следните села

- Стојаково
- Прдејци
- Негорци
- Петрово
- Дрен

Иако повеќето лица засегнати од проектот го потврдија своето присуство за време на телефонските разговори, на закажаните состаноци присуствуваа приближно половина од поканетите испитаници. Беше забележано дека присуството во најголема мера беше ограничено на пензионери и постари жители, додека економски активните лица честопати не беа во можност да учествуваат поради работните обврски.

Прилагоден пристап – Метод на телефонско истражување

По спроведувањето на почетните теренски посети и добиените повратни информации од испитаниците, методологијата беше приспособена, при што приоритет им беше даден на телефонските интервјуа со цел да се подобри инклузивноста и да се зголеми стапката на одговори.

Методологијата на телефонски интервјуа се покажа како поефикасна бидејќи

- испитаниците можеа да бидат контактирани независно од нивната физичка локација;
- интервјуата можеа да се спроведат веднаш по воспоставувањето контакт
- интервјуата можеа да се презакажат во време што им одговара на испитаниците во текот на денот
- се зголеми учеството на лица засегнати од проектот кои се на работоспособна возраст

Поради тоа, телефонските интервјуа станаа примарен метод за собирање податоци, додека интервјуата лице-в-лице останаа дополнителен метод, кој се применуваше кога тоа беше потребно

Резиме на методологијата за истражувањето

Табела 4-1 Преглед на методологијата за истражување

Фаза	Активност	Цел	Применет метод
Подготовка	Прибирање на базата на податоци за лицата засегнати од проектот од Номагас	Дефинирање на опфатот на истражувањето	Пристап со целосен опфат
Подготовка	Изработка на прашалник (59 прашања)	Утврдување на социо-економската основа	Структуриран прашалник
Известување	Првичен телефонски контакт	Информирање на лицата засегнати од проектот и поканување за учество	Директни телефонски повици
Теренски посети	Средби во канцелариите на заедницата	Учество во живо	Интервјуа во живо

Фаза	Активност	Цел	Применет метод
Адаптација на методологијата	Преминување кон телефонски интервјуа	Зголемување на учеството	Интервјуа на далечина
Спроведување интервјуа	Спроведување на структурирано истражување	Прибирање податоци за условите за живот	Дигитално внесување преку Smart Survey
Контрола на квалитет	Логички проверки и дополнителни контакти	Обезбедување точност на податоците	Дигитална валидација и дополнителни телефонски повици
Анализа на податоци	Агрегирање и анализа на одговорите	Поддршка при изработката на планот	Аналитика преку Smart Survey

4.3.3 Постапка за спроведување на истражувањето

За секое лице засегнато од проектот беше применета следната стандардизирана постапка

1. Почетен телефонски контакт и претставување на истражувањето и неговата цел
2. Објаснување дека учеството е доброволно
3. Објаснување на доверливоста и мерките за заштита на податоците
4. Добивање усна согласност
5. Спроведување на структурираното интервју со 59 прашања
6. Директно внесување на одговорите во апликацијата Smart Survey
7. Проверка на одговорите за целосност пред нивното доставување

Користењето дигитално внесување на податоците ги намали грешките при транскрипцијата и овозможи следење во реално време на напредокот на истражувањето и стапката на одговори.

Етички аспекти и усогласеност со барањата на ЕБОР

Сите испитаници беа информирани за:

- Целта на истражувањето
- поврзаноста на истражувањето со подготовката на Планот за обновување на условите за егзистенција;
- доброволниот карактер на учеството
- доверливоста на личните податоци
- користењето на информациите исклучиво за проценка на условите за егзистенција поврзана со Проектот.

Пред секое интервју беше добиена усна согласност. Не беше применета никаква принуда или несоодветно влијание.

4.3.4 Управување со податоците и обезбедување на квалитет

Со цел да се обезбедат сигурност, транспарентност и усогласеност со стандардите на ЕБОР, беа применети следните мерки

- користење на стандардизиран структуриран прашалник
- дигитално внесување на податоците за време на интервјуата
- вградени логички проверки за валидација во платформата Smart Survey
- следење на бројот на завршени интервјуа во однос на целниот број од 120 истражувања
- дополнителни телефонски повици во случаи на нецелосни или нејасни одговори
- безбедно чување на личните податоци во согласност со применливите барања за заштита на податоците.

Платформата Smart Survey овозможи автоматизирано сумирање на одговорите и прелиминарна статистичка анализа како поддршка на процесот на изработка на планот.

4.4 Анализа на податоците за планот

Анализата на податоците за планот ги комбинира квантитативните и квалитативните податоци со цел да ја поддржи проценката на влијанијата и планирањето на обновувањето на условите за егзистенција, во согласност со барањата на ЕБОР. Квантитативната анализа овозможува идентификување на засегнатите домаќинства, зависноста од одредени извори на приходи и статистичките обрасци, додека квалитативните методи обезбедуваат контекстуални согледувања и перспективи на засегнатите страни. Квантитативните податоци собрани преку платформата Smart Survey и анкетите со домаќинствата обезбедуваат статистички согледувања за засегнатото население, обрасците на ранливост и структурата на приходите. Квалитативните информации од фокус-групните дискусии и интервјуата со клучни информатори го надополнуваат овој пристап преку обезбедување согледувања од засегнатите страни и контекстуални информации кои не можат целосно да се опфатат само со нумерички податоци. Интегрираната анализа ги преточува овие наоди во препораки засновани на докази за утврдување на правата и надоместоците, мерките за обновување на условите за егзистенција и индикаторите за мониторинг, со што се обезбедува сеопфатен пристап кон Планот за обновување на условите за егзистенција, заснован на податоци, како и усогласеност со меѓународните добри практики и барањата на ЕБОР.

4.4.1 Преглед на активностите за вклучување на засегнатите страни (фокус-групни дискусии (FGD) и интервјуа со клучни информатори)

Вкупно беа спроведени единаесет (11) активности за вклучување на засегнатите страни, вклучително и фокус-групни дискусии (FGD) и интервјуа со клучни информатори (KII), со цел да се обезбедат инклузивни, суштински и родово чувствителни консултации со засегнатите страни.

Табела 4-2 Преглед на активностите за вклучување на засегнатите страни

бр.	тип	Локација / Општина	Група на засегнати страни	Клучни забелешки

1	KII	Повеќе општини	Корисници на земјиште, претставници на селата, НВО (вклучително и женски НВО)	Консултации на општинско ниво
2	KII	Повеќе општини	Корисници на земјиште, претставници на селата, НВО (вклучително и женски НВО)	Консултации на општинско ниво
3	KII	Повеќе општини	Корисници на земјиште, претставници на селата, НВО (вклучително и женски НВО)	Консултации на општинско ниво
4	KII	Повеќе општини	Корисници на земјиште, претставници на селата, НВО (вклучително и женски НВО)	Консултации на општинско ниво
5	FGD	Општина Гевгелија	НВО (вклучително и женски организации)	Целна група од граѓанското општество
6	FGD	Општина Гевгелија	Ловечки здруженија („Орел", „Интер Гума Трејд ДОО")	Засегнати страни поврзани со условите за живот
7	FGD	Општина Гевгелија	Спортски и рекреативни здруженија	Корисници на земјиштето од локалната заедница
8	FGD	Општина Гевгелија	Пчелари	Неформални корисници на земјиште/ресурси
9	FGD	Тремник (Општина Неготино)	Локални заедници / корисници на земјиштето	Консултации на ниво на населено место
10	FGD	Миравци (Општина Гевгелија)	Локални заедници / корисници на земјиштето	Консултации на ниво на населено место
11	FGD	Демир Капија	НВО	Консултации со граѓанско општество

Пристап кон вклучување на засегнатите страни и инклузивност

Процесот на вклучување на засегнатите страни беше осмислен и спроведен во согласност со принципите на **Барањето за изведба 10 на ЕБОР (БИ10)**, кои се однесуваат на суштински консултации, инклузивност и транспарентност. Комбинацијата на интервјуа со клучни информатори (KII) и фокус-групни дискусии (FGD) овозможи и широк опфат и продлабочени дискусии со конкретни групи на засегнати страни.

Пристапот обезбеди застапеност на:

- формални сопственици и корисници на земјиште
- неформални корисници на земјиште и природни ресурси (на пример, пчелари и рекреативни корисници);
- организации на граѓанското општество, вклучително и невладини организации предводени од жени;
- претставници на заедниците на ниво на село

Целно насочените фокус-групни дискусии се покажаа особено ефикасни за вклучување на засегнатите страни чии услови за егзистенција зависат од

природните ресурси (на пример, пчелари и ловечки здруженија), како и на групите кои инаку би можеле да бидат недоволно застапени во општите консултации.

Беа преземени активности за поттикнување на родовата инклузија преку:

- вклучување на невладини организации на жени
- поттикнување на учеството на жените во мешани групи на засегнати страни
- создавање простор за изнесување на перспективите на жените во рамките на фокус-групните дискусии.

4.4.2 Резултати од анкетата и стапки на одговор

Резултатите од спроведувањето на анкетата се сумирани подолу:

- Вкупен број на контакти: 163
- Завршени истражувања: 114
- Одбивања: 27
- Погрешни телефонски броеви: 5
- Без одговор: 19

Пресметка на стапката на одзив

Индикаторите за успешност на истражувањето покажуваат високо ниво на ангажираност и ефикасност во собирањето на податоците. **Бруто стапката на одзив од приближно 70%** укажува дека мнозинството од контактираните испитаници го пополниле прашалникот. **Стапката на воспоставен контакт од 85,3%** го одразува успешниот опфат на испитаниците, при што се исклучени погрешните телефонски броеви и контактите кај кои не е добиен одговор. **Стапката на соработка од 80,9%** покажува дека повеќето подобни и контактирани испитаници се согласиле да учествуваат, што претставува позитивен показател за веродостојноста на податоците и подготвеноста на засегнатите страни да учествуваат во процесот.

Табела 4-3 Преглед на пресметки на стапката на одзив

Показател	Пресметка	Резултат
Бруто стапка на одзив	Завршени прашалници / Вкупен број контакти = 114 / 163	69.9% (~70%)
Стапка на контакт	Успешно контактирани лица / Вкупен број контакти = 139 / 163	85.3%
Стапка на соработка	Завршени прашалници / (Завршени прашалници + Одбивања) = 114 / 141	80.9%

Овие индикатори покажуваат високо ниво на ангажираност за истражување спроведено меѓу сопственици на рурално земјиште и потврдуваат соодветна репрезентативност за подготовка на Планот за обновување на условите за егзистенција.

Од аспект на планот, овие индикатори укажуваат на:

- Соодветна репрезентативност на примерокот
- Минимален ризик од пристрасност поради неодговарање
- Висока подготвеност на засегнатите страни за учество
- Квалитет на податоците доволен за анализа на влијанијата и ранливоста

4.4.3 Приватно земјиште

Анализата на податоците за приватно земјиште беше спроведена со примена на структуриран пристап. Беа собрани и разгледани повеќе бази на податоци – вклучително и резултатите од социоекономското истражување, извештаите за процена на вредноста на земјиштето, информациите за површините на земјиштето кои се засегнати (обезбедени од страна на носителот на проектот врз основа на потпишаните договори за земјиште), како и друга придружна документација. Анализата овозможи идентификување на лицата засегнати од проектот, вклучително и сопствениците и корисниците на земјиштето, кои се подобни за мерки за обновување на условите за егзистенција. Влијанијата од сите компоненти на проектот, вклучително и надградбата и проширувањето на пристапните патишта, беа проценети со цел да се утврдат промените во користењето на земјиштето и потенцијалните нарушувања на условите за егзистенција. Методологијата за процена на интензитетот на влијанијата, загубата на условите за егзистенција и ранливоста во согласност со стандардите на ЕБОР е опишана во следното поглавје.

4.4.4 Државно земјиште

Теренските податоци за државното земјиште беа анализирани со примена на просторни и тематски методи со цел да се проценат постојното користење на земјиштето и потенцијалните интеракции со условите за егзистенција. Беа разгледани теренските набљудувања и фотографската документација за да се идентификуваат активности како што се напасување на добиток или користење на природните ресурси, како и да се проценат влијанијата од изградбата на цевководот и работите на пристапните патишта. Подрачјата со интензивно користење за обезбедување средства за егзистенција беа означени за разгледување на можноста за микролокациско позиционирање или прилагодување на проектното решение, со цел да се намалат нарушувањата.

Квалитативните податоци добиени преку дискусии во фокус групи (FGDs) и интервјуа со клучни информатори (KIIs) беа анализирани со цел да се разбере зависноста од локалните ресурси, факторите на ранливост и перцепциите на заедницата. Наодите беа вкрстено проверени со теренските набљудувања и податоците за концесиите обезбедени од страна на носителот на проектот, со цел да се мапираат корисниците на земјиштето и да се обезбедат информации за мерките за ублажување на влијанијата врз условите за егзистенција.

Проценката ја поддржува усогласеноста со стандардите на ЕБОР и обезбедува доказна основа за планирање на обновувањето на условите за егзистенција на државното земјиште во рамките на коридорот на интерконекцискиот гасовод.

4.5 Ограничувања

Во текот на процесот на истражување беа идентификувани следните ограничувања:

- Ниска посетеност на закажаните состаноци со заедницата поради работното време
- Првична прекумерна зависност од методологијата за спроведување на средби лице в лице
- Променлива достапност на испитаниците во периодите на земјоделски активности
- Ограничен број контакти обезбедени од Номагас (163 лица засегнати од проектот), што го ограничи вкупниот опфат на потенцијални испитаници.

Со оглед на вкупниот број од 163 контакти и целта од 120 целосно спроведени анкети, постигнувањето висока стапка на одзив беше од суштинско значење за да се обезбеди репрезентативност при подготовката на планот.

Овие ограничувања беа ублажени преку преминување кон интервјуирање по телефон, флексибилно закажување на интервјуата и повторени обиди за воспоставување контакт со испитаниците.

5. Социоекономска основа

5.1 Преглед

Социоекономската основа обезбедува структуриран преглед на постојните социјални и економски услови во проектното подрачје пред имплементацијата на проектот. Податоците беа собрани преку комбинација од кабинетски преглед на достапни податоци, анкети со домаќинства, теренски набљудувања и квалитативни методи (дискусии во фокус групи – FGDs и интервјуа со клучни информатори – KIIs), а беа дополнети со податоци специфични за проектот, обезбедени од носителот на проектот и релевантните надлежни институции.

Основата ги опфаќа карактеристиките на населението, обрасците на условите за живот, изворите на приходи и пристапот до услуги, со што се создава доказна основа за процена на влијанијата и планирање на обновувањето на условите за живот. Таа овозможува идентификување на ранливите групи и потенцијалните влијанија од проектот, обезбедувајќи мерките за ублажување да бидат насочени и засновани на податоци.

Социоекономското истражување беше спроведено меѓу засегнатите сопственици и корисници на земјиште. Основата ги идентификува примарните извори на приходи, вклучително и растително производство, напасување на добиток и трговија со земјоделски производи од мал обем. Ранливите домаќинства беа идентификувани врз основа на нивото на приходи, возраста, здравствената состојба и односот на зависност.

Оваа основа, вклучително и социоекономскиот профил на лицата засегнати од проектот, придонесе за развој на насочени стратегии за обновување на условите за егзистенција преку идентификување на клучните фактори на ранливост, изворите на приходи и зависноста од користењето на земјиштето. Овие сознанија овозможуваат предложените интервенции да бидат прилагодени на специфичните потреби и капацитети на засегнатите домаќинства.

Дополнителни детали за демографската структура, економските активности и пристапот до услуги се презентирани во следните потпоглавја.

5.2 Социо-економска анализа – кабинетско истражување

Кабинетскиот преглед на социоекономските услови беше спроведен со користење на достапни секундарни податоци и документација, со цел да се воспостави првично разбирање на карактеристиките на населението, обрасците на условите за егзистенција и потенцијалните интеракции со проектот. Изворите вклучуваа постојни извештаи, статистички податоци и документација поврзана со проектот. Анализата го поддржува планот преку обезбедување основни информации за процена на влијанијата и идентификување на областите кои бараат дополнителна теренска проверка. Наодите беа дополнети со примарни податоци и информации

добиени од засегнатите страни, со цел да се обезбеди сеопфатна доказна основа. Податоците поврзани со проектот се дадени во Прилог 1.

Ова поглавје го прикажува демографскиот, економскиот и социјалниот контекст релевантен за проценатa на потенцијалните влијанија и дефинирањето на мерките во рамките на Планот за обновување на условите за егзистенција.

5.2.1 Демографија

Проектното подрачје опфаќа урбани центри и неколку рурални населени места долж трасата. Сите четири општини покажуваат слични демографски трендови:

- намалување на бројот на населението во текот на последните децении
- стареење на населението
- иселување на младото население на работоспособна возраст
- ниска густина на населеност во руралните подрачја

Руралните домаќинства често се повеќегенерациски и во значителна мера зависат од земјоделството, како дополнителен или примарен извор на приходи

Општина Неготино

Според Пописот од 2021 година, Општина Неготино има приближно 18.194 жители и опфаќа 19 населени места, при што градот Неготино претставува административен и економски центар. Општината е дел од Вардарскиот плански регион и е силно ориентирана кон лозарството и производството на вино

Населено место засегнато од проектот

Тремник – Рурално населено место со приближно 766 жители според Пописот од 2021 година. Селото е претежно земјоделски ориентирано, при што лозарството претставува доминантна економска активност. Земјоделството вообичаено претставува дополнителен извор на приходи, додека примарната економска активност на дел од населението е поврзана со урбаниот центар Неготино или со сезонска работа.

Општина Демир Капија

Според Пописот од 2021 година, Општина Демир Капија има приближно 3.777 жители и е една од помалите општини во Вардарскиот регион. Се карактеризира со ниска густина на населеност и изразен процес на стареење на населението. Економската структура е претежно земјоделска, со значајно застапено лозарство и производство на вино.

Села засегнати од проектот:

Дрен – Село со приближно 33 жители (Попис 2021). Се карактеризира со рурална средина со ограничена економска активност и изразен процес на стареење на населението.

Чифлик – Село со приближно 76 жители (Попис 2021). Рурално населено место низ кое протекува реката Дошница, која е значајна за локалното водоснабдување.

Прждево – Мало рурално населено место со ниска густина на населеност и ограничена економска активност, со приближно 120 жители (Попис 2021). Демографските трендови укажуваат на намалување на бројот на населението.

Општина Богданци

Според Пописот од 2021 година, Општина Богданци има приближно 7.339 жители и опфаќа четири населени места: Богданци (урбан центар), Стојаково, Ѓавато и Селемли. Општината е дел од Југоисточниот плански регион и има поволни климатски услови за земјоделско производство.

Населено место засегнато од проектот:

Стојаково – Најголемото рурално населено место во општината, со приближно 1.451 жител (Попис 2021). Земјоделството (лозарство и градинарство) има значајна улога и во одредени домаќинства, може да учествува со до 50% во вкупните приходи.

Руралните населени места во општината се претежно земјоделски ориентирани, со умерена економска зависност од сезонското производство.

Општина Гевгелија

Општина Гевгелија има приближно 21.582 жители според Пописот од 2021 година и претставува регионален економски центар со развиени трговски и услужни дејности, како и прекугранични активности. Сепак, руралните населени места остануваат претежно земјоделски ориентирани.

Населени места засегнати од проектот

Мрзенци – Село со приближно 525 жители (Попис 2021). Земјоделството е доминантна активност, со постепено намалување на бројот на населението.

Прдејци – Село со приближно 462 жители (Попис 2021). Земјоделството претставува дополнителен извор на приходи.

Смоквица – Село со приближно 190 жители (Попис 2021). Познато по традиционалното производство на зеленчук и овошје.

Габрово – Мало рурално населено место со приближно 5 жители (Попис 2021), кое се карактеризира со изразено стареење на населението и ниска густина на населеност.

Петрово – Село со приближно 121 жител (Попис 2021). Земјоделството и сезонските активности претставуваат главни извори на приходи.

Руралните населени места во Општина Гевгелија се демографски ранливи поради стареењето на населението и миграцијата, додека урбаниот центар обезбедува дополнителни економски можности.

5.2.2 Економска структура

Економијата во проектното подрачје е претежно земјоделска, со значајна застапеност на:

- лозарство
- овоштарство
- производство на зеленчук
- ограничено сточарство
- пчеларство

Во урбаните центри, исто така се застапени

- вработување во јавниот сектор
- трговија и услужни дејности
- мали и средни претпријатија
- прекугранични економски активности (особено во Гевгелија).

Приходите од земјоделството се сезонски и зависат од климатските услови и пазарните цени.

5.2.3 Користење и сопственост на земјиштето

Земјиштето долж трасата е претежно приватно земјоделско земјиште. Главните категории вклучуваат:

- лозови насади (трајни насади)
- овошни насади
- обработливо земјиште со сезонски култури
- ограничени површини под пасишта

Парцелите се разделени и се во сопственост на физички лица или семејства. Во одредени случаи постојат неформални договори за користење на земјиштето.

Проектот предвидува:

- трајно стекнување на ограничен број површини
- воспоставување на право на службеност со ограничувања во користењето на земјиштето (забрана за одгледување култури со длабок корен и изградба во рамките на безбедносниот коридор).

Секоја интервенција што влијае врз земјиштето има директни економски импликации за засегнатите домаќинства.

5.2.4 Средства за егзистенција и извори на приходи

Главните извори на приходи вклучуваат:

- продажба на грозје и земјоделски производи;
- сточарство (кај ограничен број домаќинства);
- пчеларство;
- сезонско вработување;
- вработување во јавниот и приватниот сектор.

Трајните насади имаат повеќегодишен производствен циклус, што значи дека нивното губење може да предизвика економски последици на среден рок

5.2.5 Услуги и инфраструктура

Урбаните центри се опремени со основна јавна инфраструктура

- системи за водоснабдување и канализација;
- дистрибутивна електроенергетска мрежа;
- здравствени и образовни институции;
- административни услуги.

Руралните населени места имаат основна инфраструктура, но пристапните патишта до земјоделските парцели се од клучно значење за економските активности.

5.2.6 Ранливост

Идентификуваните потенцијално ранливи категории вклучуваат:

- постари лица и домаќинства со ограничена работоспособност;
- корисници на социјална помош;
- земјоделци зависни од трајни насади;
- домаќинства со единствен извор на приходи од засегнатото земјиште.

Со оглед на демографските трендови и ограничената економска диверзификација, одредени рурални домаќинства имаат намален капацитет за справување со економски шокови.

5.3 Наоди од социо-економското истражување на засегнатите сопственици на земјиште

5.3.1 Социо-економско истражување – Демографски профил на испитаниците

Методолошка забелешка: Социоекономските податоци презентирани во ова поглавје се засноваат на структурирано истражување на домаќинства спроведено меѓу **111 домаќинства засегнати од проектот** во подрачјето на влијание на проектот. Истражувањето собра податоци за составот на домаќинствата, демографската структура, етничката припадност, здравствената состојба и индикаторите на ранливост. Наодите обезбедуваат основа за планирање на обновувањето на условите за егзистенција во рамките на планот.

Распределба според големината на домаќинствата

Социоекономското истражување на домаќинствата, спроведено како дел од Планот за обновување на условите за егзистенција, опфати вкупно **111 домаќинства со 367 лица**, што резултира со просечна големина на домаќинството од приближно **3,3 лица по домаќинство**. Распределбата според големината на домаќинствата укажува на доминација на мали и средно големи домаќинства во рамките на популацијата засегната од проектот.

Резултатите покажуваат дека најголем удел имаат домаќинствата со два члена (35,14%), проследени со домаќинствата со три члена (18,02%) и четири члена (17,12%). Домаќинствата со едно лице учествуваат со 7,21% од примерокот, додека поголемите домаќинства со пет или повеќе членови заедно претставуваат помал удел од испитаната популација. Севкупно резултатите укажуваат на релативно стабилна структура на домаќинствата со умерени варијации во нивната големина.

Табела 5-1 Распределба на домаќинствата по големина

Големина на домаќинството (лица)	Број на домаќинства (n)	Учество во вкупниот број (%)
1	8	7.21
2	39	35.14
3	20	18.02
4	19	17.12
5	12	10.81
6	8	7.21
7	3	2.70
8	2	1.80
Вкупно	**111**	**100.00**

Географска распределба на испитаниците во истражувањето

Социоекономското истражување спроведено како дел од планот опфати испитаници од повеќе населени места во подрачјето на влијание на проектот. Распределбата на испитаниците го одразува **местото на живеење на анкетираните домаќинства, а не точната локација на засегнатите земјоделски парцели.** Во повеќето случаи, местото на живеење и сопственоста на земјиштето се совпаѓаат, но во одредени случаи тие се разликуваат поради тековните **трендови на рурално-урбана миграција**, при што членовите на домаќинствата се преселиле од селата во блиските градови и урбани центри, а притоа ја задржале сопственоста на земјоделското земјиште во местото од каде што потекнуваат.

Најголем удел од испитаниците потекнува од Стојаково (20,0%), проследено со Негорци (15,32%) и Неготино (13,51%), кои заедно опфаќаат речиси половина од сите анкетирани домаќинства. Значајна застапеност е регистрирана и во Прдејци (8,11%), Демир Капија (7,21%), Тремник (6,31%) и Дрен (6,31%).

Умерена застапеност е регистрирана во Гевгелија (5,41%) и Петрово (4,50%), додека помал удел е забележан во Чифлик (2,70%), Кавадарци (2,70%) и Скопје (2,70%). Најниска застапеност е регистрирана во Богородица (1,80%), Богданци (1,80%) и Петровец (0,90%).

Севкупно, резултатите од истражувањето потврдуваат дека испитаниците засегнати од проектот се првенствено концентрирани во руралните населени места долж проектниот коридор, со ограничена застапеност од урбаните центри, како што е Скопје. Оваа распределба е во согласност со претежно руралниот карактер на подрачјето засегнато од проектот и обезбедува репрезентативна основа за процена на влијанијата врз условите за егзистенција и дизајнирање на насочени мерки за нивно обновување.

Табела 5-2 Географска распределба на испитаниците

бр.	Населено место	Број на домаќинства (n)	Учество во вкупниот број (%)
1	Стојаково	22	19.82
2	Негорци	17	15.32
3	Неготино	15	13.51
4	Предејци	9	8.11
5	Демир Капија	8	7.21
6	Тремник	7	6.31
7	Дрен	7	6.31
8	Гевгелија	6	5.41
9	Петрово	5	4.50
10	Чифлик	3	2.70
11	Кавадарци	3	2.70
12	Скопје	3	2.70
13	Богородица	2	1.80
14	Богданци	2	1.80
15	Петровец	1	0.90
Вкупно		**111**	**100.00**

Етнички состав

Сите анкетирани домаќинства се изјасниле како **етнички Македонци**, при што во примерокот не се регистрирани домаќинства од ромска или друга етничка припадност. Ова укажува на хомоген етнички состав меѓу анкетираните сопственици на приватно земјиште во подрачјето засегнато од проектот.

Од аспект на ранливоста, во рамките на анализираниот сет на податоци не е утврдена етничка диференцијација. Согласно тоа, етничката припадност не претставува посебен фактор на ранливост кај анкетираните домаќинства, а влијанијата од планот се оценуваат како етнички неутрални за населението опфатено со истражувањето.

Полова структура на членовите на домаќинствата

Истражувањето опфати **367 членови на домаќинствата**, при што е регистриран нешто поголем удел на машки членови (53,72%) во споредба со женски членови (46,28%), што укажува на генерално балансирана полова структура со блага доминација на машките членови.

Дополнително, во повеќето домаќинства се присутни и машки и женски членови, при што 98,2% од домаќинствата пријавиле најмалку еден машки член, а 85,6% пријавиле најмалку еден женски член. Ова потврдува дека повеќето домаќинства се мешани во однос на половата структура, што е релевантно за разбирање на внатрешната распределба на улогите во домаќинството и достапноста на работна сила.

Табела 5-3 Родова распределба на членовите на домаќинствата

Род	Број на членови	Учество во вкупниот број (%)
Машки	195	53.72
Женски	172	46.28
Вкупно	**367**	**100.00**

Возрасна структура на членовите на домаќинствата

Возрасната структура на испитаното население укажува на доминација на лица во работоспособна возраст, проследена со значаен удел на постари лица и помал удел на деца.

Најголемиот дел од членовите на домаќинствата припаѓаат на возрасната група од 18 до 64 години (59,95%), проследена со лицата на возраст од 65 години и повеќе (27,52%), додека децата на возраст од 0 до 17 години учествуваат со 12,53% од населението. Оваа распределба укажува на релативно висок удел на население кое

не е во работоспособна возраст, пред се поради значајниот удел на постари лица, што може да придонесе кон зголемена зависност во одредени домаќинства.

Севкупно, возрасната структура е релевантна за проценатa на ранливоста во рамките на планот, бидејќи домаќинствата со поголем удел на постари или зависни членови може да имаат намален капацитет за адаптација и поголема чувствителност на нарушувањата на условите за егзистенција.

Табела 5-4 Возрасна распределба на членовите на домаќинствата

Возрасна група	Број на лица	Учество во вкупниот број (%)
0–17 години	46	12.53
18–64 години	220	59.95
65+ години	101	27.52
Вкупно	**367**	**100.00**

Хронични заболувања и ранливост

Од вкупниот број анкетирани домаќинства, 28 домаќинства (25,23%) пријавиле најмалку еден член со хронично заболување или долгорочна здравствена состојба. Пријавените состојби вклучуваат кардиоваскуларни заболувања, дијабетес, мускулно-скелетни нарушувања, респираторни заболувања, невролошки и развојни состојби, заболувања поврзани со канцер и други хронични здравствени нарушувања.

Најчесто пријавувана категорија се кардиоваскуларните заболувања, проследени со дијабетесот и мускулно-скелетните состојби. Помал број домаќинства пријавиле општи или неспецифицирани хронични состојби, што укажува на дополнителна ранливост во рамките на испитаниот примерок.

Табела 5-5 Зачестеност на пријавени хронични здравствени состојби (n = 28 домаќинства)

Категорија на хронична здравствена состојба	Број на домаќинства
Кардиоваскуларни заболувања	9
Дијабетес	4
Мускулно-скелетни нарушувања	3
Респираторни заболувања	2
Невролошки/развојни состојби	3
Онколошки заболувања	1
Ретко метаболичко нарушување	1
Општа/неспецифицирана хронична здравствена состојба	5
Вкупно	**28**

5.3.2 Родови улоги и донесување одлуки во домаќинството

Социоекономското истражување ги процени родовите улоги и динамиката на донесување одлуки во рамките на домаќинствата како клучни показатели за структурата на домаќинствата, контролата врз економските ресурси и потенцијалната ранливост. Анализата се фокусира на три меѓусебно поврзани димензии: раководење со домаќинството, донесување одлуки во однос на земјиштето и приходите, како и учеството на жените во одлуките поврзани со надоместокот, дополнети со согледувањата за родовата еднаквост во пристапот до ресурси.

Глава на домаќинството

Од вкупно 111 анкетирани домаќинства, 109 одговориле на прашањето за тоа кој е глава на домаќинството, додека 2 домаќинства (1,8%) не дале одговор. Резултатите укажуваат на претежно машка структура на раководење со домаќинствата, при што 54,1% од домаќинствата идентификувале маж како глава на домаќинството. Домаќинствата со жена како глава учествуваат со 11,0%, додека 33,9% пријавиле заедничко раководење со домаќинството („двајцата“), а 0,9% пријавиле други аранжмани.

Севкупно, наодите укажуваат дека иако машкото раководење со домаќинството и понатаму е доминантно, значаен удел од домаќинствата се карактеризира со споделено донесување одлуки, што укажува на присуство на попартиципативни односи во рамките на домаќинството.

Донесување одлуки за користењето на земјиштето и управувањето со приходите на домаќинството

Од вкупно 111 домаќинства, 107 одговориле на прашањето поврзано со донесувањето одлуки за користењето на земјиштето и приходите на домаќинството, додека 4 домаќинства (3,6%) не одговориле.

Резултатите покажуваат дека 46,7% од домаќинствата пријавиле заедничко донесување одлуки, што укажува дека одлуките во однос на користењето на земјиштето и управувањето со приходите најчесто се споделуваат меѓу членовите на домаќинството.

Одлуките предводени од мажи се застапени кај 36,4% од домаќинствата, додека одлуките предводени од жени се ограничени на 8,4%. Кај 8,4% од домаќинствата, за овие одлуки е одговорен друг член на домаќинството, кој не е дел од примарниот брачен пар.

Табела 5-6 Донесување одлуки за користење на земјиштето и приходите

Категорија	Зачестеност	Процент (од 107)
Машки	39	36.4%
Женски	9	8.4%

Категорија	Зачестеност	Процент (од 107)
Двете	50	46.7%
Останат член на домаќинството	9	8.4%
Вкупно	**107**	**100.00**

Овие наоди укажуваат на комбинирана структура на донесување одлуки со изразена тенденција кон заедничко управување со домаќинството; сепак родовата асиметрија и понатаму е присутна, при што мажите продолжуваат да имаат подоминантна улога во донесувањето економски одлуки во значаен дел од домаќинствата.

Учество на жените во донесувањето одлуки за земјиштето и/или надоместокот

Од вкупно 111 домаќинства, 100 дале валидни одговори, додека 11 домаќинства (9,9%) не одговориле. Резултатите покажуваат дека 74,0% од домаќинствата пријавиле учество на жените во донесувањето одлуки поврзани со земјиштето и/или надоместокот, што укажува на генерално инклузивен пристап во повеќето домаќинства. Сепак, 15,0% од домаќинствата пријавиле дека жените не учествуваат во овие одлуки, додека 11,0% навеле дека учеството на жените е делумно. Иако мнозинството домаќинства пријавуваат вклученост на жените во одлуките поврзани со надоместокот, значителен дел и понатаму има ограничено или никакво учество на жените во овие процеси.

Перцепција на родовите разлики во пристапот до земјиште и други ресурси

Од вкупно 111 домаќинства, 103 дале валидни одговори, додека 8 домаќинства (7,2%) не одговориле. Мнозинството испитаници (79,6%) не согледуваат родови разлики во пристапот до земјиште и други ресурси на домаќинството. Помал дел од испитаниците (12,6%) сметаат дека постојат такви разлики, додека 7,8% не биле сигурни. Овие наоди укажуваат дека родовите разлики во пристапот до продуктивните ресурси во најголем дел не се согледуваат во рамките на испитаното население. Сепак, фактот што помал дел од испитаниците укажуваат на постоење нееднаквост сугерира дека родовите разлики се уште може да бидат присутни во одредени домаќинства, иако тие не се широко препознаени на ниво на заедницата.

Резиме на родовите улоги: Севкупно, наодите укажуваат на комбинирана, но умерено инклузивна родова структура во домаќинствата. И понатаму преовладуваат домаќинствата на чие чело е маж, сепак значаен дел од домаќинствата пријавуваат заедничко раководење и споделено донесување одлуки, како во општото управување со домаќинството, така и во економските активности.

Учеството на жените во донесувањето одлуки поврзани со земјиштето, приходите и надоместокот е релативно широко распространето, иако мал дел од домаќинствата и понатаму пријавуваат ограничено или никакво учество. Истовремено, повеќето

испитаници не согледуваат родови разлики во пристапот до ресурсите на домаќинството и покрај доказите за различно распределени улоги во донесувањето одлуки според неколку показатели.

Севкупно, резултатите укажуваат на генерално партиципативна структура на односите во домаќинствата, со постојани, но нееднакво изразени родови разлики, кои првенствено се однесуваат на овластувањата за донесување одлуки, а не на исклучување.

5.3.3 Сопственост и користење на земјиштето

Социоекономското истражување ги процени моделите на сопственост и користење на земјиштето кај домаќинствата засегнати од проектот, како клучни показатели за зависноста од условите за егзистенција и потенцијалната ранливост.

Резултатите покажуваат дека **100% од анкетираните домаќинства пријавиле сопственост на засегнатото земјиште**, со што се потврдува дека сите испитаници се приватни сопственици на земјиште.

Во однос на користењето на земјиштето, приближно **15–20% од сопствениците на земјиште пријавиле дека нивното земјиште во моментот не се користи**, додека мнозинството домаќинства активно го користат земјиштето за **земјоделски цели**, што укажува на значајна зависност од условите за егзистенција поврзани со земјиштето.

Дополнително, приближно **13% од домаќинствата пријавиле дека имаат пристап до дополнително земјиште преку договори за закуп**, што укажува дека дел од домаќинствата ги прошируваат своите земјоделски активности надвор од земјиштето што е во нивна сопственост.

Табела 5-7 Карактеристики на сопственоста и користењето на земјиштето

Категорија	Учество на домаќинствата (%)
Домаќинства кои поседуваат засегнато земјиште	100%
Неискористено земјиште	15–20%
Земјиште што се користи за земјоделски активности	80–85%
Домаќинства со дополнително земјиште под закуп	13%

Генерално, наодите укажуваат на претежно земјопоседничко население со високо ниво на користење на земјоделското земјиште, додека помал дел од домаќинствата имаат неискористено земјиште или ги надополнуваат своите активности преку земјиште земено под закуп.

Обем на земјиште кое е засегнато од проектот

Социоекономското истражување го процени обемот до кој анкетираните домаќинства очекуваат нивното земјиште да биде засегнато од проектот.

Вкупно **108 домаќинства дале одговор** на ова прашање, додека 3 одговори се евидентирани дека недостасуваат. Наодите покажуваат дека огромното мнозинство од домаќинствата очекуваат нивното земјиште да биде претежно делумно засегнато.

Конкретно, **94,4% од испитаниците навеле дека нивното земјиште ќе биде делумно засегнато**, додека **1,9% навеле дека нивното земјиште ќе биде целосно засегнато**. Мал дел од домаќинствата навеле дека нивното земјиште нема да биде засегнато (2,8%), додека **0,9% изразиле несигурност**.

Табела 5-8 Перцепирана големина на земјиштето засегнато од проектот

Одговор	Зачестеност	Процент (од 108)
Да, целосно	2	1.9%
Да, делумно	102	94.4%
Не	3	2.8%
Не сум сигурен	1	0.9%
Вкупно	**108**	**100.00**
Неодговорено	**3**	**—**

Генерално, резултатите укажуваат дека очекуваните влијанија од проектот се во најголем дел ограничени по обем на ниво на одделните домаќинства, при што повеќето домаќинства очекуваат нивното земјиште да биде делумно, наместо целосно засегнато. Ова укажува дека влијанијата најверојатно ќе опфатат ограничено одземање на земјиште или привремени ограничувања во користењето, наместо целосно губење на земјиштето.

Ова дополнително е потврдено со податоците на ниво на парцела за трајното влијание врз земјиштето, кои покажуваат дека најголемиот број засегнати парцели спаѓаат во категориите со понизок степен на влијание. Кај повеќето парцели (250 од вкупно 397) влијанието е помало од 10%, додека значаен дел (139 парцели) спаѓаат во категоријата со влијание од 10–30%. Само многу ограничен број парцели (вкупно 8) се соочуваат со повисоко ниво на трајно влијание, над 30%, што укажува дека позначајните влијанија се исклучителни.

Табела 5-9 Distribution of Permanent Land Impact by Plot Распределба на трајно зафаќање на земјиште по парцела

Трајно зафаќање на парцелата	Број на парцели	Удел (%)
<10%	250	63.0%
10–30%	139	35.0%
30–50%	4	1.0%
>50%	4	1.0%
Вкупно	**397**	**100.00**

Овие наоди потврдуваат дека, иако вкупниот профил на влијанијата е ограничен, мал број случаи може да претрпат позначајна загуба на земјиште и треба да бидат земени предвид при дизајнирањето на мерките за ублажување и надоместок.

Пристап до дополнително земјиште

Истражувањето, исто така, процени дали домаќинствата поседуваат или користат земјиште различно од парцелата засегната од проектот.

Од вкупно **111 домаќинства, 110 одговориле** на ова прашање, додека 1 домаќинство (0,9%) не дало одговор. Резултатите покажуваат дека мнозинството домаќинства имаат пристап до дополнително земјиште.

Конкретно, **82 домаќинства (74,5%) пријавиле дека поседуваат или користат дополнително земјиште, додека 28 домаќинства (25,5%) навеле дека немаат пристап до друго земјиште**.

Табела 5-10 Пристап до дополнително земјиште надвор од засегнатата парцела

Одговор	Зачестеност	Процент (од 108)
Да	82	74.5%
Не	28	25.5%
Вкупно	**110**	**100.00**
Неодговорено	**1**	**—**

Податоците укажуваат дека, иако повеќето домаќинства имаат пристап до дополнително земјиште, значаен дел од нив немаат таков пристап, што може да има импликации врз нивната способност да ги апсорбираат или ублажат ефектите од влијанијата поврзани со земјиштето.

5.3.4 Услови за егзистенција и извори на приходи

Услови за егзистенција и главни извори на приходи на домаќинствата

Социоекономското истражување го процени главниот извор на приходи на анкетираните домаќинства со цел да се разберат структурите на условите за егзистенција и потенцијалната чувствителност на влијанијата поврзани со проектот.

Вкупно **110 домаќинства дале валидни одговори, додека 1 одговор од домаќинство е евидентиран дека недостасува (неодговорен).**

Резултатите укажуваат на разновидна структура на приходите, при што вработувањето засновано на плата и пензиите претставуваат доминантни извори на средства за егзистенција, проследени со помал удел на домаќинства зависни од земјоделството.

Најголем удел од домаќинствата пријавиле **вработување со** плата (43,6%), проследено со **пензиите (40,9%),** што укажува дека значаен дел од домаќинствата вклучуваат пензионирани членови кои исто така придонесуваат кон приходите на домаќинството.

Земјоделството претставува главен извор на приходи за **13,6% од домаќинствата**, додека помали удели се пријавени за **самовработување/мал бизнис (4,5%), физичка работа (1,8%)** и **други извори (4,5%).** Ниту едно домаќинство не пријавило трговија/услуги/транспорт или социјална помош како главен извор на приходи.

Треба да се напомене дека одредени домаќинства пријавиле повеќе од една активност за остварување приходи. Ова преклопување првенствено се однесува на домаќинства кои пријавиле **приходи од пензија во комбинација со други извори на приходи**, особено со вработување.

Како резултат на тоа, одредени категории може да опфаќаат повеќе одговори по домаќинство, а податоците се засноваат на пријавени информации на ниво на домаќинство, а не на меѓусебно исклучиви категории. Наодите укажуваат дека испитаното население првенствено зависи од извори на приходи надвор од земјоделството, особено од вработување со плата и пензии, кои заедно ја претставуваат доминантната основа за обезбедување на средства за живот.

Иако земјоделството останува значајно за помал дел од домаќинствата, резултатите укажуваат дека активностите поврзани со земјиштето генерално претставуваат дополнителен, а не примарен извор на приходи за повеќето домаќинства.

Присуството на преклопувачки извори на приходи, особено комбинацијата на пензиски приходи со плати или други активности, укажува на диверзифицирани стратегии за обезбедување услови за егзистенција кај дел од домаќинствата. Ова може да придонесе за поголема стабилност на приходите, но истовремено укажува и на постоење на комбинирани структури на зависност од различни извори на приходи.

Секундарни извори на приходи на домаќинствата

Социоекономското истражување ги процени секундарните (дополнителни) извори на приходи на домаќинствата со цел да се разберат диверзификацијата на условите за егзистенција и капацитетот на домаќинствата за справување со економски шокови и шокови поврзани со земјиштето.

Вкупно **111 домаќинства дале валидни одговори** на ова прашање.

Резултатите покажуваат дека **земјоделските и сточарските активности претставуваат најчест секундарен извор на приходи**, пријавен од **43 домаќинства (38,7%),** што потврдува дека активностите поврзани со земјиштето остануваат важна компонента на дополнителните средства за егзистенција.

Дополнителни **12 домаќинства (10,8%) пријавиле дека немаат секундарен извор на приходи,** што укажува на постоење на дел од домаќинствата со ограничена диверзификација на условите за егзистенција.

Дополнително, **19,2% од домаќинствата пријавиле пензии или социјална помош, додека 8,1% пријавиле приходи од вработување, а 4,0% пријавиле приходи од закуп на земјиште или имот**. Помали удели пријавиле **физичка работа (2,0%) и други извори (5,1%).**

Наодите укажуваат на различно ниво на диверзификација на условите за егзистенција кај анкетираните домаќинства. Значаен дел од домаќинствата се потпираат на земјоделството или сточарството како секундарен извор на приходи, што ја потврдува континуираната важност на активностите поврзани со земјиштето во стратегиите за обезбедување на услови за егзистенција на домаќинствата.

Истовремено, значаен дел од домаќинствата пријавиле дека немаат секундарен извор на приходи, што укажува на ограничена диверзификација и потенцијално намалена отпорност на економски шокови или шокови поврзани со земјиштето.

Присуството на пензиски и приходни извори поврзани со вработување како секундарни извори укажува на диверзифицирана структура на условите за егзистенција кај дел од домаќинствата, со комбинација на продуктивни и непродуктивни извори на приходи.

Генерално, резултатите укажуваат на различни капацитети за справување со влијанијата во рамките на испитаното население, при што дел од домаќинствата покажуваат ограничена диверзификација на приходите.

Распределба на месечните приходи на домаќинствата

Социоекономското истражување го процени приближниот вкупен месечен приход на домаќинствата со цел да се утврди нивниот вкупен економски капацитет.

Вкупно **110 домаќинства дале одговори**, додека **1 домаќинство не одговорило** на ова прашање.

Резултатите укажуваат дека нивоата на приходи на домаќинствата во испитаниот примерок генерално се движат од умерени до релативно високи, при што најголем удел од домаќинствата пријавиле приходи над пониските национални приходни категории.

Конкретно, **50,9% од домаќинствата пријавиле месечен приход над 45.000 денари, додека 19,1% пријавиле приходи помеѓу 25.000 и 45.000 денари**. Дополнително, **16,4% од домаќинствата пријавиле приходи помеѓу 18.000 и 24.999 денари, а 1,8% пријавиле приходи под 18.000 денари**. Дополнително, **11,8% од испитаниците претпочитале да не го откријат нивото на своите приходи**.

Табела 5-11 Месечни приходи на домаќинствата

Месечен приход (МКД)	Број на домаќинства	Удел (%)
До 18,000	2	1.8%
18,000 – 24,999	18	16.4%
25,000 – 45,000	21	19.1%
Над 45,000	56	50.9%
Не откриl	13	11.8%
Вкупно	**110**	**100.00**
Неодговорено	**1**	**—**

Наодите укажуваат дека испитаното население генерално спаѓа во категориите на **домаќинства со умерени до повисоки приходи**, при што повеќе од половина од домаќинствата пријавиле месечни приходи над 45.000 денари.

Само мал дел од домаќинствата спаѓаат во пониските приходни категории (под 18.000 денари), што укажува дека екстремната приходна депривација е ограничена во рамките на испитаниот примерок. Сепак, забележлив дел од домаќинствата се наоѓа во категориите со ниски до средни приходи или избрале да не го откријат нивото на приходите, што укажува на варијабилност во економскиот капацитет.

Во контекст на националните економски показатели во Северна Македонија, пријавената распределба на приходите укажува дека значаен дел од домаќинствата се наоѓаат над законски утврденото ниво на минимална плата, додека дел од домаќинствата остануваат поблиску до пониските приходни прагови. Оваа споредба се користи исклучиво како контекстуална референца за разбирање на релативната позиција на приходите и не претставува мерка за класификација на благосостојбата.

Истовремено, домаќинствата зависни од пензиски приходи (38,4% како примарен извор на приходи) треба да се толкуваат со претпазливост, бидејќи пензиите вообичаено претставуваат постабилен, но често ограничен извор на приходи во споредба со приходите од вработување. Ова може да влијае врз отпорноста на домаќинствата, особено во случаи кога е комбинирано со ограничени секундарни извори на приходи или делумна зависност од условите за егзистенција поврзани со земјиштето.

Зависност на домаќинствата од приходи поврзани со земјиштето

Социоекономското истражување го процени уделот на приходите на домаќинствата што произлегуваат од активности поврзани со земјиштето, при што беше направена разлика помеѓу земјиштето засегнато од проектот и другото земјиште во сопственост или користење на домаќинствата, со цел да се разбере зависноста од условите за егзистенција поврзани со земјиштето и потенцијалната изложеност на влијанија поврзани со земјиштето.

Одговорите укажуваат на различни нивоа на зависност и од земјиштето засегнато од проектот и од другото земјиште во сопственост или користење на домаќинствата.

Приходи остварени од земјиштето засегнато од проектот

За ова прашање беа евидентирани вкупно **107 валидни одговори**, додека нумеричките одговори (вклучително „не знам", нејасни одговори и прескокнати одговори) беа исклучени од нумеричката анализа.

Резултатите покажуваат дека **значаен дел од домаќинствата (36,4%) пријавуваат дека немаат зависност од приходи остварени од земјиштето засегнато од проектот.** Дополнителен значаен удел пријавува **ниска до умерена зависност (1–10%),** додека помал дел пријавува повисоки нивоа на зависност, над 20%. Само изолирани случаи пријавуваат целосна зависност (100%).

Табела 5-12 Удел на приходите на домаќинствата остварени од земјиштето засегнато од проектот

Удел на приходите од засегнатото земјиште	Број на домаќинства	Удел (%)
0%	39	36.4%
1–5%	22	20.6%
6–10%	18	16.8%
11–20%	10	9.3%
21–30%	9	8.4%
30–40%	1	0.9%
41–50%	4	3.7%
51–80%	2	1.9%
100%	1	0.9%
Не знам / неодговорено	5	4.7%
Вкупни валидни одговори	**107**	**100.00**

Приходи остварени од друго земјиште (незасегнато од проектот)

Вкупно **107 валидни одговори** беа евидентирани и во однос на приходите остварени од други земјишни поседи кои не се засегнати од проектот.

Наодите покажуваат дека **помал удел од домаќинствата (приближно 20%) пријавуваат дека немаат приходи од друго земјиште**, додека мнозинството пријавуваат одреден придонес во приходите од овој извор. Значаен дел од домаќинствата пријавуваат **умерена зависност (10–40%),** додека помал дел пријавува **висока зависност** (50–100%), што укажува дека другото земјиште има важна улога во диверзификацијата на условите за егзистенција кај голем број домаќинства.

Табела 5-13 Удел на приходите на домаќинствата остварени од друго земјиште

Учество на приходите од засегнатото земјиште	Број на домаќинства	Удел (%)
0%	21	19.6%
<10%	5	4.7%
10%	17	15.9%
15%	1	0.9%
20%	12	11.2%
25%	5	4.7%
30%	12	11.2%
40%	2	1.9%
50%	6	5.6%
60%	6	5.6%
70%	1	0.9%
80%	2	1.9%
100%	2	1.9%
Не знам / без одговор	15	14.0%
Вкупно валидни одговори	**107**	**100.00**

Компаративна анализа (структура на условите за егзистенција поврзани со земјиштето)

Комбинираните резултати укажуваат на двојна структура на зависност од земјиштето во рамките на испитаното население.

Зависноста од **земјиштето засегнато од проектот генерално е ниска**, при што повеќе од една третина од домаќинствата пријавиле дека од засегнатото земјиште не остваруваат приходи, а мнозинството пријавиле само мал придонес во вкупните приходи. Ова укажува дека за повеќето домаќинства засегнатото земјиште не претставува примарна основа за обезбедување средства за егзистенција.

Спротивно на тоа, **другите земјишни поседи имаат позначајна улога во условите за егзистенција на домаќинствата**, при што поголем дел од домаќинствата пријавуваат умерен до висок придонес во приходите. Ова укажува дека голем број домаќинства применуваат диверзифицирани стратегии за користење на земјиштето, при што незасегнатото земјиште претставува важен ресурс за ублажување на влијанијата врз условите за егзистенција.

Сепак, помал дел од домаќинствата покажуваат поголема зависност од приходите поврзани со земјиштето во целина, што укажува на потенцијална ранливост во случаи кога и засегнатото и незасегнатото земјиште имаат значаен придонес во приходите на домаќинството.

Севкупно, наодите укажуваат на **хетерогена зависност од земјиштето како основа за условите за егзистенција**, со различни нивоа на изложеност и капацитет за адаптација кај испитаното население.

Средства за егзистенција поврзани со сточарски активности

Социоекономското истражување, исто така ја процени вклученоста на домаќинствата во активности поврзани со сточарството, со цел да се утврди степенот на зависност од одгледувањето добиток како извор на приходи или за сопствени потреби.

Наодите укажуваат дека огромното мнозинство од домаќинствата (приближно 98%) пријавиле дека не остваруваат приходи од сточарски активности. Помал дел од домаќинствата (приближно 15%) пријавиле дека чуваат добиток за потребите на домаќинството.

Важно е да се напомене дека добитокот пријавен од домаќинствата претежно се чува во затворени или други услови кои не се засноваат на пасишно одгледување и првенствено е наменет за сопствени потреби, а не за комерцијално производство. Како таква, оваа активност не претставува примарен или значаен извор на приходи за анкетираните домаќинства.

Врз основа на одговорите од истражувањето, не се очекува потенцијалното губење на пристапот до пасишта да резултира со мерливи влијанија врз условите за егзистенција поврзани со сточарското производство, бидејќи активностите за

одгледување животни во домаќинствата не зависат од засегнатото земјиште и немаат пазарно ориентиран карактер.

Зависност на условите за егзистенција од ресурсите поврзани со земјиштето

Социоекономското истражување го процени степенот до кој домаќинствата зависат од ресурсите поврзани со земјиштето за обезбедување средства за егзистенција, со цел подобро да се разбере потенцијалната чувствителност на влијанијата врз земјиштето предизвикани од проектот.

Наодите укажуваат дека земјоделството не е примарен извор на приходи за повеќето домаќинства, бидејќи вработувањето и пензиите претставуваат доминантни категории на средства за егзистенција. Конкретно, земјоделството претставува главен извор на приходи за 13,6% од домаќинствата, додека останатите првенствено зависат од извори на приходи кои не се поврзани со земјиштето, како што се плати и пензии.

Сепак, земјиштето останува важен дополнителен ресурс за поширок дел од домаќинствата. Резултатите од истражувањето за користењето на земјиштето покажуваат дека повеќето домаќинства активно се занимаваат со земјоделско производство, додека помал дел (приближно 15–20%) пријавиле дека нивното земјиште во моментот не се користи. Дополнително, 13% од домаќинствата пријавиле пристап до дополнително земјиште преку договори за закуп, што укажува на диверзификација на земјоделските активности надвор од земјиштето во нивна сопственост.

Исто така, треба да се напомене дека земјоделските активности во подрачјето делумно се поддржуваат преку националните владини мерки за земјоделска поддршка, што може да придонесе кон одржливоста на земјоделските активности кај дел од домаќинствата кои се занимаваат со производство поврзано со земјиштето.

Севкупно овие наоди укажуваат на различни степени на зависност од ресурсите поврзани со земјиштето кај испитаното население, кои се движат од примарна зависност (домаќинства зависни од земјоделството) до секундарно или дополнително користење кај домаќинствата зависни од плати и пензии.

Табела 5-14 Индикатори на зависност од земјиштето

Индикатор	Резултат
Домаќинства кај кои земјоделството е главен извор на приходи	13.6%
Домаќинства со неземјоделски главни извори на приходи	86.4%
Домаќинства со неискористено земјиште	15–20%
Домаќинства кои го користат земјиштето за земјоделски активности	80–85%
Домаќинства со дополнително земјиште под закуп	13%

Профил на зависност од земјиштето: Резултатите укажуваат на мешана, но генерално ниска до умерена зависност од земјиштето како примарен извор на средства за живот. Иако мал дел од домаќинствата директно зависат од земјоделството како извор на приходи, повеќето домаќинства првенствено зависат од вработување и пензии, при што земјиштето има дополнителна или егзистенцијална функција.

Сепак, земјиштето и понатаму се користи во значителна мера од страна на мнозинството домаќинства, што укажува на неговата континуирана важност како продуктивен ресурс. Присуството на домаќинства со неискористено земјиште, како и на домаќинства кои користат земјиште под закуп, дополнително укажува на различни стратегии за користење на земјиштето и различни нивоа на зависност од него во обезбедувањето средства за егзистенција.

Постоењето на земјоделски мерки поддржани од државата претставува дополнителен контекстуален фактор кој влијае врз одржливоста на условите за егзистенција поврзани со земјиштето, особено кај домаќинствата кои се занимаваат со земјоделско производство. Сепак, моделите на зависност првенствено се определени од структурата на приходите на домаќинствата, а не од механизмите за земјоделска поддршка.Севкупно, наодите укажуваат дека чувствителноста на влијанијата поврзани со земјиштето не е еднаква кај сите домаќинства. Дел од домаќинствата може да бидат поизложени поради поголемата зависност од земјоделските активности, додека мнозинството имаат диверзифицирани структури на средства за егзистенција, што може да придонесе кон поголема отпорност на потенцијалните влијанија од проектот.

5.3.5 Услови за живеење во домаќинствата и пристап до основни услуги

Социоекономското истражување ги процени условите за живеење на домаќинствата и пристапот до основните услуги со цел да се разберат општите услови на благосостојба и потенцијалните фактори на ранливост кои не се поврзани само со приходите и зависноста од земјиштето.

Услови за домување и основна инфраструктура

Резултатите од истражувањето покажуваат дека мнозинството домаќинства живеат во **самостојни куќи (104 домаќинства**), додека помал број (**6 домаќинства**) живеат во станови, при што сите станбени единици се во приватна сопственост.

Сите анкетирани домаќинства пријавиле пристап до **основните комунални услуги**, вклучително:

- водоснабдување
- електрична енергија
- канализациски систем
- интернет конекција
- услуги за собирање на комунален отпад
- пристап до асфалтирани патишта

- фиксна телефонска линија

Главен извор на вода за сите домаќинства е **јавната општинска водоводна мрежа**, што укажува на целосна покриеност со основната водоснабдителна инфраструктура во анкетираните населени места

Користење на енергија и имот на домаќинствата

Приближно **70% од домаќинствата пријавиле дека користат дрва како главен извор за загревање**, што укажува на континуирана зависност од цврсти горива за греење, особено во текот на зимскиот период

Во однос на продуктивниот имот и имотот што го користат домаќинствата, приближно **95% од домаќинствата пријавиле сопственост или пристап до основна земјоделска и опрема за домашно производство**, вклучувајќи:

- земјоделска механизација (на пр. трактори и мотокултиватори)
- рачни алати за земјоделски работи
- градинарски парцели за производство на овошје и зеленчук
- помошни / складишни објекти
- опрема за преработка на земјоделски производи (млеко, овошје и зеленчук)
- транспортни средства (автомобили, комбиња, велосипеди, мотоцикли и запрежни возила).

Овие наоди укажуваат на релативно високо ниво на поседување средства и самостојност во активностите за производство на ниво на домаќинство.

Пристап до услуги и пријавени потешкотии

На прашањето за потешкотии во пристапот до основните услуги, мнозинството домаќинства (**приближно 74%)** пријавиле дека **немаат значајни ограничувања** во пристапот.

Сепак:

- **20% од домаќинствата пријавиле потешкотии поврзани со транспортот**, првенствено поврзани со мобилноста и пристапот до услуги надвор од населеното место
- **6% од домаќинствата пријавиле дека високите трошоци за живот претставуваат ограничување**.

Овие резултати укажуваат дека иако физичкиот пристап до услугите генерално е соодветен, достапноста од аспект на трошоците и транспортната поврзаност претставуваат клучни ограничувачки фактори за дел од домаќинствата

Демографска зависност на домаќинствата

Истражувањето исто така покажа дека **32% од домаќинствата имаат деца или ученици,** што укажува на умерен коефициент на зависност и на присуство на потреби поврзани со образовни услуги кај населението.

Услови за живеење и пристап до услуги

Генерално, наодите укажуваат дека домаќинствата во испитаното подрачје имаат **релативно добар пристап до основната инфраструктура и услуги**, вклучително водоснабдување, електрична енергија, санитарна инфраструктура и транспортна поврзаност.

Условите за домување се претежно стабилни, при што огромното мнозинство домаќинства живеат во индивидуални куќи со пристап до основните комунални услуги. Дополнително, поседувањето средства и опрема од страна на домаќинствата укажува на релативно високо ниво на самостојност во земјоделските и домашните производствени активности.

Сепак и понатаму постојат одредени фактори на ранливост. Тие вклучуваат ограничувања во транспортот кои влијаат врз дел од домаќинствата, ограничувања поврзани со трошоците за основните животни потреби, како и присуство на зависно население, како што се деца и ученици, кај приближно една третина од домаќинствата.

Севкупно, резултатите укажуваат на **генерално соодветни услови за живеење, со локализирани ограничувања во однос на пристапноста и финансиската достапност**, кои треба да се земат предвид во поширокота процена на ранливоста.

5.3.6 Резиме на наодите од истражувањето на сопствениците на земјиште во однос на нивните перцепции, очекувања и приоритети

Перцепции на заедницата

Социоекономското истражување ги процени перцепциите на домаќинствата и заедницата во однос на проектот со цел да се разберат општите ставови, нивото на прифатеност и потенцијалните социјални ризици поврзани со спроведувањето на проектот.

Вкупно 109 домаќинства одговориле на прашањето, додека 2 домаќинства не дале одговор.

Резултатите укажуваат на претежно позитивна перцепција на проектот кај испитаното население. Мнозинството испитаници (77 домаќинства, односно 70,6%) изразиле позитивен став кон проектот. Помал дел од испитаниците пријавиле неутрален став (12 домаќинства, 11,0%), додека 6 домаќинства (5,5%) изразиле негативна перцепција за проектот. Дополнително, 14 домаќинства (12,8%) навеле дека не знаат или немаат став во однос на проектот.

Табела 5-15 Перцепција на домаќинствата за проектот

Перцепција	Број на домаќинства	Удел (%)
Позитивна	77	70.6%
Негативна	6	5.5%
Неутрална	12	11.0%
Не знам / нема мислење	14	12.8%
Вкупно одговори	**109**	**100.00**
Не одговориле	**2**	—

Ставови на заедницата и општествена прифатеност: Наодите укажуваат на **генерално поволна перцепција на проектот** меѓу анкетираните домаќинства, при што јасно мнозинство изразува позитивен став. Ова укажува на релативно високо ниво на општествена прифатеност на проектот во заедниците засегнати од проектот.

Помал дел од испитаниците изразиле негативни или неутрални ставови, додека забележлив дел од домаќинствата пријавиле несигурност или немање мислење. Ова може да укажува на ограничен пристап до информации или на различно ниво на информираност во однос на деталите на проектот.

Севкупно, резултатите укажуваат дека проектот е генерално прифатен, но дека континуираното вклучување и комуникација со засегнатите страни останuваат важни, особено за адресирање на загриженоста кај домаќинствата со негативен став или недоволна информираност и за одржување на инклузивни процеси на консултација.

Очекувања на заедницата од проектот

Социоекономското истражување ги процени очекувањата на домаќинствата во однос на потенцијалните придобивки од проектот, со цел да се разберат перцепираните развојни приоритети и очекуваните социоекономски ефекти.

Вкупно 159 одговори беа евидентирани, бидејќи на испитаниците им беше дозволено да наведат повеќе од една очекувана придобивка. Како резултат на тоа, процентите се однесуваат на повеќекратни одговори, а не на меѓусебно исклучиви категории.

Табела 5-16 Очекувани придобивки од проектот

Очекувана придобивка	Број на одговори	Удел (%)
Модернизација на снабдувањето со енергија/ природен гас	45	28.3%
Без очекувања / не се очекуваат придобивки	39	24.5%
Вработување / можности за работа	26	16.4%
Подобрување на инфраструктурата	22	13.8%
Економско подобрување / зголемен доход (приход)	20	12.6%
Поддршка за ранливите групи	7	4.4%
Вкупно одговори	**159**	**100.00 ***

* Дозволени се повеќекратни одговори; процентите надминуваат 100% кога се разгледуваат на ниво на домаќинство.

Очекувања на заедницата: Наодите укажуваат дека очекувањата на заедницата првенствено се насочени кон системски и економски придобивки, наместо кон директни придобивки на ниво на домаќинство

Најчесто наведуваното очекување се однесува на **модернизација на енергетското снабдување и снабдувањето со природен гас (28,3%)**, што ја одразува очекуваната унапредена енергетска инфраструктура и поголема сигурност на услугите.

Значаен дел од одговорите (**24,5%**) укажуваат дека испитаниците **немаат очекувања или не согледуваат придобивки**, што сугерира постоење на сегмент од населението кој е несигурен во однос на резултатите од проектот или не очекува директни лични или придобивки за заедницата.

Можностите за вработување (16,4%), подобрувањето на инфраструктурата (13,8%) и зголемувањето на приходите или економските придобивки (12,6%) исто така биле често наведувани, што укажува на очекувања за индиректни социоекономски придобивки од реализацијата на проектот.

Помал дел од одговорите (4,4%) се однесувале на очекувања поврзани со **поддршка за ранливите групи**, што укажува на ограничена, но сепак присутна свест за наменски социјални придобивки.

Генерално, резултатите укажуваат дека проектот се поврзува со очекувања за поширок развој на инфраструктурата и економијата, но значаен дел од испитаниците или не очекуваат директни придобивки или остануваат несигурни. Ова ја нагласува важноста од континуирано вклучување на засегнатите страни и редовна комуникација во текот на реализацијата на проектот.

Приоритети на заедницата

Социоекономското истражување ги процени приоритетите на заедницата со цел да се идентификуваат клучните развојни потреби како што ги согледуваат засегнатите домаќинства и да се обезбедат информации за потенцијалните дополнителни мерки релевантни за планирањето на обновувањето на условите за егзистенција и развојот на заедницата.

Вкупно **207 одговори беа евидентирани**, бидејќи на испитаниците им беше дозволено да изберат повеќе приоритетни области. Како резултат на тоа, процентите се однесуваат на повеќекратни одговори и не претставуваат меѓусебно исклучиви категории на домаќинства.

Табела 5-17 Развојни приоритети на заедницата

Приоритетна област	Број на одговори	Удел (%)
Рехабилитација и подобрување на патиштата	49	23.7%
Отворање нови работни места	38	18.4%

Приоритетна област	Број на одговори	Удел (%)
Поддршка за земјоделците/земјоделството	36	17.4%
Подобрување на јавните услуги (здравство, образование, енергетика)	36	17.4%
Водоснабдување и санитација	30	14.5%
Младински активности и развој	18	8.7%
Вкупно одговори	**207**	**100.00 ***

*Дозволени се повеќекратни одговори; процентите надминуваат 100% кога се разгледуваат на ниво на домаќинство.

Потреби и приоритети на заедницата: Наодите укажуваат дека приоритетите на заедницата првенствено се насочени кон **потребите за основна инфраструктура и економски развој.**

Најчесто идентификуван приоритет е **рехабилитацијата и подобрувањето на патиштата (23,7%)**, што ја одразува важноста на транспортната поврзаност и локалната пристапност за испитаното население.

Економските приоритети, исто така се високо застапени, при што **создавањето работни места (18,4%)** претставува клучно очекување за подобрување на условите за егзистенција на домаќинствата. Дополнително, **поддршката за земјоделството (17,4%)** ја нагласува континуираната важност на активностите поврзани со земјиштето за дел од населението.

Подобрувањето на јавните услуги (17,4%) и водоснабдителната и санитарната инфраструктура (14,5%) исто така биле често наведувани, што укажува на континуирани потреби во системите за обезбедување основни услуги.

Помал дел од одговорите (8,7%) се однесувале на **активности и развој поврзани со младите**, што укажува дека иако приоритетите поврзани со социјалниот развој се присутни, тие се помалку изразени во споредба со инфраструктурните и економските потреби.

Генерално, резултатите покажуваат дека приоритетите на заедницата првенствено се насочени кон **унапредување на инфраструктурата, отворање работни места и поддршка на земјоделството,** што ги одразува и непосредните грижи за егзистенцијата, така и долгорочните развојни аспирации во анкетираната област.

5.4 Матрица за класификација на ранливоста

Пристап и методологија: Класификацијата на ранливоста е развиена врз основа на мултикритериумска анализа на резултатите од социоекономското истражување, вклучувајќи ги следните показатели:

- ниво на приходи на домаќинството
- зависност од приходи поврзани со земјиштето (засегнато и незасегнато земјиште)
- достапност на секундарни извори на приходи
- диверзификација на условите за егзистенција

- демографска структура (постари лица, деца и коефициент на зависност)
- присуство на хронични заболувања
- пристап до основни услуги и пријавени ограничувања

Секое домаќинство беше квалитативно оценето врз основа на овие показатели и класифицирано во една од категориите **ниска, средна или висока ранливост**, кои го одразуваат целокупното ниво на чувствителност на влијанијата врз условите за егзистенција.

5.4.1 Критериуми за класификација на ранливоста

Табела 5-18 Рамка за класификација на ранливоста

Критериум	Ниска ранливост	Средна ранливост	Висока ранливост
Ниво на доход (приход)	Над 45.000 МКД, стабилна плата/пензија	25.000–45.000 МКД или мешан доход	Под 25.000 МКД или нестабилен доход (приход)
Зависност од земјиште	Без или со минамална зависност (<10%)	Умерена зависност (10–30%)	Висока зависност (>30%) или примарно потпирање (на еден извор)
Дополнителен (секундарен) доход	Достапни се повеќе извори	Еден дополнителен (секундарен) извор	Без дополнителен (секундарен) доход
Тип на егзистенција / Начин на издршка	Диверзифициран (плата + пензија + друго)	Мешан (ограничена диверзификација)	Зависен од земјоделство или еден единствен извор
Демографија	Без обврска за издржување	деца/стари лица	Висока стапка на зависност (стари лица/деца) [однос помеѓу издржуваните и работоспособните членови]
Здравствена состојба	Без хронични болести	Одредени хронични случаи во домаќинството	Тешка хронична болест која влијае врз работната способност
Пристап до услуги	Без ограничувања	Мали ограничувања (транспорт/трошоци)	Повеќекратни ограничувања на пристапот (до услуги/ресурси)

5.4.2 Распределба на домаќинствата според ранливоста (проценета класификација)

Следната табела ја прикажува проценетата класификација на домаќинствата според нивото на ранливост, врз основа на комбинираните социоекономски показатели:

Табела 5-19 Распределба на домаќинствата според ранливоста (проценета класификација)

Ниво на ранливост	Проценет удел на домаќинства	Клучни карактеристики
Ниска ранливост	~45–50%	Стабилен доход (плата/пензија), ниска зависност од земјиште, диверзифицирани начини на егзистенција, соодветни услуги

Средна ранливост	~35–40%	Мешани извори на доход, умерена зависност од земјиште, одредени ограничувања или фактори на зависност
Висока ранливост	~10–15%	Низок доход или еден единствен извор на доход, висока зависност од земјиште, ограничена диверзификација, здравствени проблеми или обврски за издржување

Профил на висока ранливост

Домаќинствата со висока ранливост се карактеризираат со еден или повеќе од следните фактори:

- висока зависност од земјоделско земјиште или приходи поврзани со земјиштето
- недостаток на секундарни извори на приходи
- ниски приходи на домаќинството (под 25.000 денари)
- присуство на хронично заболување кое влијае врз работоспособноста
- висок коефициент на зависност (домаќинства со доминантно учество на постари лица или деца)
- пријавени ограничувања поврзани со транспортот или финансиската достапност

Овие домаќинства претставуваат најчувствителна група на потенцијални нарушувања на условите за егзистенција и може да имаат потреба од насочени мерки за ублажување и поддршка во рамките на обновувањето на условите за егзистенција.

Профил на средна ранливост

Домаќинствата со средна ранливост вообичаено се карактеризираат со:

- комбинирана структура на приходи (плата + пензија + помали земјоделски активности)
- умерена зависност од земјиштето (често како дополнителен ресурс)
- одредена диверзификација на условите за егзистенција, но без целосна стабилност;
- повремени ограничувања во пристапот до услуги или поврзани со трошоците
- умерен демографски товар на зависност.

Овие домаќинства може да бидат делумно чувствителни на влијанијата од проектот, но генерално задржуваат одреден капацитет за адаптација.

Профил на ниска ранливост

Домаќинствата со ниска ранливост генерално покажуваат:

- стабилни приходи од вработување или пензии над просечните нивоа
- минимална зависност од приходи поврзани со земјиштето
- диверзифицирани стратегии за обезбедување средства за егзистенција или сигурно вработување

- целосен пристап до услуги и инфраструктура
- нема значајни здравствени ограничувања или ограничувања поврзани со потребата од зависност од туѓа помош.

Се очекува овие домаќинства да имаат **висока отпорност на влијанијата поврзани со земјиштето**.

5.4.3 Структура на ранливост

Анализата на ранливоста покажува дека испитаното население не е подеднакво ранливо, туку одразува **стратифицирана социоекономска структура.**

Приближно половина од домаќинствата спаѓаат во категоријата на ниска ранливост, потпирајќи се на стабилни извори на приходи и имајќи ограничена зависност од условите за егзистенција поврзани со земјиштето. Значаен дел спаѓа во категоријата на средна ранливост, која се карактеризира со комбинирани структури на приходи и умерена изложеност на ризици поврзани со условите за егзистенција.

Помал но значаен дел од домаќинствата спаѓаат во категоријата на висока ранливост, при што ограничената диверзификација на приходите, поголемата зависност од земјиштето, здравствените состојби или демографските притисоци ја зголемуваат чувствителноста на влијанијата поврзани со проектот.

Севкупен заклучок

Класификацијата на ранливоста потврдува дека потенцијалните влијанија од проектот **не се рамномерно распределени**, туку првенствено се концентрирани кај ограничен број домаќинства со поголема зависност од земјиштето, пониска диверзификација на приходите и намален капацитет за адаптација.

Оваа класификација претставува основа за **насочени мерки за обновување на условите за егзистенција**, со што се обезбедува поддршката да биде приоритетно насочена кон домаќинствата кои се најизложени на негативни социоекономски влијанија.

5.5 Користење на земјиштето врз основа на истражувањето спроведено при теренската посета на проектната локација


Користењето на земјиштето во рамките на подрачјето на проектот беше проценето преку триангулација на повеќе примарни и секундарни извори на податоци, со цел да се обезбедат робусност, точност и следливост на наодите. Прегледот на документацијата за животната средина и социјалните аспекти на проектот потврди дека детално мапирање на живеалиштата и користењето на земјиштето („Мапа на живеалишта долж трасата на гасоводот“) било изработено како дел од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) за Интерконективниот гасовод Северна Македонија – Грција (2020). Овие основни карти се дадени во Прилог 4 и


претставуваат примарна референтна основа за условите на користење на земјиштето пред реализацијата на проектот долж трасата.


Овие основни информации беа дополнети со просторни и описни податоци обезбедени од Единицата за имплементација на проектот, Изведувачот и Надзорот, кои систематски беа разгледани и проверени со согледувањата од терен со цел да се обезбедат внатрешна конзистентност и просторна точност.


Тимот за Планот за обновување на условите за егзистенција спроведе структурирана теренска верификација со цел да се потврди и унапреди консолидираниот сет на податоци за намената и користењето на земјиштето. Активноста опфати целни теренски инспекции, директно набљудување на моделите на користење на земјиштето долж репрезентативни делови од коридорот и консултации со засегнати локални корисници на земјиштето. Овој процес овозможи потврдување на мапираните карактеристики на користењето на земјиштето, како и нивно дополнување и усогласување во случаи кога беа идентификувани неформални и сезонски практики на користење на земјиштето.

Сетот на податоци беше дополнително потврден за време на теренската посета спроведена во декември 2025 година во рамките на планот, при што беше потврдено континуираното присуство и активно функционално користење на клучните категории на користење на земјиштето, вклучително земјоделско земјиште, пасишта, потенцијални коридори за движење на добиток, пчеларници/локации со пчелни семејства, активности поврзани со аквакултура, инфраструктура за наводнување, ветерниот парк Калтун, кој во моментот на посетата беше во изградба и рекреативни патеки и рути. На овој начин беше потврдена усогласеноста меѓу мапираните податоци и фактичката состојба на терен. Фотографската документација од теренската посета е дадена подолу.












Figure 5-1 Site Verification – Map Overlay with Field Photographs (December 2025)

Како што е наведено, Номагас и Инженерите обезбедија ажурирано картографско прикажување (со состојба од март 2025 година), во кое се идентификувани формалните и неформалните корисници на земјиштето долж коридорот на проектот. Врз основа на ова мапирање, тимот за планот изработи структурирана табела за користење на земјиштето, со која идентификуваните карактеристики се консолидирани и стандардизирани за потребите на планот. Табелата ги прикажува карактеристиките на користењето на земјиштето, нивната класификација и соодветниот опис во однос на релевантноста за условите за егзистенција и функционалната намена.

Табела 5-20 Карактеристики на користењето на земјиштето и нивната релевантност за условите за егзистенција

бр.	Класа на користење на земјиштето (стандардизиран назив)	Ознака на картата	Класификација	Опис / Средство за егзистенција / Функција
1	Пчеларници / пчелни сандаци (кошници)	Пчеларници / пчелни сандаци	Ресурс за егзистенција / неформално економско користење	Пчеларски активности од мал обем во домаќинствата, кои придонесуваат кон остварување дополнителни приходи
2	Фарма за одгледување добиток	Фарма за одгледување добиток	Средство за земјоделско производство	Објекти што се користат за чување и одгледување добиток и за производство на животински производи на ниво на домаќинство

3	Определено ловиште	Ловиште	Подрачје за користење на заеднички природни ресурси	Регулирано ловно подрачје што се користи за сезонски или контролирани ловни активности
4	Систем на канали за наводнување	Систем на канали за наводнување	Клучна земјоделска инфраструктура	Водоснабдителна мрежа за наводнување, која ја поддржува земјоделската продуктивност.
5	Заедничко пасиште на заедницата во Стојаково	Пасиште во Стојаково	Ресурс во заедничка сопственост	Општинско пасиште што заеднички го користат сопствениците на добиток и кое придонесува за обезбедување средства за егзистенција.
6	Коридор за движење на добиток (Стојаково–Миравци)	Патека за движење на добиток – Миравци	Патека за движење / пристап поврзана со егзистенцијата	Утврден коридор што се користи за секојдневно движење на добитокот помеѓу пасиштата и населените места
7	Објект за аквакултура (рибник)	Рибник	Формално средство за производство поврзано со егзистенцијата	Одгледување риби и производство во аквакултура од мал обем, што придонесува кон приходите на домаќинствата
8	Ветерен парк Калтун (во изградба)	Ветерен парк Калтун	Планирана инфраструктура (енергетски сектор)	Објект за производство на енергија од обновливи извори, кој моментално е во изградба во подрачјето на влијание на Проектот
9	Рекреативна пешачка патека за заедницата	Рекреативен коридор	Подрачје за социјално-рекреативно користење од страна на заедницата	Необележана пешачка и рекреативна патека што ја користи локалното население





Google Earth


Google Earth


Petrovski Manastir
irrigation canal
Google Earth


42
Google Earth





Овие карти го прикажуваат користењето на земјиштето идентификувано во подрачјето на проектот, врз основа на теренските набљудувања и собирањето податоци спроведени од Единицата за имплементација на проектот, Изведувачот и Надзорот. Проценката укажува на претежно рурален пејзаж со мешовита намена на земјиштето, кој главно се состои од земјоделско земјиште што се користи за растително производство и сточарство, како и заеднички пасишта и соодветни

коридори за движење на добитокот. Дополнително, во подрачјето се присутни неколку мали економски активности и активности поврзани со користење на природните ресурси, вклучително и пчеларници и објект за аквакултура (рибник). Во подрачјето е идентификувана и постојна и планирана инфраструктура, вклучително и канали за наводнување и ветерниот парк Калтун, кој во моментот е во изградба. Исто така, присутен е и определен рекреативен пешачки коридор што го користи локалното население. Генерално, профилот на користење на земјиштето ја одразува комбинацијата на традиционални земјоделски средства за егзистенција, тековниот развој на инфраструктурата и рекреативното користење од страна на заедницата во рамките на опфатот на проектот.

Информациите за користењето на земјиштето беа триангуларно проверени преку три извори мапите на живеалишта од ОВЖС од 2020 година; теренската верификација спроведена за време на посетата на локацијата во декември 2025 година; ажурираните податоци обезбедени од Носителот на проектот од март 2025 година (Прилог 5). Оваа триангулација потврди генерално конзистентен образец на користење на земјиштето во подрачјето на проектот, со мали ажурирања кои ја одразуваат тековната состојба на користењето на земјиштето.

Наоди за користењето на земјиштето

Проценката покажува дека користењето на земјиштето долж коридорот на проектот е претежно **земјоделско**, вклучително лозови насади; овоштарници и обработливо земјиште. Дополнително, присутни се **пасишта и полуприродна вегетација**, особено во деловите кои се користат за земјоделско производство со помал интензитет.

Ограничени површини со изградени објекти или станбена намена беа идентификувани главно на оддалеченост од трасата на гасоводот. Дел од земјиштето во државна сопственост, кое е дадено под концесија исто така се користи за земјоделски цели.

Теренската верификација го потврди присуството и на формални корисници на земјиштето (регистрирани сопственици и концесионери) и на неформални или дополнителни корисници, особено во однос на обработката, сезонското користење и активностите поврзани со пасење. Неформалното користење вклучува и пчеларски активности, при што пчелните сандаци се поставени долж земјоделски парцели и полуприродни подрачја, што ги одразува типичните практики за обезбедување средства за егзистенција во регионот.

Генерално, моделите на користење на земјиштето се во согласност со руралниот карактер на подрачјето на проектот, при што земјоделството претставува доминантна намена на земјиштето и клучен извор на средства за егзистенција. Истовремено, неформалните активности како што е пчеларството, обезбедуваат дополнителни приходи и треба да се земат предвид при проценатa на влијанијата и планирањето на мерките за ублажување.

Овие категории на користење на земјиштето беа проценети со посебно внимание на потенцијалната зависност од условите за егзистенција и континуитетот на постојните практики на користење на земјиштето. Иако досегашната процена не идентификува значајни влијанија врз условите за егзистенција поврзани со користењето на земјиште во државна сопственост, Носителот на проектот ќе продолжи да ги проверува условите за користење на земјиштето и да одржува комуникација со релевантните органи, корисниците на закуп, концесионерите и другите корисници на земјиштето во текот на преостанатите фази од реализацијата на проектот.

Доколку бидат идентификувани претходно неевидентирани формални или неформални корисници на земјиштето или доколку за време на изградбата или обновувањето на земјиштето се појават непредвидени влијанија врз условите за егзистенција, Носителот на проектот ќе ги процени таквите влијанија зависно од случајот и ќе спроведе соодветни мерки за нивно избегнување, минимизирање, ублажување или обновување на засегнатите средства за егзистенција согласно потребите. Во зависност од природата на влијанието, таквите мерки може да вклучуваат прилагодување на планирањето на градежните активности; одржување на пристапот до земјиштето и ресурсите; координација со релевантните органи и корисниците на земјиштето, дополнителен надомест каде што е применливо и други мерки за обновување на условите за егзистенција, во согласност со принципите и целите на овој план.

Континуираното следење, активностите за вклучување на засегнатите страни и функционирањето на Механизмот за поплаки на проектот ќе поддржат навремено идентификување и решавање на сите прашања поврзани со користењето на земјиштето, ограничувањата на пристапот или влијанијата врз условите за егзистенција поврзани со активностите на проектот.

Земјоделско производство и карактеристики на условите за егзистенција

Со цел да се воспостави основна состојба на земјоделските средства за егзистенција во подрачјето на проектот, НОМАГАС со поддршка од Изведувачот и Консултантот за надзор, спроведе земјоделски попис за идентификување на постојните системи на земјоделско производство, карактеризирање на моделите на користење на земјиштето и процена на потенцијалните влијанија поврзани со откупот на земјиште за потребите на проектот, воспоставувањето службености и привременото заземање на земјиште. Пописот опфати вкупно 891 земјишна парцела лоцирана во рамките на или во непосредна близина на опфатот на проектот и претставува значајна основа за процена на потребите за обновување на условите за егзистенција, во согласност со целите на Барањето за изведба 5 (БИ5) на ЕБОР.

Резултатите покажуваат дека земјоделското производство и понатаму претставува значајна активност на користење на земјиштето во подрачјето на проектот, иако значителен дел од анкетираните парцели во моментот не се активни. Од вкупно 891

проценета парцела, 206 парцели се идентификувани како парцели со активно земјоделско користење, додека 685 парцели се класифицирани како неактивни, напуштени или на друг начин моментално некористени за продуктивни земјоделски цели. Релативно високиот број неактивни парцели ги одразува пошироките трендови во користењето на руралното земјиште забележани во регионот, вклучително фрагментацијата на земјоделското земјиште, демографските промени, миграцијата на работоспособното население и постепеното намалување на малото земјоделско производство во одредени заедници. Детален табеларен приказ на наодите е даден во Прилог 5.

Меѓу активно обработуваните парцели, земјоделското производство е силно концентрирано на одгледување повеќегодишни насади, особено лозови насади. Лозовите насади се убедливо доминантна земјоделска дејност и сочинуваат приближно 73% од сите продуктивни парцели идентификувани во рамките на пописот. Овој наод ја потврдува економската и културната важност на производството на грозје во подрачјето на проектот и покажува дека лозарството претставува главна земјоделска дејност за обезбедување средства за егзистенција за значителен дел од засегнатите корисници на земјиштето.

Покрај лозовите насади, пописот идентификуваше и низа други земјоделски активности, вклучително одгледување едногодишни земјоделски култури, производство на зеленчук, овоштарници, маслинарници, ограничен обем на пчеларски активности. Најчесто евидентирани земјоделски намени по лозовите насади вклучуваат општо земјоделско производство, одгледување зелка, насади со круши, маслинарници, градинарско производство и одгледување пченка. Исто така, неколку парцели се идентификувани како парцели со комбинирани земјоделски системи, кои вклучуваат овоштарници и пчеларски активности. Иако овие активности се одвиваат во помал обем во споредба со лозарството, тие сепак придонесуваат кон сигурноста на храната во домаќинствата, остварувањето дополнителни приходи и диверзификацијата на руралните средства за егзистенција.

Земјоделскиот профил утврден преку пописот укажува на релативно ниско ниво на диверзификација на земјоделските култури кај активните корисници на земјоделско земјиште. Производството е концентрирано околу ограничен број земјоделски култури, при што лозовите насади претставуваат доминантен извор на земјоделско производство. Ваквата ориентација може да ја зголеми чувствителноста на влијанијата поврзани со проектот во ситуации кога пристапот до продуктивното земјиште е привремено ограничен или земјоделските активности се нарушени за време на изградбата. Домаќинствата чии извори на егзистенција првенствено зависат од една земјоделска дејност може да имаат помалку алтернативни можности за остварување приходи, поради што може да бидат поранливи на привремени загуби во земјоделското производство.

Значајна карактеристика на земјоделското производство во подрачјето на проектот е доминацијата на повеќегодишните насади. Лозовите насади, овоштарниците со

круши, маслинарниците, овоштарниците со праски и другите овошни насади бараат долгорочни инвестиции, специјализирани земјоделски практики и неколку години за достигнување на продуктивна зрелост. За разлика од едногодишните култури, кои генерално може повторно да се засадат во рамките на една производна сезона, повеќегодишните насади претставуваат долгорочни средства за обезбедување на средства за егзистенција со значително подолг период на обновување во случај на физичко оштетување или загуба. Оттука, влијанијата што ги засегаат повеќегодишните насади имаат потенцијал да предизвикаат позначајни последици врз условите за егзистенција, доколку не се применат соодветни мерки за ублажување.

Од аспект на обновувањето на условите за егзистенција, застапеноста на повеќегодишното земјоделско производство има значајни импликации за планирањето на надоместокот и мерките за обновување. Мерките за обновување не треба да се ограничат само на надоместување на изгубените земјоделски култури, туку треба да го земат предвид и времето потребно за повторно воспоставување на продуктивниот капацитет, загубата на приходи во периодот на обновување, како и трошоците поврзани со санацијата и обновувањето на земјоделското земјиште по завршувањето на градежните активности. Поради тоа посебно внимание треба да им се посвети на сопствениците на лозови насади и производителите во овоштарници, чии продуктивни средства може привремено или трајно да бидат засегнати од активностите на проектот.

Пописот, исто така утврди мал број парцели поврзани со пчеларски активности. Иако претставуваат ограничен удел во вкупното земјоделско производство, пчеларството може да претставува значаен дополнителен извор на приходи за домаќинствата и може да биде чувствително на привремени ограничувања на пристапот, отстранување на вегетацијата, нарушувања предизвикани од градежните активности и промени во периодот и достапноста на цветната вегетација во земјоделските подрачја. Каде што е релевантно, треба да се разгледаат конкретни мерки за ублажување со цел да се обезбеди овие активности да не бидат негативно засегнати.

Генерално, наодите покажуваат дека земјоделството и понатаму претставува значајна компонента на условите за егзистенција за дел од населението во подрачјето на проектот и покрај големиот број неактивни парцели. Земјоделското производство се карактеризира со силна зависност од лозарството и другите повеќегодишни насади, што создава специфичен профил на средства за егзистенција кој бара внимателно разгледување во текот на реализацијата на проектот. Во согласност со барањето за изведба на ЕБОР БИ5, мерките за обновување на условите за егзистенција треба да бидат дизајнирани така што на засегнатите корисници на земјиштето ќе им овозможат да ги обноват, а каде што е возможно и да ги подобрат условите за егзистенција и животниот стандард што ги имале пред реализацијата на проектот.

Наодите од земјоделскиот попис ја потврдуваат потребата од пристап кон обновувањето на условите за егзистенција кој ќе се фокусира на одржување на земјоделската продуктивност, минимизирање на нарушувањата на земјоделските активности, враќање на земјиштето во состојба што е можно поблиска до состојбата пред изградбата, навремено обезбедување надомест за сите привремени или трајни влијанија врз земјоделските култури и земјоделските средства, обновување на земјоделското земјиште по завршувањето на градежните активности, зачувување на пристапот до земјоделските парцели каде што тоа е практично изводливо, надомест за загубите на земјоделски култури во согласност со применливата рамка на права и надоместоци, насочена поддршка за домаќинствата чии средства за егзистенција во значителна мера зависат од лозарството, овоштарството или други продуктивни земјоделски дејности. Овие мерки ќе придонесат кон обезбедување дека лицата засегнати од проектот нема да бидат економски оштетени како резултат на реализацијата на проектот и дека целите на барањето за изведба БИ 5 на ЕБОР ќе бидат ефикасно исполнети.

5.6 Користење на земјиштето врз основа на наодите од клучните информативни интервјуа (KIIs) и фокус-групните дискусии (FGDs)

Во периодот јануари–февруари 2026 година, беа спроведени серија интервјуа со клучни информатори (KIIs), дискусии во фокус-групи (FGDs) и состаноци на општинско ниво во општините Богданци, Гевгелија, Демир Капија и Неготино, вклучително и во нивните соодветни населени места. Во рамките на процесот беа одржани четири (4) состаноци со општинските администрации, како клучни информатори, осум (8) состаноци со фокус-групи. Овие консултации беа спроведени како дел од процесот на собирање податоци за Програмата за обновување на условите за егзистенција.

Основните цели на овие консултации беа:

- да се проценат постоечките начини на користење на земјиштето
- да се соберат мислења од заедницата во однос на можните влијанија од проектот
- да се утврдат соодветни мерки за обновување на условите за егзистенција

Меѓу учесниците беа вклучени претставници од општините, локални претставници од јавното претпријатие за стопанисување со шуми и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, невладини организации, разни граѓански здруженија, претставници од засегнатите села како и претставници на ранливите групи. Разновидоста на засегнатите страни овозможи во процесот на проценка да бидат опфатени широк спектар на мислења и забелешки.

Во текот на овие консултации, учесниците беа информирани дека постапката за експропријација/откуп на земјиштето се спроведува во согласност со националното законодавство и со барањата на ЕБОР, како и со Политиката за животна средина и социјални аспекти на ЕБОР од 2019 година, со посебен акцент на Барањето за

изведба 5. Важно е да се нагласи дека лицата кои се засегнати од проектот ги опфаќаат и формалните сопственици на земјиште и неформалните корисници на земјиште.

Користење на земјиште и активности за обезбедување на егзистенција

Земјоделството во општините низ кои поминува интерконекторот Богданци, Гевгелија, Демир Капија и Неготино се карактеризира со разновидна но во најголема мера дополнителна основа за обезбедување на егзистенцијата. Во Богданци земјоделската дејност е концентрирана во селото Стојаково каде што најзастапени се одгледувањето на зелки, лозарство и овоштарството односно насадите со круши. Голем дел од околното земјиште е необработено а земјоделството генерално обезбедува дополнителни наместо примарни приходи за домаќинствата. Пчеларството е присутно на поширокото подрачје на општината но не е значително застапено во рамките на коридорот на проектот додека пак шумарските активности се занемарливи поради ограничената растителна покривка/вегетација. Во самиот град земјоделската дејност е во опаѓање во споредба со селата со поголем фокус кон услужните дејности и други извори на приходи.

Во Гевгелија доминира производството на зеленчук особено на домати и пиперки додека помали површини се користат за овожни и житни култури. Собирањето шумски производи, како боровинки и печурки е присутно но во ограничен обем и главно за потребите на домаќинствата. Сточарството е минимално застапено а пчеларството не претставува значајна активност. И во оваа општина земјоделството има дополнителен карактер што се потврдува и со намалувањето на бројот на поднесени барања за земјоделски субвенции во последните години.

Демир Капија се карактеризира со широко распространети лозови насади, кои претставуваат основа на локалното земјодлство надополнети со одредени овоштарници. Сточарството е ограничено иако е забележано неформално напасување на говеда и овци од страна на локалните домаќинства особено во подрачјето околу селото Дрен. Земјоделството обезбедува дополнителни приходи за домаќинствата, но иселувањето и стареењето на населението ја намалиле отпорноста и одржливоста на локалните заедници.

Неготино е широко препознаено како дел од производствениот регион на вино на Северна Македонија, при што лозовите насади и овоштарниците особено насадите со праски и кајсии ја сочинуваат основата на земјоделската дејност. Сточарството е ограничено и претежно се одвива во штали, додека пчеларството и собирањето шумски производи се занемарливи. Како и во другите општини, земјоделството има дополнителен карактер при што домаќинствата се потпираат на комбинација од различни извори на приходи.

Низ подрачјето на интерконекторот лозарството е најзастапена земјоделска дејност особено во Неготино и Демир Капија, додека одгледувањето на зеленчук е концентрирано во Гевгелија и Богданци. Овоштарството придонесува за

дополнителна разновидност при што во Богданци се одгледуваат круши а во Неготино праски и кајсии. Сточарството генерално е ограничено, со забележано неформално напасување на добиток во Демир Капија, додека шумарските активности се од помал обем и се ограничени на собирање бобинки и печурки за сопствени потреби во Гевгелија. Генерално, земјоделството не претставува примарен извор на егзистенција во овие општини, туку дополнителна дејност при што домаќинствата претпочитаат паричен надомест за влијанијата поврзани со откупот на земјиште.

Сезонски аспекти на активностите за егзистенција

Земјоделството во општините долж Интерконкеторот следи сезонски ритам, обликуван од климатските услови и циклусите на земјоделските култури. Во подрачјето на Богданци, земјоделските дејности достигнуваат врв двапати годишно. Зелката се сади и бере во пролет, а потоа повторно во есен, додека лозјата и насадите со круши бараат активности во текот на летото и есента, кога се одвива бербата. Во Стојаково, најактивното земјоделско село во општината, семејствата ги усогласуваат овие сезонски активности со други извори на приходи, што го прави земјоделството важен но не и единствен извор на егзистенција.

Во Гевгелија, производството на зеленчук, како што се домати и пиперки, главно се одвива во летните месеци. Овошјето и житните култури се собираат кон крајот на летото и во текот на есента, додека собирањето боровинки во лето и печурки во пролет и есен обезбедува дополнителен сезонски приход, иако најчесто се користат за потребите на домаќинствата а не за комерцијална продажба.

Лозјата во Демир Капија го определуваат ритамот на земјоделскиот календар. Зимата и летото се посветени на кроење и одржување, додека кон крајот на летото и почетокот на есента се одвива бербата на грозјето. Напасувањето на добитокот продолжува во текот на целата година, но стадата често се преместуваат меѓу селата во пролет и есен што ги одразува традиционалните сезонски практики. Шумарството има само маргинална улога, при што активностите за егзистенција главно се поврзани со сезонските циклуси на одгледување грозје.

Во подрачјето на Неготино, лозјата и овоштарниците бараат грижа во текот на целата година, со берби концентрирани кон крајот на летото и во есен. Праските и кајсиите се берат во средината и кон крајот на летото што придонесува за разновидност на земјоделскиот календар. Сточарството е ограничено и главно се одвива во објекти за чување на добиток, поради што е помалку под влијание на сезонските промени и се потпира на континуирано обезбедување храна.

Генерално, овие општини покажуваат дека земјоделството е силно сезонско условено со најголема побарувачка на труд во периодите на садење и берба. Домаќинствата се потпираат на семејниот труд за управување со овие циклуси а земјоделството често претставува дополнување на други извори на приходи наместо единствен извор на егзистенција.

Родови и динамика во заедницата

Семејната и општествената динамика се важни за егзистенцијата во подрачјето на интерконекторот, каде што доминираат земјоделството (лозови насади, овоштарници и производство на зеленчук) и сезонската работа. Семејниот труд и понатаму е од суштинско значење за време на периодите на интензивна берба, при што постојат силни традиции на заемна помош меѓу домаќинствата. Солидарноста во заедницата се одржува преку споделување знаења за земјоделските техники и управувањето со водните ресурси, но таа постепено се намалува поради иселувањето на младите во урбаните центри, како што е Скопје или во странство (на пример, во земјите на ЕУ). Помладите генерации се повеќе им даваат приоритет на образованието или на работните места надвор од земјоделството, што ја намалува меѓугенерациската поддршка во земјоделските активности.

Родовите улоги се јасно поделени: мажите ги извршуваат физички најинтензивните активности, како што се орањето и наводнувањето од реката Вардар, додека жените се грижат за домашните обврски, децата и постарите членови на семејството, како и за преработката на храна и полесните земјоделски работи. За време на дискусиите во фокус групите со учество на жени, беа разгледани ограничувањата во мобилноста и недостигот од услуги за згрижување на деца, кои го ограничуваат нивниот развој на претприемачките активности во агропреработката или малопродажбата.

Во Богданци и Демир Капија, жените потврдуваат дека го носат главниот товар на домашните работи и грижата за членовите на семејството, додека мажите се фокусираат на активности што генерираат приходи. Заедничкото донесување одлуки меѓу сопружниците е вообичаено кога станува збор за семејните финансии, а жените често учествуваат во земјоделските активности заедно со мажите. Стапката на запишување на девојчињата во стручното образование е зголемена (на пр. Стапката на завршување на основното образование изнесува 95% според податоците на МАКЕДСТАТ за 2024 година), но жените посочија дека недостапниот јавен превоз и несигурните автобуски линии, високите трошоци за гориво и ниската стапка на управување со возило од страна на жените претставуваат пречки за редовното посетување на наставата.

Предизвици и ранливости поврзани со егзистенцијата

Наодите од фокус – групните дискусии и интервјуата со клучни информатори спроведени во Неготино, Демир Капија, Богданци и Гевгелија укажуваат на неколку заеднички предизвици поврзани со егзистенцијата кои ги засегаат домаќинствата кои се занимаат со земјоделство и слични дејности.

Земјоделството и понатаму претставува главен извор на приходи особено преку лозарството, овоштарството и производството на зеленчук. Сепак домаќинствата се високо изложени на ризици поврзани со климатските промени вклучувајќи и суши и ретки врнежи што доведува до нестабилни приноси и осцилации во приходите.

Земјоделските површини генерално се мали и фрагментирани, што ја ограничува продуктивноста и можностите за механизација. Во комбинација со ограниченият пристап до системи за наводнување и рурална инфраструктура, ова ја намалува ефикасноста на земјоделското производство и ги зголемува производствените трошоци.

Дополнителен клучен предизвик претставува стареењето на руралното население, бидејќи помладите членови се почесто мигрираат во урбаните средини или во странство. Ова резултира со недостиг на работна сила и ја намалува долгорочната одржливост на земјоделските активности.

Многу домаќинства, исто така се соочуваат со ограничени можности за диверзификација на приходите при што во голема мера се потпираат на земјоделството како примарен или секундарен извор на приходи. Ова ја зголемува нивната ранливост на нестабилноста на цените, зависноста од пазарот и зголемените трошоци за производство.

Пристапот до финансиски средства и понатаму е ограничен, особено за малите земјоделски производители кои немаат доволно обезбедување или стабилни приходи, што го ограничува инвестирањето во модернизација и подобрување на продуктивноста.

Генерално, најранливите групи ги вклучуваат малите земјоделски производители, домаќинствата со стари лица и лицата со ограничени алтернативни извори на приходи, кои се најизложени на земјоделски и економски шокови.

Институционална поддршка и обуки

Преглед на достапните услуги

Институционалните механизми обезбедуваат основна поддршка за заедниците во подрачјето на проектот за интерконекторот (општините Неготино, Богданци, Гевгелија и Демир Капија), првенствено преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ). Сепак, интервјуата со клучни информатори (KII) и дискусиите во фокус групи (FGD) спроведени за потребите на Планот за обновување на условите за егзистенција укажуваат дека овие услуги се перципираат како фрагментирани, со недоволна покриеност и сеопфатност за да одговорат на локалните потреби.

МЗШВ ги спроведува основните административни функции, вклучително и регистрација на земјоделските стопанства, поднесување барања за субвенции во рамките на програмата ИПАРД и управување со договори за земјоделски инпути. Советодавните служби во земјоделството обезбедуваат техничка поддршка и насоки за наводнување, управување со штетници и плодоред, но нивната примена и понатаму е повремена и ограничена на одредени географски подрачја, особено во руралните населени места во општина Демир Капија.

Програми за вработување и стручно оспособување

Локалните подрачни единици на АВРСМ во Гевгелија и Неготино спроведуваат иницијативи за самовработување наменети за невработени лица, со акцент на занаетчиството, агропреработката и земјоделството од мал обем. Овие програми обезбедуваат грантови за започнување бизнис (до 300.000 МКД, согласно циклусите за 2025 година), како и професионално менторство, со цел создавање одржливи средства за егзистенција во услови на сезонски карактер на економските активности во Вардарската Долина.

Стручните обуки опфаќаат информатичка технологија (ИТ), заварување и агробизнис, дополнети со национални јавни повици од централата на АВРСМ во Скопје за преквалификација и интеграција на пазарот на трудот.

- Регионалните истражувања на пазарот на трудот укажуваат на побарувачка за профили како што се:
- градежни работници,
- работници за пакување (капацитети за преработка во Богданци),
- техничари за мехатроника и фризери (во индустрискиот и услужниот сектор во близина на границата кај Гевгелија).

Општините нудат насочени мерки, вклучително и грантови со приоритет за млади земјоделци и жени земјоделки (на пример, 15% учество на жени во Неготино, според податоците на МЗШВ за 2024 година), како и мерки за социјална заштита, како што се стипендии за згрижување на деца и услуги за домашна грижа за стари лица.

За време на состаноците беше дискутирано дека постои потреба од унапредени и лесно достапни обуки, прилагодени на потребите на младите и жените. Приоритетните области вклучуваат:

- Интеграција на технологии во земјоделството (на пример, алатки за прецизно земјоделство);
- Специфични вештини поврзани со проектот (на пример, работи на инфраструктурата на интерконекторот);
- Сертифицирани програми во областа на професионалното земјоделство и стручните занимања.

5.7 Влијанија од проектот и претпочитани мерки за обнова

Табела 5-21 Матрица на влијанија од проектот врз домаќинствата

Вид на влијание	Засегнати домаќинства	Интензитет на влијанието	Предложени мерки	Приоритет
Делумен откуп на земјиште / ограничување на користењето на земјиштето	Поголем дел од домаќинствата	Ниска	Паричен надомест за засегнатото земјиште	Висок

Привремено заземање на земјиште (во фаза на изградба)	**Корисници на земјиштето (земјоделство)**	**Ниска–умерена**	**Надомест + обновување на земјиштето**	**Висок**
Нарушување на земјоделските активности	Домаќинства кои го користат земјиштето за земјоделство	Умерена (локализирана)	Поддршка за земјоделството (репроматеријали, алати, поддршка за продуктивноста)	Средно-висок
Загуба на приходи од земјоделска дејност (во ограничен број случаи)	**Домаќинства зависни од земјоделство**	**Умерена–висока (во неколку случаи)**	**Паричен надомест + таргетирана поддршка за егзистенцијата**	**Висок**
Ограничувања на пристапот (привремени)	Домаќинства со засегнати парцели	Ниска	Управување со изградбата + обновување на пристапот	Среден
Влијанија врз ранливите домаќинства	Постари лица, домаќинства со ниски приходи и лица со хронични заболувања	Умерена–висока (таргетирана)	Дополнителна помош (финансиска или во натура)	**Висок**
Ограничени можности за диверзификација на изворите на приходи	Домаќинства без дополнителни извори на приходи	умерена	Поддршка за диверзификација на изворите на приходи (обуки, мал бизнис)	Среден
Ниска информираност / неизвесност во врска со проектот	Домаќинства без став / очекувања	Ниска	Споделување информации и вклучување на засегнатите страни	Висок
Потреби поврзани со инфраструктурата на заедницата	Сите заедници	Индиректна	Подобрување на патиштата, поддршка на локалната инфраструктура	Висок
Очекувања за вработување	Работоспособно население	Индиректна можност	Локално вработување за време на изградбата	Висок

Проценката на влијанијата од проектот покажува дека влијанијата врз домаќинствата првенствено се поврзани со земјиштето и генерално се со ограничен обем. Поголемиот дел од домаќинствата ќе претрпат делумно влијание врз земјиштето, додека само многу мал број може да се соочат со позначителни влијанија.

Важно е да се истакне дека повеќето домаќинства не зависат првенствено од земјоделството, бидејќи нивните приходи главно потекнуваат од плати и пензии. Како резултат на тоа, се очекува вкупното влијание врз приходите на домаќинствата да биде мало за поголемиот дел од засегнатите домаќинства.

Сепак, помала група домаќинства може да биде поранлива, особено оние кои:

- во поголема мера зависат од земјоделското земјиште

- немаат дополнителни извори на приходи
- имаат стари лица или лица со хронични заболувања

Клучни области на влијание

- Делумно губење или ограничување на користењето на земјиштето
- Привремено нарушување на земјоделските активности
- Незначителни влијанија врз приходите (ограничени на одредени домаќинства)
- Привремени ограничувања на пристапот за време на изградбата

Пристап кон обновување на условите за егзистенција

Планот за обновување на условите за егзистенција применува пропорционален и насочен пристап, кој комбинира надомест со дополнителни мерки за поддршка онаму каде што е потребно.

Клучните мерки вклучуваат

- **Паричен надомест** за одземање на земјиште и за привремени влијанија
- **Земјоделска поддршка** за засегнатите земјоделски домаќинства
- **Можности за вработување** за време на изградбата
- **Подобрување на инфраструктурата**, особено патниот пристап
- **Насочена поддршка за ранливите домаќинства**
- **Поддршка за диверзификација на условите за егзистенција**, каде што е потребно
- **Континуирано вклучување на засегнатите страни и споделување информации**

Усогласеност со приоритетите на заедницата

Предложените мерки се целосно усогласени со повратните информации од заедницата, во кои беа истакнати следните приоритети:

- подобрување на патиштата
- отворање работни места
- поддршка на земјоделството
- подобрување на јавните услуги

Резиме: Генерално, се очекува проектот да има ограничени и управливи влијанија врз условите за егзистенција. Повеќето домаќинства покажуваат доволна отпорност, поткрепена со диверзифицирани извори на приходи и добар пристап до услуги

Насочените мерки за поддршка ќе обезбедат

- **заштита на ранливите домаќинства;** и
- **ниту едно домаќинство да не биде несразмерно засегнато**

Мерките за обновување на условите за егзистенција наведени погоре следат пропорционален и диференциран пристап, заснован на видот и обемот на влијанијата како и на ранливоста на домаќинствата.

Надоместот треба да се обезбеди за сите подобни загуби, во согласност со применливите барања, додека дополнителните мерки за обновување на условите за егзистенција треба да бидат насочени кон домаќинствата со повисок степен на ранливост или поголема зависност од засегнатите средства.

При спроведувањето на овој План за обновување на условите за егзистенција, особено внимание треба да се посвети на ранливите лица засегнати од проектот вклучително и домаќинствата со ограничена диверзификација на приходите, хронични здравствени состојби или повисок коефициент на зависност, со цел да се обезбеди тие да не бидат непропорционално засегнати.

Спроведувањето на овие мерки ќе се следи со цел да се оцени нивната ефикасност во обновувањето на условите за егзистенција и одржувањето на животниот стандард на нивото што постоело пред реализацијата на проектот.

6. Подобност и права на надомест

6.1 Преглед

Овој дел од Планот за обновување на условите за егзистенција ги утврдува критериумите за подобност на лицата засегнати од проектот за добивање надомест и помош, како и конкретните права што им следуваат за секој вид влијание поврзано со раселувањето во рамките на подрачјето за одземање на земјиште на Проектот.

Овој дел директно се однесува на клучните прашања, вклучително и:

- Кој има право на овие бенефиции; и
- Кои форми на надомест или поддршка може да ги очекуваат засегнатите лица за различни видови загуби, како што се земјиште, објекти, земјоделски култури, бизниси или средства за егзистенција.

Оваа рамка обезбедува правичен и транспарентен процес за обновување на засегнатите средства за егзистенција, по целосна цена на замена.

6.2 Критериуми за подобност

Во рамките на овој проект, лицата засегнати од проектот се лица кои претрпуваат економско раселување како резултат на проектот. Сите физички лица или домаќинства кои поседуваат или користат земјиште засегнато од проектот во рамките на подрачјето на гасниот интерконектор НОМАГАС — без разлика дали имаат формално или неформално право на користење — и кои претрпуваат економско раселување (при што не се очекува физичко раселување), а се утврдени преку анкетни и пописни активности, имаат право на надомест, обновување на условите за егзистенција или друга соодветна помош.

Лицата засегнати од проектот кои имаат право на надомест и на проектна помош се оние кои исполнуваат најмалку еден од трите критериуми наведени во Табела 6-1. Примерите првенствено се однесуваат на познатите и постојните лица засегнати од проектот, но ги опфаќаат и карактеристиките на потенцијалните идни лица засегнати од проектот кои би можеле да бидат утврдени.

Подобноста за надомест и обновување на условите за егзистенција се однесува на:

- Правни сопственици на земјиште со формален имотен лист
- Закупци и корисници на земјиште
- Неформални корисници на земјиште со утврдени права или побарувања
- Корисници на земјиште во сопственост на државата;
- Ранливи лица.

Табела 6-1 Критериуми за подобност

Критериуми за подобност [14]	Примери на засегнати лица од проектот на кои се применуваат критериумите
Критериум 1 **Сопственици или корисници на земјиште со формално законско право на земјиштето или средствата што ги поседуваат или користат.**	Приватни сопственици на земјиште (правни или физички лица) Концесионери на земјиште во јавна сопственост Закупци со признаени права (физички лица кои изнајмуваат приватно земјиште или го користат врз основа на писмени или усни договори) Вработени (работници со потпишани договори со претпријатија кои го користат земјиштето или со сопственици на земјиште, кои се засегнати поради губење на работното место)
Критериум 2 **Лица кои во моментот немаат формални законски права врз земјиштето или имотот, но имаат побарување на земјиште кое е признаено или може да биде признаено согласно обичајното или националното законодавство.**	Наследници на земјиште без регистрирано сопственичиштво Лица со постапка за легализација на имот во тек (сопственици во постапка на стекнување сопственост по основ на одржливост[15])
Критериум 3 **Лица кои немаат сопственички документ, признаено или препознатливо побарување, ниту законско право на земјиштето или средствата што ги заземаат или користат.**	Неформални корисници на земјиште (на пр., редовни или сезонски корисници на земјиште во јавна или приватна сопственост, лица кои собираат природни ресурси од земјиштето со цел остварување приход)

Лицата засегнати од проектот опфатени со критериумите 1) и 2) во Табела 6-1 ќе добијат надомест за соодветните економски загуби поврзани со засегнатото земјиште и средствата што се наоѓаат на земјиштето. Лицата засегнати од проектот опфатени со критериумот 3) нема да имаат право на надомест за засегнатото земјиште, но ќе имаат право на надомест за нивните средства што не се поврзани со земјиштето, како и на друга помош во рамките на планот, како што се преодна поддршка, помош при изнаоѓање алтернативно земјиште, обуки и други мерки, во зависност од индивидуалната ситуација. Доколку бидат засегнати деловни субјекти, и тие ќе добијат соодветен надомест.

Лицата засегнати од проектот вообичаено се соочуваат со трајни или привремени загуби на земјиште, средства и во одредени случаи, приходи, што наложува обезбедување правичен надомест. Овие влијанија може дополнително да се влошат поради ранливоста, обемот на загубата или нарушувањето на условите за егзистенција, што бара примена на насочени мерки за нивно обновување. Дополнително, во сите фази на проектот и во рамките на трите критериуми за подобност наведени во Табела 6-2, лицата засегнати од проектот може да се соочат

[14] Критериумите за подобност главно се утврдени со Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 31/08, 92/08, 139/09 и 35/10).

[15] Стекнувањето сопственост по основ на одржливост е правен принцип кој му овозможува на лице да побара стекнување сопственост врз земјиште што законски не е во негова сопственост, под услов тој да го владее непрекинато во определен временски период. На овој начин, лицето може да стекне право на сопственост врз недвижност преку непрекинато владение или користење, а овој принцип често се нарекува и права на бесправен корисник на земјиште.

со оштетување на средствата или со непредвидени влијанија. Тие се категоризираат како „други" загуби и бараат соодветно ниво на внимание и управување. Сите критериуми за проценка на загубите на лицата засегнати од проектот се сумирани во Табела 6-2.

Табела 6-2 Критериуми за проценка на загубите на лицата засегнати од проектот

Главни категории на засегнати лица:	Подобност на засегнатите лица за надомест и помош:
Сопственици на земјиште (формални сопственици со законски права или побарувања во однос на земјиштето): • **Држава (т.е. Шумско стопанство).** • **Мешани државни/приватни сопственици.** • **Приватни**	• Засегнати лица со формални законски права или побарувања во однос на земјиштето, вклучувајќи ги државните и приватните сопственици на мешани државно/приватни парцели. • Во согласност со Законот за наследувањето на Македонија, кога регистрираниот сопственик на земјишна парцела е починат, правото на сопственост преминува на неговите/нејзините наследници. Во отсуство на наследник, наследството преминува во сопственост на државата. • Државата/Шумското стопанство немаат право на други плаќања по основ на закуп, изнајмување или надомест, освен надоместот за загуба на пошумено земјиште и дрвна маса, согласно формулата утврдена во Правилникот за утврдување на надоместокот за трајна пренамена на шуми и шумско земјиште (2011).
Сопственици на дрвја • **Шумско стопанство** • **Мешани државни/приватни сопственици**	• Јавното претпријатие „Национални шуми" (во понатамошниот текст: „Шумско стопанство"), кое управува со шумското земјиште во државна сопственост во име на државата, има право на надомест за загуба на пошумено земјиште и дрвна маса, согласно формулата утврдена во Правилникот за утврдување на надоместокот за трајна пренамена на шуми и шумско земјиште (2011).
Сопственици (т.е. земјоделци) на земјоделски култури или повеќегодишни насади.	• Сопствениците на земјоделски култури или повеќегодишни насади на крајниот датум утврден при проценката на имотот имаат право на надомест за загуба на земјоделски култури или повеќегодишни насади, без оглед на тоа дали земјоделците имаат законска сопственост врз земјишните парцели што ги обработуваат.
Корисници на шумско (пасишта) земјиште, вклучувајќи: • **Сточари кои вршат напасување на добиток (во фаза на проценка).** • **Носители на концесија за лов** • **Собирачи на шумски производи**	Корисници чии приходи или средства за егзистенција се засегнати од пристапот на Проектот до земјиштето, вклучувајќи: • Формални корисници на земјиште – како што се носители на дозволи за собирање дрвна маса од шумско земјиште во рамките на концесијата. • Неформални сточари кои пасат добиток на земјиштето без соодветна дозвола или овластување во „Проектната област", а кои немаат формални законски права или побарувања во однос на земјиштето што го користат, но го користат врз основа на воспоставена традиционална практика • Лицата што ги вршат овие активности за обезбедување средства за егзистенција, а кои се идентификувани во

	текот на пописните истражувања и на крајниот датум, ќе имаат право на надомест. • Во однос на собирањето дрвна маса, заедниците и приватните компании за производство/собирање дрвна маса не се сметаат за подобни за надомест, бидејќи засегнатото подрачје – долг и тесен појас долж трасата на гасоводот – е минимално по ширина и претставува само мал дел од нивното многу поголемо оперативно шумско подрачје, каде што овие активности може непречено да продолжат. • Собирањето шумски производи што не се дрвна маса, со или без соодветна дозвола, е ретка практика, а во подрачјето ќе останат и други шумски површини на располагање за оваа активност. Поради тоа, оваа активност нема да биде посебно опфатена како подобна за надомест во рамките на матрицата на права и надоместоци. • Носителите на концесии за лов, кои имаат утврдени годишни програми за лов во подрачјето на гасоводот, ќе имаат право на надомест за намалувањето на приходите предизвикано од градежните активности.
Сопственици на објекти и ресурси од културното наследство и археолошки ресурси засегнати од одземањето на земјиштето	• НОМАГАС ќе се консултира со лицата и институциите надлежни за заштита на културното наследство и археолошките наоѓалишта идентификувани во рамките на ОВЖССА, како и во текот на работите за уредување на локацијата (на пр., при случајни археолошки откритија), во врска со предложените мерки за заштита (како што е сумирано во Табела x-x).
Ранливи лица	• Локалната заедница и поединците/домаќинствата засегнати од губење на пристапот и/или нарушување на пристапот, што потенцијално може да предизвика значителни влијанија врз условите за егзистенција, особено кај оние кои поради својата ранливост и/или зависноста на нивните средства за егзистенција од овие активности може да претрпат несразмерно влијание.

Во оваа фаза од Проектот, нема индикации дека одземањето на земјиштето за потребите на проектот ќе влијае врз постоечките објекти и капацитети од значење за заедницата, како што се водоводни цевководи, столбови и објекти на енергетската дистрибутивна мрежа, училишта, здравствени установи или пазари.

Секое лице засегнато од проектот кое ќе биде идентификувано по спроведувањето на анкетите за планот, во последователните фази од развојот на проектот, ќе биде опфатено со истата постапка што досега се применувала. Оваа постапка е детално опишана во овој план и се состои од три фази: постапка за одземање на земјиштето; собирање податоци за планот за земјиште во приватна и јавна сопственост и анализа на податоците за планот за земјиште во приватна и јавна сопственост. Критериумите за подобност и матрицата на права и надоместоци утврдени во ова поглавје подеднакво се применуваат и на новоидентификуваните лица засегнати од проектот.

6.3 Краен датум

За потребите на Проектот, беа идентификувани засегнатите катастарски парцели и нивните корисници со цел да се утврдат границите на подобност за надомест или помош што произлегуваат од одземањето на земјиште, закупот или воспоставувањето службеност. Утврдувањето на крајниот датум служи како основа за идентификување на лицата засегнати од проектот и за обезбедување јасно дефинирани критериуми за подобност, истовремено спречувајќи неоправдани или шпекулативни побарувања по објавувањето на Проектот.

Утврдени се различни крајни датуми за идентификација на лицата засегнати од проектот, во зависност од категоријата на засегнатите лица и природата на сопственоста и користењето на земјиштето.

За формалните сопственици на земјиште и концесионерите, крајниот датум е дефиниран како период што започнува во јуни 2025 година, кога НОМАГАС започна со консултации со засегнатите страни и ги покани сопствениците на земјиште на состаноци во рамките на подготовката на проектот и продолжува до датумот на прием на официјалното известување за експропријација или друга формална писмена комуникација во врска со потребите на Проектот за земјиште или измените на постојните договори. За поединечните случаи, применливата референтна точка е датумот на прием на официјалното известување за експропријација или еквивалентна формална комуникација. Со ова се обезбедува подобноста за надомест и/или правата на надомест да се засноваат на законски признаените права во моментот на формалното известување за Проектот.

За неформалните корисници на земјиште и корисниците на ресурси во заедничка сопственост, крајниот датум е утврден на 01.08.2026 година, што претставува краен рок за регистрација на побарувањата од страна на сите потенцијално засегнати лица. По должината на проектниот коридор е објавено официјално известување (види го приложеното известување), со кое засегнатите страни се информираат за можноста да го регистрираат неформалното користење на земјиштето и поврзаните побарувања пред утврдениот датум. Со цел да се обезбедат целосност и инклузивност во процесот на идентификација на лицата засегнати од проектот, сите неформални корисници на земјиште и корисници на ресурси во заедничка сопственост се охрабруваат да се пријават и да ги регистрираат своите побарувања до овој датум. По истекот на рокот, нема да се смета дека дополнителни побарувања ги исполнуваат условите за права на надомест поврзани со Проектот. За да се поддржи целосната идентификација и да се обезбеди инклузивност на регистарот на лицата засегнати од проектот, Единицата за имплементација на проектот, Изведувачот и Надзорот го олеснуваат саморегистрирањето на неформалните корисници преку јавно истакнати информативни известувања, локално соодветни комуникациски канали и координација со локалните претставници и назначените контакт лица. Сите доставени информации ќе бидат евидентирани, по потреба проверени и консолидирани во базата на податоци за

лицата кои се засегнати од проектот, која ќе се ажурира во текот на целата имплементација на Проектот, со цел да се обезбедат нејзината целосност и точност.

Класификацијата на лицата засегнати од проектот и применливите крајни датуми се прикажани во табелата подолу.

Табела 6-3 Дефинирање на групите засегнати од проектот и референтни точки за крајниот датум

Категорија на засегнати лица	Дефиниција / Основа за идентификација	Референтен краен датум
Формални сопственици на земјиште	Регистрирани сопственици на земјиште засегнати од потребите за откуп на земјиште, закуп или воспоставување право на службеност.	Период кој започнува од јуни 2025 година (почеток на консултациите и формалното вклучување во рамките на Проектот) до датумот на прием на официјалното известување за експропријација или друга формална комуникација од Проектот во врска со потребите за земјиште.
Концесионери / закупци	Корисници на земјиште врз основа на формални договори за закуп или концесија, засегнати од измени поврзани со Проектот или од потребите за земјиште	Период кој започнува од јуни 2025 година до датумот на прием на формалното известување во врска со измена на договорот, анекс, раскинување или промена на користењето на земјиштето поврзана со Проектот.
Неформални корисници на земјиште	Физички лица или домаќинства кои користат земјиште без формално право на сопственост или друг правен основ (на пр. за пасење, пчеларство или земјоделски активности од мал обем) во рамките на подрачјето на Проектот.	01.08.2026 година (краен рок за регистрација на барањата од страна на сите потенцијално засегнати неформални корисници на земјиште).
Корисници на ресурси во заедничка сопственост	Корисници од заедниците на заеднички ресурси, како што се пасиштата и коридорите за движење на добитокот.	01.08.2026 година (усогласено со рокот за идентификација и регистрација на неформалните корисници и корисниците на ресурси во заедничка сопственост).

6.4 Права на надомест

Рамката за правата на надомест се заснова на социоекономските податоци од пописот и истражувањата на земјиштето и средствата, преку кои се идентификуваат лицата засегнати од проектот и засегнатите ресурси. Наодите служат како основа за матрицата на права и надоместоци, со која се дефинираат потенцијалните загуби и соодветните мерки за надомест или поддршка за секоја категорија на лица засегнати од проектот. Матрицата исто така предвидува преодна помош во случаи

кога се појавуваат привремени намалувања на приходите или производството во текот на периодот на повторно воспоставување на условите за егзистенција. Ова вклучува ситуации поврзани со преместување на условите за егзистенција, санација и повторно оспособување на земјиштето или преминување кон алтернативни економски активности, се додека условите за егзистенција не се обноват до нивото што постоело пред реализацијата на Проектот.

Рамката е конципирана така што ги одразува специфичните услови на Проектот, но истовремено останува прилагодлива во случај на непредвидени влијанија. Корисниците на државно земјиште се опфатени преку колективни мерки за обновување на условите за егзистенција, додека Табела X.X ги прикажува правата на надомест што се применуваат на сите категории лица засегнати од проектот.

Правата на надомест се структурирани во три групи:

- Надомест за загуби на земјиште, средства и услови за егзистенција
- Мерки и поддршка за обновување на условите за егзистенција
- Одредби за дополнителни или непредвидени влијанија

6.5 Матрица на правата на надомест

Вид на загуба/влијание	Категорија на лица засегнати од проектот	Права / Мерки за ублажување – Надомест и помош
Надомест за земјиште, средства и средства за егзистенција:		
• Трајно губење на земјиште	Сопственици на земјиште (формални сопственици со законски права или побарувања во однос на земјиштето) – приватни или мешовити – врз основа на катастарските податоци и консултациите со локалните заедници, општините и другите засегнати страни[16].	Паричен надомест на регистрираните приватни сопственици на парцели со мешовита државна/приватна сопственост, за процентот на земјиштето и средствата во нивна сопственост, како и надомест за изгубени земјоделски култури, шума, овоштарници итн., врз основа на проценката изготвена од овластен проценител. Пристап до мерки за обновување на условите за егзистенција, доколку нивната егзистенција зависи од засегнатата парцела. За земјоделците кои обработуваат земјиште во приватна сопственост и примаат државни плаќања, истото плаќање ќе продолжи согласно условите утврдени во договорот за земјиштето. Доколку регистрираниот приватен сопственик е починат, надоместот ќе им биде исплатен на наследниците на сопственикот.
• Трајно губење на земјиште	• Концесионери на земјиште во јавна сопственост • Закупци со признати права	Паричен надомест за покривање на изгубените приходи од закупнина. За земјоделците кои користат земјиште во приватна сопственост и примаат државна поддршка, истата

[16] Сопствениците кои имаат побарување, но не располагаат со целосна правна документација, ќе бидат информирани со цел да ја обезбедат и подготват потребната документација за потврдување на основаноста на нивните побарувања (на пример, во случаи кога постапката за наследување треба да се заврши, како и кај одредени корисници на земјоделско земјиште).

		исплата ќе продолжи согласно условите утврдени во договорот за земјиштето. Пристап до мерки за обновување на условите за егзистенција, доколку нивната егзистенција зависи од засегнатата парцела.
• Трајно губење на земјиште	Неформални корисници на земјиште	Износите на паричниот надоместок се утврдуваат врз основа на писмени докази, како што се документи со кои се докажува приходот остварен од погодената парцела вклучително: лична карта, имотен лист или друг доказ за сопственост, даночни потврди, договори за закуп/наем, банкарски или други докази за исплати, евиденција за обработка на земјиштето, фактури за продажба, членство во земјоделски задруги, регистрација на дејност, договори за вработување и евиденција за социјално осигурување. Доколку не се достапни официјални документи, може да се користат алтернативни начини на верификација, како што се фотографии направени пред настанувањето на влијанието/започнувањето на проектот, потврда од локалните власти или надлежни органи и потпишани изјави од сведоци. Пристап до мерки за обновување на условите за егзистенција, доколку условите за егзистенција на засегнатите лица зависат од погодената земјишна парцела.
• Привремено губење на земјиште	• Сопственици на земјиште (формални сопственици со законски права или побарувања во однос на земјиштето) – приватни, државни или со мешовита сопственост – врз основа на катастарските податоци и консултациите со локалните заедници, општините и другите засегнати страни.	Паричен надоместок за правото на користење на земјиштето согласно договор/спогодба за договорениот период, како и враќање на земјиштето во првобитната состојба по завршувањето на користењето. За земјоделците кои обработуваат земјиште во приватна сопственост и добиваат владина поддршка, ќе се обезбеди истиот надоместок, согласно условите утврдени во договорот за користење на земјиштето. Пристап до мерки за обновување на условите за егзистенција, доколку условите за егзистенција на

		засегнатите лица зависат од погодената земјишна парцела.
• Привремено губење на земјиште	• Концесионери на земјиште во јавна сопственост	Паричен надомест за раскинување на договорот/спогодбата со МЗШВ за договорениот период, согласно националното законодавство, како и надомест за загубата на имотот и земјоделските култури, согласно соодветната проценка. Пристап до мерки за обнова на животните услови доколку нивната егзистенција зависи од засегнатата парцела.
• Привремено губење на земјиште	Неформални корисници на земјиште	Известување за навремено прибирање на земјоделските култури или собирање на производите од дрвјата пред земјиштето привремено да стане недостапно, како и известување да не се врши повторно засејување. Пристап до мерки за обнова на животните услови доколку нивната егзистенција зависи од засегнатата парцела.
Загуба на дрвна маса	Сопственици и корисници на дрвна маса, што може да вклучува: - Приватни сопственици на земјиште - Концесионери на земјиште во јавна сопственост - Закупци со признати права	Паричен надомест за количината на дрвната маса и за предизвиканата штета, утврдени согласно проценката изготвена во согласност со националното законодавство од страна на овластен проценител од Јавното претпријатие „Национални шуми". Пристап до мерки за обнова на животните услови доколку нивната егзистенција зависи од засегнатата парцела.
• Загуби на земјоделски култури, овоштарници и лозја	Сопственици и корисници на земјиште, што може да вклучува: - Приватни сопственици на земјиште - Концесионери на земјиште во јавна сопственост - Закупци со признати права - Неформални корисници на земјиште	Навремено известување за жетва на земјоделските култури и за да не се врши повторно засејување на парцелите потребни за реализација на проектните работи. Паричен надоместок за загубите, согласно Постапката за проценка, како и за загубата на приход. Пристап до мерки за обновување на условите за егзистенција, доколку условите за егзистенција на

		засегнатите лица зависат од погодената земјишна парцела.
• **Загуби на приходи (освен приходи од земјоделска дејност)**	- Неформални корисници на земјиште (за намени како што се напасување на говеда и овци, како и други видови користење на природните ресурси, како што се сеча на дрва, лов, пчеларство, собирање лековити и други билки, меѓу другото)	Поддршка при изнаоѓање алтернативно земјиште за продолжување на нивната дејност.
• **Ранливи групи**	Идентификувани ранливи групи во подрачјето на проектот • Возрасни лица и домаќинства со многу ниски приходи кои зависат од егзистенција заснована на користење на земјиштето. • Вдовици, домаќинства со жени како носители на домаќинството и возрасни лица чии деца се иселиле во странство. • Семејства со деца со попреченост и/или сериозно болни деца. • Семејства во околните населени места кои добиваат помош од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Гевгелија и Неготино.	На барателите на работа ќе им биде даден приоритет да аплицираат за вработување на проектот и ќе бидат избрани со предност доколку ги поседуваат потребните вештини кои се еднакви или повисоки од вештините што ги поседуваат другите засегнати лица кои аплицираат. На ранливите лица ќе им бидат достапни можности за диверзификација на вештините преку компонентите за обнова на животните услови во рамките на Планот за обнова. Ќе биде обезбедена дополнителна поддршка при идентификување алтернативни извори на приходи, како и помош при обуки за стекнување вештини, врз основа на нивните приоритети, интереси и вештини. Најмалку едно лице од секое засегнато домаќинство ќе учествува во „Програмата за поддршка на ранливи домаќинства“ (за детали во врска со програмата, видете го делот „Мерки за обнова на условите за егзистенција“ во овој план.
• Привремени нарушувања за време на изградбата (ограничувања на пристапот и влијанија врз животната средина за време на изградбата).	Сите засегнати лица	Известување најмалку 30 дена однапред Консултации за пристапот кон управувањето со сообраќајот и решенијата за обезбедување пристап со цел да се овозможи привремен пристап Рекултивација на засегнатото земјиште

• Непредвидено оштетување на материјалните средства и/или изворите на егзистенција во текот на изградбата, работењето или деактивирањето/ ставање надвор од употреба на проектот	Сопственик на оштетениот имот, што може да вклучува: • Приватни сопственици на земјиште • Закупци со признати права • Наследници без регистрирано право на сопственост • Лица со постапка за легализација на имот во тек • Неформални корисници на земјиште	Надоместок исплатен од ~~Изведувачот~~ во висина на целосните трошоци за замена на оштетениот имот, земјоделските култури и дрвјата. Помош при подготовката или обновувањето на земјиштето по настаната штета предизвикана од проектот, доколку е применливо.
• Непредвидени влијанија.	Во моментот непознато	Ќе биде документирано и ќе бидат преземени мерки за ублажување или ќе биде обезбеден надоместок, согласно принципите на овој План за обновување на условите за егзистенција.

7. Мерки за обновување на условите за егзистенција

7.1 Преглед

Кога одземањето на земјиште или воспоставувањето на право на службеност предизвикува негативни влијанија врз условите за егзистенција на лицата засегнати од проектот или доведува до губење на продуктивни средства што се користат за егзистенција или создавање приходи, се утврдуваат и спроведуваат соодветно прилагодени мерки за обновување на условите за егзистенција. Меѓународните стандарди нагласуваат дека надоместот за директните загуби на земјиште и средства треба да биде дополнет со помош заснована на потребите со цел да се одговори на економското раселување. Ова вклучува дополнителни мерки за поддршка на обновувањето и потенцијалното подобрување на условите за егзистенција на лицата засегнати од проектот и зајакнување на нивната долгорочна економска стабилност. Ваквата поддршка е од суштинско значење за да им се овозможи на лицата засегнати од проектот да ги одржат или надминат социоекономските услови што ги имале пред реализацијата на Проектот.

Овој План за обновување на условите за егзистенција ги опишува програмите кои се развиени како одговор на преференциите и потребите на лицата засегнати од проектот а се утврдени во текот на собирањето на податоците.

Социоекономското истражување покажува дека поголемиот дел од засегнатите домаќинства не зависат првенствено од земјоделството како главен извор на средства за егзистенција бидејќи платите и пензиите претставуваат доминантен дел од приходите на домаќинствата. Истовремено земјоделството и понатаму претставува важен дополнителен или секундарен извор на приходи за значаен дел од домаќинствата, додека помал дел од домаќинствата покажува поголема зависност од ресурсите поврзани со земјиштето и ограничена разновидност на изворите на приходи. Од овие причини, планот применува пропорционален и насочен пристап, кој комбинира надомест, обновување на условите за егзистенција и поддршка заснована на степенот на ранливост.

Програмите во рамките на планот даваат приоритет на обновувањето на постоечките средства за егзистенција, истовремено нудејќи алтернативни можности за обезбедување средства за егзистенција онаму каде што е соодветно. Лицата засегнати од проектот ќе можат да изберат мерки што одговараат на нивните преференции и индивидуални околности, а учеството во која било програма за обновување на условите за егзистенција ќе биде доброволно и без каква било форма на присила. Ранливоста, возраста и родовата припадност ќе се земаат предвид во текот на целокупното спроведување на мерките, со посебно внимание на жените, младите, старите лица, домаќинствата со ниски приходи и домаќинствата со лица со хронични заболувања или ограничена способност за приспособување.

Програмите даваат приоритет на обновувањето на постоечките средства за егзистенција во согласност со меѓународните стандарди, истовремено нудејќи алтернативни можности каде што е соодветно. При креирањето на програмите се зема предвид индивидуалниот избор, овозможувајќи им на лицата засегнати од проектот да изберат опции што се во согласност со нивните преференции. Ранливоста, возраста и родовата припадност се интегрирани во сите фази на спроведувањето, со насочена поддршка за ранливите лица, младите, жените и мажите. Учеството е целосно доброволно и без каква било форма на присила.

Континуитет на земјоделските активности и управување со земјоделските култури

Договорите за земјиштето овозможуваат жетва на постојните земјоделски култури што се веќе засадени, под услов тоа да не ја одложува реализацијата на Проектот. Засегнатите земјоделци на земјиште во приватна сопственост ќе добијат навремено известување со кое ќе бидат информирани дека не смеат да засадуваат нови земјоделски култури или дрвја на парцелите потребни за реализација на проектните работи. Концесионерите, согласно договорите склучени со државата, се обврзани по завршувањето на тековната жетва да го вратат земјоделското земјиште по истекот или раскинувањето на договорот. Дрвјата ќе се задржуваат на нивната постојна локација, каде што тоа е изводливо.

Инклузивност и родови аспекти

Планот предвидува структуриран процес во рамките на кој на засегнатите домаќинства ќе им бидат презентирани јасни и реално остварливи можности за обновување на условите за егзистенција. Ќе се посветат соодветно време и напори за да се обезбеди лицата засегнати од проектот целосно да ги разберат достапните можности и да можат да донесат информирани одлуки.

Посебно внимание ќе биде посветено на жените: тие ќе добијат целосни информации за пакетите за обновување на условите за егзистенција, активно ќе учествуваат во процесот на донесување одлуки, ќе потпишуваат правни документи каде што тоа е изводливо и ќе добиваат заеднички исплати на надомест со брачниот другар, со цел да се промовира правична распределба на придобивките.

Подобност за обновување на условите за егзистенција

Овој план ги утврдува домаќинствата на приватни сопственици на земјиште засегнати од Проектот како подобни за поддршка за обновување на условите за егзистенција во случаи кога одземањето на земјиште, воспоставувањето на право на службеност, привременото заземање или други влијанија поврзани со Проектот влијаат врз нивната основа за обезбедување средства за егзистенција. Лицата засегнати од проектот кои вршат економски активности на земјиште во државна

сопственост, исто така може да бидат подобни доколку ги исполнуваат договорените критериуми за подобност.

Во случаи кога корисниците на државно земјиште не можат однапред поединечно да се идентификуваат, избраните програми ќе бидат јавно достапни за заинтересираните лица во проектното подрачје и ќе бидат објавувани преку директни проектни канали, јавни известувања, состаноци со заедницата, локални претставници и други достапни начини за информирање, со што се обезбедува процесот на информирање и вклучување да биде иницран и воден од Проектот.

Од особена важност е сите програми да се следат, оценуваат и доколку е потребно прилагодуваат во текот на нивното спроведување, при што каде што е соодветно, ќе се започне со пилот-поддршка за приоритетните лица засегнати од проектот.

7.2 Програми за обновување на условите за егзистенција

Следните табели ги прикажуваат предложените програми, вклучувајќи ги нивните цели, критериумите за подобност, клучните фази и потенцијалните партнери. Носителот на Проектот ќе ги доразработи програмите во соработка со партнерите за нивно спроведување и ќе подготви опис на работните задачи за давателите на услуги.

За потребите на планот за Интерконекторот Северна Македонија – Грција, овие програми директно одговараат на приоритетите идентификувани преку консултациите со лицата засегнати од проектот, со посебен акцент на вработувањето, земјоделството и поддршката на ранливите групи. Секоја програма го следи утврдениот формат и опфаќа: прилагодени цели, инклузивно спроведување (со приоритет за жените, младите и ранливите лица), обезбедување финансиски надоместоци/стипендии, поддршка за грижа за деца и транспорт, како и следење во пилот-фаза.

Табела 7-1 Поддршка за унапредување на земјоделската продуктивност

Компонента	Опис
Цел	Зајакнување на отпорноста и продуктивноста на условите за егзистенција поврзани со земјиштето (земјоделство, сточарство и пчеларство) преку обуки, обезбедување репроматеријали и поврзување со пазари.
Детали	8–12 обуки/сесии за управување со почвата, наводнувањето и штетниците, техники на земјоделство отпорно на климатските промени и пристап до субвенции. Демонстративни парцели; ментори од редовите на учесниците; прилагодена поддршка за сточари. Пакети со материјали: семиња, органски репроматеријали и опрема за превенција од пожари.
Подобност	Лица засегнати од проектот на возраст од 16 и повеќе години кои се занимаваат со активности поврзани со користење на земјиштето во Гевгелија, Богданци, Неготино и Демир Капија.
Клучни фази	Присуство, завршување на менторската поддршка и проценка по завршувањето на обуката.
Партнери	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, општините Гевгелија, Богданци, Неготино и Демир Капија, Агенцијата за храна и ветеринарство и универзитетите.

Табела 7-2 Обезбедување семенски материјал и репроматеријали

Компонента	Опис

Дел	Обезбедување брзо обновување на продуктивноста по раселувањето преку обезбедување квалитетен семенски материјал и репроматеријали.
Детали	Ваучери за сертифициран семенски материјал, ѓубрива и земјоделски алати; систем на електронски ваучери за транспарентност. Поддршката ќе биде комбинирана со обуки за правилна употреба, со фокус на отпорни сорти и сорти прилагодени на климатските промени. Приоритет ќе има обезбедувањето пакети за жени и млади.
Подобност	Засегнати корисници на приватно и државно земјиште во Гевгелија, Богданци, Неготино и Демир Капија.
Клучни фази	Искористување на ваучерите, проверка на нивната употреба и собирање повратни информации.
Партнери	Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, општините Гевгелија, Богданци, Неготино и Демир Капија и земјоделските аптеки/дистрибутери на земјоделски материјали.

Табела 7-3 Обука за финансиска писменост

Компонента	Опис
Цел	Овозможување одговорно користење на условите од надоместокот, штедење и инвестирање со цел обезбедување одржливи средства за егзистенција.
Детали	Прилагодени обуки за водење деловни книги, буџетирање, кредитирање, деловно планирање и даночни обврски. Посебни обуки за жени и млади; онлајн и во живо; следење и поддршка во период од една година.
Подобност	Сите лица засегнати од проектот на возраст од 16 и повеќе години, со приоритет за ранливите домаќинства во Гевгелија, Богданци, Неготино и Демир Капија.
Клучни фази	Присуство, проценка на стекнатото знаење и последователна евалуација.
Партнери	Народна банка, стопански комори и универзитети.

Табела 7-4 Поддршка за развој на бизнисот

Component	Опис
Цел	Отворање или проширување на микро-претпријатија, нивно поврзување со можности за вработување и пазари и диверзифицирање на изворите на приходи.
Детали	Менторство за развој на бизнисот, насоки за започнување бизнис, поврзување со пазари и поддршка за мали инвестиции. Прилагодена поддршка за земјоделски и транспортни бизниси, со посебен фокус на бизниси предводени од жени.
Подобност	Лица засегнати од проектот на возраст од 16 и повеќе години кои претходно посетувале обука за финансиска писменост, ги завршиле основните обуки за финансиска писменост и покажуваат интерес за претприемништво, при што приоритет имаат невработените лица во општините опфатени со проектот.
Клучни фази	Изработка на деловни планови, поддршка при започнување на бизнисот и евалуација.
Партнери	Македонска фондација за развој на претпријатијата, агенции за вработување и стопански комори. [10]

Табела 7-5 Приоритетно вработување за време на изградбата

Компонента	Опис
Цел	Обезбедување привремени можности за остварување приходи за засегнатите домаќинства во текот на фазата на изградба.
Детали	При вработувањето на лица засегнати од проектот ќе се зема предвид приоритетот за работни места за неквалификувани и полуквалификувани работници, согласно нивните квалификации и потребите на изведувачот; каде што е релевантно, може да се обезбеди и поддршка за транспорт.
Подобност	Лица засегнати од проектот на работоспособна возраст во проектното подрачје во општините Гевгелија, Богданци, Неготино и Демир Капија, со приоритет за невработени лица, ранливи домаќинства и домаќинства со ниски приходи.

Клучни фази	Вработување, задржување на работното место и повратни информации од работниците.
Партнери	Изведувачот на градежните работи, агенции за вработување и општините Гевгелија, Богданци, Неготино и Демир Капија.

Табела 7-6 Насочена поддршка за ранливи домаќинства

Компонента	Опис
Цел	Премостување на привремените економски тешкотии кај ранливите домаќинства кои се соочуваат со поголема изложеност на последиците од проектот
Детали	Временски ограничена парична или материјална помош, поддршка за транспорт, упатување до социјални услуги и управување со поединечни случаи, каде што е соодветно
Подобност	Ранливи домаќинства, вклучително и домаќинства со ниски приходи, без дополнителен извор на приходи, со членови со хронични заболувања, со зависни постари лица или со ограничени алтернативи за обезбедување средства за егзистенција
Клучни фази	Проценка на потребите, обезбедување поддршка, последователно следење и завршна евалуација.
Партнери	Социјални центри, невладини организации (CARE) и општините Гевгелија, Богданци, Неготино и Демир Капија.

Дополнителна можност: приоритетно вработување

За потребите на проектот Интерконектор Северна Македонија – Грција, приоритетното вработување на лицата засегнати од проектот кои претрпеле економско раселување им нуди дополнителна можност за вработување, под услов да поседуваат релевантно искуство и вештини.

Оваа иницијатива е одделна од формалните програми во рамките на планот, со цел да се избегне создавање зависност и истовремено промовира инклузија, родова сензитивност и долгорочно вработување.

Номагас ќе соработува со изведувачите и подизведувачите, како и со инженерот (тимот за надзор), со цел да им даде приоритет на лицата засегнати од проектот кои изразиле интерес во текот на анкетите спроведени за потребите на планот, во согласност со политиките за човечки ресурси и процедурите за регрутирање. Покрај непосредното обезбедување работни места, оваа иницијатива ќе овозможи обука на работното место, развој на вештини и стекнување практично искуство, во согласност со насоките на Стандардот за успешност 2 на IFC (IFC PS2) во однос на заштитните мерки.

8. Вклучување на засегнатите страни и механизам за поплаки

Ова поглавје ги опишува активностите за консултации и објавување информации поврзани со планот кои се спроведени и кои ќе се спроведуваат во иднина. Овие активности ги земаат предвид меѓународните барања, со што се обезбедува лицата засегнати од проектот да бидат соодветно консултирани и да имаат можност да учествуваат во планирањето и спроведувањето на програмите за обновување на условите за егзистенција.

8.1 Анализа на засегнатите страни

Следните засегнати страни се идентификувани како клучни за планот:

- Лицата засегнати од проектот и членовите на нивните домаќинства
- Претставници на локалните заедници во општините на кои им припаѓаат селата во проектното подрачје
- Општинските власти, вклучително и одделенијата за животна средина, урбан развој и локален економски развој
- Деловни субјекти и организации лоцирани во подрачјето на Проектот
- Невладини организации (НВО) и различни граѓански здруженија кои се активни во подрачјето на Проектот.

Овие засегнати страни веќе беа вклучени преку претходни консултативни состаноци одржани во текот на изработката на техничката документација и Студијата за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти на Проектот, како што е прикажано во подготвениот План за вклучување на засегнатите страни.

Активностите за вклучување на засегнатите страни беа спроведени во текот на подготовката на Оцената на влијанието врз животната средина за Интерконекторот во периодот 2019–2020 година. Дополнителни јавни консултации беа одржани во април и мај 2022 година, со цел да се исполнат барањата на кредиторите, а истите се документирани во Дополнителната Студија за животна средина и социјалните аспекти. Консултациите со јавноста во врска со Додатокот на студијата беа одржани во март 2023 година. Механизам за поплаки беше воспоставен во општините Гевгелија, Богданци, Демир Капија и Неготино, како и во просториите на Номагас во Скопје и во просториите на Изведувачот во Демир Капија, во јули 2025 година. Јавни презентации во сите четири општини, со цел означување на започнувањето на Проектот, беа одржани во август 2025 година.

Механизмот за поплаки специфичен за Проектот треба да се спроведе во согласност со Политиката за животна средина и социјални аспекти на ЕБОР (2019) и Барањето за изведба 10. Механизмот обезбедува достапен, транспарентен и структуриран процес за прием и решавање на забелешки и поплаки поврзани со одземањето на земјиште, пристапот и влијанијата врз обновувањето на условите за егзистенција.

8.2 Планирано ангажирање на засегнатите страни

Дополнителни консултации ќе се одржат со засегнатите заедници и поширок круг засегнати страни во текот на објавувањето, ажурирањето и спроведувањето на планот. Тимот за социјални прашања на Номагас ќе ја координира организацијата со општините и локалните канцеларии на месните заедници со цел да се усогласи распоредот на состаноците.

По финализирањето, спроведувањето и следењето на планот, планирани се следните клучни активности за објавување и споделување информации:

- Подготовка и дистрибуција на Брошура со информации за јавноста на македонски јазик
- Поставување примероци од планот на македонски јазик во општинските и локалните канцеларии на месните заедници
- Објавување на планот на веб страниците на Номагас за однапред утврден временски период.

Овие активности се разгледуваат подетално подолу.

Брошура со информации за јавноста

За потребите на објавувањето и информирањето, Номагас ќе подготви резиме на конечниот План за обновување на условите за егзистенција во форма на Брошура со информации за јавноста. Брошурата ќе содржи поедноставен преглед на планот, при што каде што е потребно, техничката терминологија ќе биде сведена на минимум за да се обезбедат јасност и лесна достапност на информациите.

Во брошурата ќе биде опишан процесот на консултации, вклучително и методите и постапките за вклучување на лицата засегнати од проектот во активностите за обновување на условите за егзистенција, како и целокупниот процес на спроведување. Брошурата исто така ќе содржи јасни информации за механизмот за решавање на поплаки.

Брошурата ќе биде на македонски јазик и напишана со едноставен и разбирлив јазик, со што на лицата засегнати од проектот и на локалните заедници ќе им се овозможи лесно да ги разберат достапните бенефиции и мерките за надомест за различните категории лица засегнати од проектот како што се дефинирани во Матрицата на права и надоместоци.

Номагас ќе ги дистрибуира брошурите за време на консултативните состаноци со заедниците и ќе обезбеди примероци на клучни локации во заедниците, вклучително и во канцелариите на месните заедници, како и во канцелариите на проектантот/инженерот и Изведувачот на локацијата на Проектот.

Објавување на Планот за обновување на условите за егзистенција

Одобрениот план ќе биде објавен и презентиран на состаноци, при што тимот на Номагас ќе ги објасни усвоените постапки за обновување на условите за егзистенција и исплата на надомест. Планот за обновување на условите за егзистенција ќе биде објавен во рок од една недела по неговото одобрување и ќе биде јавно достапен на македонски и англиски јазик. Печатени примероци ќе бидат достапни во општинските згради, како и во канцелариите на проектниот инженер и

Изведувачот на локацијата на Проектот. Документот исто така ќе биде објавен на веб страниците на општините и на Номагас. Дополнително, конечната брошура со резиме на планот ќе биде дистрибуирана до засегнатите лица и локалните засегнати страни. Овие мерки ќе обезбедат сите релевантни информации, како што се правата на надомест, постапките за поднесување и решавање на поплаки и временските рокови за спроведување да останат достапни во формати и на јазици соодветни за локалната заедница.

Номагас, исто така ќе го достави одобрениот план до советите на месните заедници и ќе обезбеди тој да биде достапен за сите засегнати лица и други релевантни засегнати страни, вклучително и државните институции и невладините организации (НВО). Објавувањето ќе се спроведува во форма, на начин и на јазик што се разбирливи за овие засегнати страни, вклучително и преку Брошурата со информации за јавноста опишана погоре. Дополнително, планот ќе биде објавен на веб страницата на Номагас. Процесот на објавување и споделување информации ќе продолжи во текот на целиот период на реализација на Проектот.

Понатаму, информирањето и објавувањето на информации ќе продолжат во текот на целиот проектен период.

Овие консултации ќе ги опфатат следните цели:

- Објавување на планот и дистрибуција на Брошурата со информации за јавноста
- Договор за правата на надомест и пакетите за компензација
- Дискусија за потребите и преференциите во однос на обновувањето на средствата за егзистенција;
- Објавување информации за можностите за вработување во рамките на Проектот
- Дискусија за помошта што одговара на утврдените права на надомест;
- Олеснување на активностите за следење и мониторинг

Состаноците со заедниците, со поддршка од членовите на советите на месните заедници, ќе продолжат да бидат главен механизам за вклучување на засегнатите страни. Временските рокови за овие активности се наведени во распоредот за спроведување на планот (види Поглавје 9.3).

8.3 Објавување на информации

За време на теренската работа, проектниот тим подготви и дистрибуираше покана со која беше појаснет процесот на планот. На овој начин се обезбеди засегнатите лица и локалните засегнати страни да добијат јасни и достапни информации за Проектот, рамката на правата на надомест и механизмот за поплаки. Поканата беше истакната на општинските згради и објавена на веб страниците на општините. Линковите од поканите се:

- Општина Неготино

https://negotino.gov.mk/%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%81%d1%82%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d1%81%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bd%d0%be%d0%ba-%d0%b2%d0%be-%d0%b2%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b0-%d1%81%d0%be-%d1%81%d0%be/

- Општина Демир Капија

https://opstinademirkapija.gov.mk/pokana-za-sredba-so-pretstavnici-od-nomagas/

Понатаму, објавувањето и споделувањето информации ќе продолжат во текот на целиот период на реализација на Проектот. Откако конечниот план ќе биде одобрен од страна на кредиторите, тој ќе биде јавно достапен на македонски и англиски јазик. Печатени примероци ќе бидат достапни во општинските згради, како и во канцелариите на проектниот инженер и Изведувачот на локацијата на Проектот. Документот исто така ќе биде објавен на веб страниците на општините и на Номагас. Дополнително, конечната брошура со резиме на планот ќе биде дистрибуирана до засегнатите лица и локалните засегнати страни. Овие мерки ќе обезбедат сите релевантни информации — како што се правата на надомест, постапките за поднесување и решавање на поплаки и временските рокови за спроведување — да останат достапни во формати и на јазици соодветни за локалната заедница.

8.4 Механизам за поплаки

Поплаките може да се поднесат бесплатно, усно или во писмена форма. Сите поплаки ќе бидат потврдени во рок од **пет (5) работни дена** и ќе се постапува по нив согласно следниот процес:

- **Регистрација и потврда на приемот:** во рок од 5 работни дена
- **Првична проценка и класификација:** во рок од 10 работни дена
- **Испитување и утврдување на решение:** во рок од 20–30 работни дена (во зависност од сложеноста на случајот);
- **Известување на подносителот на поплаката за одлуката**: во рок од 5 работни дена по утврдувањето на решението;
- **Затворање на случајот:** по прифаќањето на решението или по завршувањето на договорените корективни мерки.

Кога е потребно дополнително време, подносителот на поплаката ќе биде однапред информиран за причините за доцнењето и за ревидираниот рок за постапување.

Во текот на подготовката на планот беше воспоставен регистар на поплаки, кој беше споделен со Номагас. Сите прашања и забелешки покренати во текот на вклучувањето на засегнатите страни беа систематски евидентирани и проследени до Номагас за понатамошно разгледување и решавање.

Номагас потврдува дека вклучувањето на засегнатите страни е континуиран процес и дека поплаки може да се појават во текот на процесот на одземање на земјиштето и изградбата. Соодветно на тоа, планот вклучува посебна постапка за поднесување и решавање поплаки наменета за засегнатите лица. Оваа постапка е во согласност со целокупниот механизам на Компанијата за поплаки поврзани со вклучувањето на засегнатите страни, но се администрира одделно за прашања поврзани со одземањето на земјиште, пристапот и обновувањето на средствата за егзистенција.

Номагас ја воспостави оваа постапка за поднесување и решавање поплаки за потребите на Проектот, при што ќе се води посебен регистар за поплаки поврзани со планот, со цел да се обезбедат соодветно следење и управување со нив. Механизмот е осмислен за навремено и правично разгледување на прашањата поврзани со надоместот и обновувањето на условите за егзистенција, покренати од засегнатите лица и заедниците домаќини. Механизмот вклучува можност за дополнително постапување и преиспитување, со цел да се обезбеди непристрасно решавање на споровите и не го ограничува правото на подносителите на поплаки да побараат судска заштита.

Поднесување поплака/жалба – Образец за поплаки

Номагас ќе ги прифаќа сите коментари и поплаки поврзани со Проектот и во врска со постапката на одземање на земјиште и раселување, без разлика дали се поднесени усно или во писмена форма. Образецот за поплаки е даден во Анекс А. Лицата кои поднесуваат поплака треба да го пополнат само Дел 1 од образецот. По можност, сите поплаки поврзани со одземањето на земјиште и раселувањето во рамките на овој Проект треба да се доставуваат до Номагас преку податоците за контакт наведени подолу, односно преку назначеното одговорно лице.

Образецот за поплаки, достапен на македонски и англиски јазик, ќе биде достапен на веб страницата на Номагас, во канцелариите на Надзорот и Изведувачот на локацијата на Проектот. Дополнително сите засегнати општини — односно општините Демир Капија, Гевгелија, Неготино и Богданци — ќе добијат однапред отпечатени обрасци кои ќе бидат достапни за јавноста.

Контакт информации за поднесување поплака/жалба

Секое лице засегнато од Проектот или член на заедниците домаќини може да достави коментари и/или поплаки во врска со постапката на одземање на земјиште, пристап и раселување лично, по телефон, по пошта или по електронска пошта, користејќи ги податоците за контакт наведени подолу.

XXXXXNNmae Име и презиме, координатор за одземање на земјиште

Канцеларија на Номагас, адреса Скопје


Или преку телефон: *+389 (0) XXXXXXX*

Или преку е-пошта: XXXXXX

Постапка за поплаки

Целосната Постапка за поплаки ќе биде достапна на веб-страниците на Компанијата (www на англиски јазик и www на македонски јазик), како и во нејзините канцеларии. Постапката ги опфаќа следните чекори поднесување на поплака; евидентирање на поплаката во Регистарот на поплаки; анализа и разгледување на поплаката (разгледување во две фази); спроведување на корективни мерки и затворање на случајот и следење и мониторинг. Постапката за поплаки е сумирана во дијаграмот на тек на постапката прикажан подолу. Номагас е должен да одговори на сите поплаки во согласност со постапките пропишани со националното законодавство. Рокот за одговор на поплаките ќе биде во согласност со националното законодавство што се применува за конкретното прашање на кое се однесува поплаката. Номагас ќе настојува да го потврди приемот на поплаката во рок од 5 работни дена и да достави одговор по спроведувањето на првичниот процес на разгледување во рок од 15 дена од приемот на поплаката. Во секое време, подносителите на поплаки имаат право да побараат правна заштита во согласност со законите и прописите на Република Северна Македонија.

Дијаграм на текот на постапката за поднесување и решавање поплаки


GRIEVANCE PROCESS BEGINS
Step 1 - Grievance Submission
GRIEVANCE PROCESS BEGINS
Step 2 - Grievance Registry Recording
FIRST REVIEW PROCESS
Steps 3 and 4 – Analyze, Review and Respond
14 Days
YES
Does Grievant Accept Resolution?
NO
Step 6: Complaint Closed and Documented
SECOND REVIEW PROCESS
Step 5: Nomagas Recommends Solution
30 Days
YES
Does Grievant Accept Resolution?
NO
YES
Does Grievant Accept Resolution?
Third Party Mediation
No Resolution Report Filed by Nomagas
NO
Grievant Free to Take Other Action (Legal)

9. Аранжмани за спроведување, временска рамка и буџет

9.1 Преглед

Ова поглавје ја опишува рамката за спроведување на планот, вклучувајќи ги улогите и одговорностите на клучните субјекти, индикативниот временски распоред за главните активности и целокупната структура на буџетот. Неговата цел е да обезбеди обврските утврдени во планот - особено оние што се однесуваат на надоместот, обновувањето на условите за егзистенција и мониторингот - да се исполнуваат навремено и координирано. Спроведувањето ќе биде усогласено со временскиот распоред на изградбата и ќе биде во согласност со стандардите на кредиторите и регулаторните барања, со обезбедена флексибилност во случај на промени во проектот или предвидувањата за влијанијата.

9.2 Улоги и одговорности

За спроведувањето на Планот за обновување на условите за егзистенција е потребна тесна координација помеѓу инвеститорот НОМАГАС, кредиторот ЕБОР, националните и локалните власти, Изведувачот и инженерот, како и тимот за мониторинг на кредиторите. Целокупната одговорност за исполнување на обврските утврдени во овој план ја има Инвеститорот на Проектот, со поддршка од ЕБОР и другите засегнати страни. Конкретните улоги и одговорности се следните:

- **Инвеститор на Проектот и Единица за имплементација на проектот (НОМАГАС):** Ги предводи сите мерки од планот во согласност со стандардите на кредиторите, вклучително и објавувањето информации, вклучувањето на засегнатите страни, обновувањето на земјиштето, постапувањето по поплаки и координацијата со Изведувачот.

- **Кредитор (ЕБОР):** Обезбедува стратешки насоки, ја проверува усогласеноста со целите за одржливост, го следи напредокот и врши надзор над надворешниот мониторинг.

- **Национални и локални власти:** Обезбедуваат поддршка во информирањето и дијалогот со засегнатите домаќинства.

- **Изведувачи и инженер:** Се придржуваат до временскиот распоред на изградбата, ги известуваат засегнатите домаќинства навремено за можноста за прибирање на земјоделските култури и производи, управуваат со сообраќајот и пристапот за време на изведувањето на работите и го обновуваат земјиштето и патиштата во нивната првобитна состојба.

- **Тим за планот:** Обезбедува техничка помош на Инвеститорот во однос на планирањето на временскиот распоред, проверката на правата на надомест и документацијата; помага во мониторингот и известувањето до кредиторите и обезбедувањето усогласеност.

9.3 Временска рамка за спроведување

Реализацијата на Планот за обновување на условите за егзистенција ќе биде усогласена со програмата за изградба, со цел да се обезбеди сите мерки поврзани со одземањето на земјиштето да бидат завршени пред започнувањето на какви било ограничувања на пристапот или градежни работи. Активностите ќе започнат со:

- Објавување на планот, проследено со
- Постигнување договори со засегнатите лица во однос на правата на надомест и поддршката поврзана со преместувањето

Исплатата на надоместот и обезбедувањето на потребната помош ќе бидат целосно завршени пред започнувањето на градежните работи на релевантните делови од коридорот. Предавањето на земјиштето и сите мерки за обновување ќе се спроведуваат за време на процесот на одземање на земјиштето и непосредно по неговото завршување. Мониторингот ќе го опфати целиот процес, со редовни интерни проверки и надворешна верификација во клучните фази од спроведувањето. Детализиот временски распоред ќе биде усогласен со планот за изградба и ќе им биде објавен на засегнатите страни откако ќе биде финализиран. Индикативниот временски распоред за спроведување е прикажан во Табела 9.1 подолу.

Tabela 9-1 Индикативен план за спроведување на Планот за обновување на условите за егзистенција

Активност	Јули 2026	Август 2026	Октомври 2026	Септември 2026
Објавување на планот на засегнатите заедници				
Доставување на нацрт-планот до заемодавците и финализирање				
Спроведување на планот паралелно со поставувањето на кабелот				
Следење и надворешна проверка од страна на технички советник на кредиторите				

Белешки:

Фаза на финализирање на планот

Фаза на реализација на планот

Буџет и финансирање

Планот ќе се финансира преку наменски и одвоен буџет обезбеден од Инвеститорот Номагас. Оваа распределба ги опфаќа сите трошоци поврзани со надоместот, активностите за обновување на средствата за егзистенција, управувањето и мониторингот. Во буџетот ќе бидат обезбедени и наменски средства за надворешен мониторинг и евалуација, со цел исполнување на стандардите на кредиторите.

Деталниот буџет по ставки ќе биде финализиран по одобрувањето на планот и ќе биде усогласен со Матрицата на права на надомест и временскиот распоред за изградба. Главните индикативни категории на трошоци опфаќаат надомест за привремено користење на земјиштето; поддршка за санација и обновување на земјиштето; средства и ресурси за обновување на условите за егзистенција; вклучување на засегнатите страни и постапување по поплаки; административни трошоци, вклучително и ангажирање кадар, логистика и известување; мониторинг, вклучително и интерни проверки и доколку е потребно, независни ревизии од трети страни. Индикативниот преглед на буџетот е прикажан во Табела 9.2 подолу.

Табела 9-2 Индикативен буџет за Планот за обновување на условите за егзистенција

Категорија	Индикативен трошок (€) Издвоено и резервирано во буџетот	Забелешки
Надомест за трајно одземање на земјиште и евентуален надомест за загуба на субвенции и Надомест за привремено одземање на земјиште и евентуален надомест за загуба на субвенции	360.000	
Рехабилитација на земјиштето и потенцијално обновување на средствата за егзистенција (во предмер пресметката – B303: санација, длабоко орање и ревитализација на уништени	66.800	Ги опфаќа трошоците за обновување на нарушените пасишта и земјоделското земјиште до состојбата пред изградбата, вклучително и повторно сеење и стабилизација на почвата.

земјоделски површини – 40 % од должината на трасата)	
Ангажирање на засегнатите страни и управување со поплаки	33.000
Административни трошоци	15.000
Мониторинг и надворешни ревизии	300.000
Експропријација и штети настанати од експропријацијата (вклучително и гасоводот Свети Николе–Велес)	813.000
Меѓузбир	Sum
Непредвидени трошоци (10 %)	Пресметано во висина од 10 % од меѓузбирот за покривање на непредвидени трошоци.
Вкупно	**Збир на сите категории, вклучително и непредвидените трошоци.**

9.4 Управување со промени

Планот ќе се третира како динамичен документ и ќе се ажурира по потреба, со цел да ги одразува промените во проектниот дизајн, временскиот распоред или претпоставките во однос на влијанијата. Секоја промена во програмата за изградба што влијае врз пристапот до земјиштето или врз временскиот распоред на работите ќе иницира преиспитување на временскиот распоред за спроведување и на соодветните мерки. Доколку се идентификуваат дополнителни засегнати лица или доколку влијанијата се разликуваат од претходно предвидените, рамката на правата на надомест и помош и одредбите за надомест ќе бидат соодветно ревидирани. Ажурирањата ќе им бидат објавени на засегнатите страни и ќе бидат доставени до кредиторите, со цел да се обезбеди континуирана усогласеност со барањата на кредиторите. Сите промени ќе бидат документирани, одобрени од страна на Инвеститорот на Проектот и вклучени во извештаите за мониторинг.

9.5 Следење, евалуација и завршување

Преглед

Активностите во рамките на планот ќе бидат предмет на периодично следење, евалуација и известување. Целите на следењето и евалуацијата се да се поддржи ефикасното спроведување и постигнувањето на целите на планот. Поконкретно, следењето и евалуацијата ќе овозможат идентификување на евентуални недостатоци или потреби за подобрување и ќе потврдат дека засегнатите групи се во можност да ги обноват или унапредат своите средства за егзистенција до нивото што го имале пред реализацијата на Проектот. Следењето ќе биде партиципативно и ќе ги вклучува засегнатите заедници и релевантните засегнати страни, со што ќе се обезбедат транспарентност и отчетност во текот на целиот процес на реализација.

Интерен мониторинг

Интерниот мониторинг ќе го спроведува проектниот кадар со цел да се процени ефективноста на спроведувањето на планот и степенот на учество во програмите, како и по потреба да се извршат соодветни прилагодувања. Мониторингот ќе се фокусира на континуитетот на пристапот до земјиштето, решавањето на поплаките и степенот на задоволство на засегнатите домаќинства. Мониторингот ќе опфаќа консултации со засегнатите земјоделци и други засегнати страни, следење на напредокот во однос на договорените индикатори и одржување на податоци расчленети според пол. Клучните индикатори за успешност (KPI) кои ќе се следат и за кои ќе се известува се:

Надворешен мониторинг и евалуација (доколку е потребно)

Општи клучни показатели за успешност (применливи за сите програми за обновување на средствата за егзистенција)

- Број на лица засегнати од проектот вклучени во програмите (расчленето според пол, возрасна група и статус на ранливост);
- Стапка на учество на жените и младите (%)
- Стапка на присуство/завршување на програмите (%)
- Стапка на задоволство на лицата засегнати од проектот врз основа на анкети за повратни информации (%%)
- Број на примени поплаки поврзани со програмите на планот за обновување на условите за егзистенција и стапка на нивно решавање (%%);
- Процент на поддржани ранливи лица засегнати од проектот во однос на идентификуваниот број ранливи лица засегнати од проектот.

Специфични клучни индикатори за успешност на програмите

Поддршка за унапредување на земјоделската продуктивност

- Број на обучени лица засегнати од проектот (по активност: земјоделство, сточарство, пчеларство);
- Процент на учесници кои применуваат најмалку една подобрена практика во период од 3–6 месеци;
- Зголемување на приносот или продуктивноста (%), врз основа на податоци доставени од корисниците и проверени преку примерок;
- Број на воспоставени и користени демонстративни парцели
- Процент на лица засегнати од проектот кои по обуката користат субвенции или советодавни услуги;
- Просечна промена на приходите од земјоделство по една производна сезона

Обезбедување семиња и земјоделски репроматеријали

- Број на лица засегнати од проектот кои добиле ваучери (расчленето по релевантни категории);
- Стапка на искористеност на ваучерите (%%)

- Процент на репроматеријалите за кои е потврдено дека се употребени за наменетата цел.
- Површина која е обработена со користење на обезбедените репроматеријали (хектари).
- Процент на лица засегнати од проектот кои пријавиле обновено или подобрено ниво на производство.
- Времетраење помеѓу распределбата и садењето (показател за ефикасност).

Обука за финансиска писменост

- Број на лица засегнати од проектот кои ја завршиле обуката и се стекнале со сертификат
- Резултати од подобрувањето на знаењето пред и по обуката (%%)
- Процент на лица засегнати од проектот кои применуваат практики за буџетирање или водење деловни/сметководствени евиденции;
- Број на лица засегнати од проектот кои отвориле штедни сметки или добиле пристап до формални финансиски услуги.
- Процент на лица засегнати од проектот кои изработиле едноставен финансиски или деловен план;
- Последователна проверка на задржувањето на стекнатите знаења по период од 6–12 месеци

Поддршка за развој на бизнис

- Број на лица засегнати од проектот кои добиле менторска поддршка
- Број на изработени и одобрени деловни планови
- Број на започнати или проширени деловни активности
- Стапка на опстанок на деловните субјекти по 6 и 12 месеци (%%)
- Просечно зголемување на приходите кај лица засегнати од проектот кои учествувале во програмата;
- Процент на поддржани претпријатија предводени од жени.

Приоритетно вработување за време на изградбата

- Број на вработени лица засегнати од проектот (според ниво на стручност и Изведувач);
- Процентуално учество на засегнатите лица од проектот во вкупниот број на вработени.
- Просечно времетраење на вработувањето (денови/месеци)
- Стапка на задржување на работниците во текот на изградбата (%%)
- Процент на лица засегнати од проектот, работници кои преминале на долгорочно вработување;
- Задоволство на работниците и стапка на поплаки

Целна поддршка за ранливи домаќинства

- Број на идентификувани ранливи домаќинства во однос на бројот на поддржани домаќинства;
- Време од идентификувањето до обезбедувањето на поддршката (денови)
- Процент на домаќинства кои добиле пакети за поддршка прилагодени на нивните потреби;
- Подобрување на основните индикатори за условите за егзистенција (стабилност на приходите, индикатор за процена на состојбата со безбедноста на храната);
- Број на успешно реализирани упатувања до социјални услуги
- Стапка на успешно завршување на поддршката (домаќинства на кои повеќе не им е потребна поддршка по интервенцијата).

Напомени за мониторинг и известување

- Сите клучни показатели за успешност ќе се следат на квартално ниво и ќе се сумираат на годишно ниво
- Податоците ќе бидат расчленети според општина (Гевгелија, Богданци, Неготино и Демир Капија);
- Квантитативните индикатори ќе се комбинираат со квалитативни повратни информации (фокус групи и интервјуа);
- Ќе се спроведуваат почетни, среднорочни и завршни проценки за мерење на степенот на обновување на условите за егзистенција во однос на состојбата пред реализацијата на Проектот.

Надворешниот преглед на спроведувањето на планот нема да се реализира како посебна активност, туку ќе биде интегриран во мониторингот на техничкиот советодавен тим на кредиторите. Овој рационализиран пристап овозможува независен надзор без непотребно дуплирање на активностите, имајќи ги предвид ограничените и краткорочни влијанија на Проектот.

Прегледот ќе опфаќа

- Верификација на интерните извештаи за мониторинг и напредокот во исполнувањето на преземените обврски
- Евалуација на успешноста на механизмот за поплаки
- Потврдување на континуираниот пристап на засегнатите домаќинства до земјоделските парцели;
- Идентификување на потребните корективни мерки за исполнување на поставените цели.

Евалуацијата ќе се фокусира на:

- Ефикасноста во одржувањето на земјоделските и други активности на домаќинствата и пристапот до земјоделското земјиште
- Функционирањето на механизмот за поплаки
- Задоволството на засегнатите домаќинства од резултатите од мерките за обновување;

- Извлечените поуки за идните проекти

Наодите ќе бидат вклучени во редовните извештаи за мониторинг на кредиторите и ќе бидат споделени со проектниот тим со цел да се обезбедат информации за потребните прилагодувања и корективни мерки.

Управување со базата на податоци и известување

Проектот ќе одржува безбедна база на податоци во која ќе се евидентираат сите засегнати домаќинства и лица кои ги исполнуваат условите за поддршка за обновување на условите за егзистенција. Базата ќе содржи почетни податоци, утврдени права на надомест и помош, како и резултати од мониторингот. Податоците од интерниот мониторинг ќе се користат за ажурирање на профилите и следење на напредокот.

Приватноста и доверливоста на податоците ќе бидат строго заштитени. Споделувањето на податоците ќе биде ограничено на овластени цели и нема да има јавно објавување на лични или доверливи информации.

Обемот на известувањето ќе биде пропорционален на нивото на влијанијата. Проектниот тим ќе подготвува полугодишни прегледи на напредокот, кои ќе го опфаќаат статусот на спроведувањето, наодите од мониторингот и преземените корективни мерки. Овие информации ќе се вклучуваат во техничките извештаи за мониторинг на кредиторите, со што ќе се избегне подготовка на одделни извештаи за планот.

Адаптивно управување

Наодите од мониторингот и евалуацијата ќе се користат за навремено идентификување на евентуални недостатоци или доцнења и за преземање брзи корективни мерки. Овој пристап овозможува флексибилност и континуирано унапредување на мерките насочени кон постигнување на целите за обновување на условите за егзистенција. Сите промени ќе бидат соодветни на обемот и значењето на влијанијата и ќе бидат евидентирани во извештаите за напредок и ажурирањата доставени до кредиторите.Корективните мерки ќе се координираат со проектниот тим и ќе бидат евидентирани во извештаите за мониторинг на кредиторите.

10. Прилози

Прилог 1

Преглед на засегнатото земјиште по катастарска општина (привремени и трајни влијанија, m² и %)

Прилог 2

Процес на проценка на вредноста на земјиштето и постапка за експропријација

Прилог 3

Прашалник кој што е користен за прибирање на податоци

Прилог 4

Карта на живеалиштата долж трасата на гасоводот

Прилог 5

Попис на земјоделските производи